Година 13, број 50, јуни
**Скопје 2015**

—

Year 13, No 50, June
**Skopje 2015**



# политичка мисла

—

**Балансирање на меѓународните односи:
200 години од Конгресот во Виена**

# political thought

—

**The Balance of Powers:
200 years of the Congress of Vienna**

IDSCS | Institute for Democracy
Societas Civilis - Skopje

Konrad
Adenauer
Stiftung



# Содржина / Contents


**ВОВЕД / INTRODUCTION**

5 ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС – ВОВЕД ВО НОВА ПОЛИТИЧКА ЕРА НА ЕВРОПА
Ненад Марковиќ

13 THE CONGRESS OF VIENNA: INTRODUCING EUROPE'S NEW POLITICAL ERA
Nenad Marković

**АКТУЕЛНО / CURRENT**

21 ГЕОПОЛИТИЧКИ АСПЕКТИ НА ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
Иван Дамјановски

GEOPOLITICAL ASPECTS OF THE ENLARGEMENT OF THE EUROPEAN UNION
Ivan Damjanovski

33 ДИПЛОМАТИЈАТА НА ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС И СОВРЕМЕНИТЕ ГЕОПОЛИТИЧКИ ИНТЕРЕСИ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ
Јорданка Галева

THE DIPLOMACY OF THE CONGRESS VIENNA AND THE MODERN GEOPOLITICAL INTERESTS OF THE GREAT POWERS
Jordanka Galeva

45 РАМНОТЕЖАТА НА СИЛИТЕ И КРИМСКАТА ВОЈНА 1853 – 1856
Иванка Додовска

THE BALANCE OF POWER AND THE CRIMEAN WAR (1853 – 1856)
Ivanka Dodovska

57 ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС: АРХЕОЛОГИЈАТА, НАЦИОНАЛИЗМОТ И ВРЕДНОСТИТЕ НА МОДЕРНИОТ СВЕТ
Љубен Тевдовски

THE CONGRESS OF VIENNA: ARCHAEOLOGY, NATIONALISM AND THE VALUES OF THE MODERN WORLD
Ljuben Tevdovski

63 ИСКУСТВАТА ОД ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС И РАЗВОЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО НЕЗАВИСНА ДРЖАВА
Александар Спасеновски

THE EXPERIENCES FROM THE VIENNA CONGRESS AND THE DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AS AN INDEPENDENT STATE
Aleksandar Spasenovski

73 200 ГОДИНИ ОД КОНГРЕСОТ ВО ВИЕНА: ШВАЈЦАРСКИОТ ПАТ ДО МОДЕРНА ДЕМОКРАТИЈА
Анета Стојановска-Стефанова

200 YEARS OF THE CONGRESS OF VIENNA: SWITZERLAND'S WAY TO MODERN DEMOCRACY
Aneta Stojanovska-Stefanova

79 МАЛИТЕ ДРЖАВИ ВО ГЛОБАЛЕН КОНТЕКСТ
Јане Трпковски

SMALL COUNTRIES IN THE GLOBAL CONTEXT
Jane Trpkovski

**91 ЗА АВТОРИТЕ / ABOUT THE AUTHORS**



# ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС – ВОВЕД ВО НОВА ПОЛИТИЧКА ЕРА НА ЕВРОПА

Изворна научна статија
УДК: 341.7:911.3]94(4:497.7)„19“

—

автор: **Ненад Марковиќ**

Ерата на освојувања на Наполеон Бонапарта во воена смисла завршува со битката на Ватерло, но во политичка смисла, со Виенскиот конгрес. Политичкото наследство на долгиот поход на еден од најголемите освојувачи во Европа било темелно деконструирано за време на „конгресот на сили, доминирани од Метерних (....) кој го поврати меѓународниот поредок во Европа по долготрајните немири предизвикани од Наполеоновите војни“ (Berridge & James 2003, 272). Виенскиот конгрес одржан меѓу ноември 1814 и јуни 1815 година, несомнено „по поразот кој (Наполеон м.з.) го претрпе во 1815 година (...) го врати стариот мултиполарен поредок, составен од пет држави кои меѓусебно се балансирале: Британија, Русија, Франција, Прусија и Австрија (Додовска, во овој број на „Политичка мисла“). Така, Додовска укажува дека „во 1815 година четирите Големи европски сили се состанаа во Виена, со една заедничка цел: да ѝ зададат краен и неотповиклив крај на Наполеоновата хегемонија“ (ибид). Сепак „оваа задача за нив не била ни малку едноставна, но тие цврсто се воделе од потребата да му ја повратат гордоста на династичкото наследство кое беше насилно узурпирано и девалвирано од страна на нелегитимниот француски император“ (ибид).

Суштински, она што се случува на овој конгрес е пресметка со Наполеоновиот систем на владеење при што конгресот ќе има за цел „да обезбеди колективна безбедност на континентот“ (Галева, во овој број на „Политичка мисла“). Ова всушност ќе значи „негирање на принципите афирмирани со Француската

револуција и потиснување на демократските надзирања; потоа заменување на слободата со потчинетост кон властите; заменување на прогресот со почитување на традиционалното; воспоставување легитимни монархии и одржување на европскиот баланс врз основа на територијални промени“ (ибид).

Последиците од Виенскиот конгрес биле далекусежни, а најмногу се однесувале на прекројувањето на територијалните мапи во Европа. Имено, една од најголемите промени се однесува на Германија, каде што „конгресот во Виена вовел одредени територијални промени и изменил дел од границите што Наполеон ги воспоставил; сè на сè, тој сепак ја потврдил ревизијата на германската мапа и аболицијатата на стариот Рајх“ (Grab 2003, 110). На таа линија, конгресот овозможил „редуцирање на 300 предреволуционерни држави на помалку од 40 (...) елиминација на независните градови и експанзија на јужните држави“ (ибид). Ова, секако, е вовед во создавањето систем на национални држави или, поточно, негово забрзување, со оглед на тоа што токму XIX век е најкарактеристичен по појавата и експанзијата на национализмот во Европа. Окрупнувањето на политичките ентитети, како на пример Германија, е предуслов за понатамошно јакнење на централизираниот карактер на државата, без кој националните соништа на многу држави би останале нереализирани.

По рушењето на системот на Наполеон, старата аристократија видела шанса за враќање на политичката сцена во Европа. Но плановите за владеење на старите империјални куќи во Европа биле поматени од неможноста за воспоставување нови, а јасни граници. Како што вели Граб (Grab 2003, 84):

> „Најголем дел од припадниците на клерот сакале да се врати стариот режим под Хабзбурговците, надевајќи се на враќање на своите привилегии. Клерот бараше од сојузниците да им дозволи на Хабзбурговците да се вратат, но Метерних јасно ги искажа австриските аспирации во тој регион. Британија ја поддржа идејата за обединување на Белгија и Холандија со цел да се создаде бафер-држава на северната граница на Франција со цел да се спречи француската експанзија. Вилијам Први од Холандија го посакуваше ова обединување, како и белгиските занаетчиски и трговски класи, кои се плашеа пак од враќањето на стариот режим. Првиот мир од Париз (мај 1814) ја стави Белгија под контрола на Холандија. Победата на сојузниците кај Ватерло ја осигура оваа зделка, која конгресот во Виена само ја потврди“.

Ваквото прекројување на картата на Европа може да се смета и како прва придобивка од Виенскиот конгрес, а ако се погледне потемелно, јасно е дека тој помогнал грубо да се дефинираат европските граници онакви какви што ги знаеме денес. Дополнително, Виенскиот конгрес само додава на инерцијата на Вестфалскиот мир од 1648, правејќи пат за модерните политички ентитети – националните држави. По Виенскиот конгрес, националната држава сè повеќе станува симбол што „ги претставува јавната, извршната и судската власт, кои го практикуваат законодавството, заради обезбедување општествена стабилност, согласно јавното мнение на граѓаните, а преку принципот на суверенитет,

автономија и јурисдикција“ (Трпковски, во овој број на „Политичка мисла“). Ова доведува до развој и јакнење на централизираниот бирократски систем на новонастанатите држави, а XIX век ќе биде и лулка на зајакнувањето на државниот апарат низ кој ќе биде препознаван внатрешниот суверенитет на државите во наредните два века. Ова значи дека „јавните институции (нпр. законодавната, извршната и судската власт), обврзуваат на одреден начин на дејствување, преку правила (нпр. закони, судски одлуки, административни прописи и извршни одредби), за чие непочитување следат негативни санкции (нпр. субвенции, даноци, казни и затвор)“ (ибид), а „задолжителен критериум за стабилност е кохезивното функционирање на институциите (на локално и на централно ниво)“ (ибид). Виенскиот конгрес ќе биде увертира на ваквите контури на државата и преку своите одлуки ќе најави нова ера во односите на Европа и светот, базирана на дотогаш невидени механизми.

## ДИПЛОМАТИЈАТА И ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС

Еден од таквите механизми кои ќе се воспостават по Виенскиот конгрес, а воедно е втора негова придобивка, покрај исцртувањето на контурите на националните држави, е и појавата на современата дипломатија. Потребата не изненадува, со оглед на комплицираната геополитичка слика во Европа и измешаните аспирации на победничките сили. Така, „од одлуките на Виенскиот конгрес гледаме дека покрај забраната за стапување на лозата на Наполеон на кој било европски престол и од возобновувањето на староевропските династички куќи, најважната одлука која произлегла од таму е, секако, воспоставувањето на концертната дипломатија која во теоријата ни е позната и како тајна дипломатија“ (Додовска, во овој број на „Политичка мисла“). Дипломатијата како специфичен начин на комуникација, соработка и решавање конфликти меѓу државите, добива на значење по Вестфалскиот мир, но Виенскиот конгрес помага таа да се издигне на повисоко ниво. Најважните точки коишто конгресот ги менува во дипломатското работење, според Хол, се (Jőnsson & Hall 2005, 57-65):

> Конгресот во Виена во 1815 носи конвенција со која воспоставува хиерархија меѓу дипломатските претставници, раководејќи се од датумот на кој ги предале своите акредитиви, сосем независно од хиерархијата на нивните претпоставени. Затоа, амбасадорите кои се најдолго на своите позиции се сметаат за *доајени,* или *декани*. Како гласноговорник на дипломатскиот кор, доајенот има одредени права и одредено влијание;

Генерално, било прифатено дека само големите сили може да разменуваат амбасадори, додека примените или испратени претставници на помалите сили имале ранг на министер;

Конгресот во Виена од 1815 и Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 прифаќаат сличен систем на класификација на дипломатите, правејќи

разлика меѓу амбасадори, министри и chargés d'affaires како предводници на одредени дипломатски мисии.

Ваквата дипломатска структура, воспоставена од Виенскиот конгрес, опстојува и денес. Воведувањето тајна дипломатија, хиерархија во рамките на амбасадорскиот кор, како и хиерархија меѓу дипломатиите на различни држави, и секако, разликувањето различни дипломатски нивоа овозможило полесна комуникација меѓу државите на тогашниот меѓународен поредок, но и полесно решавање и надминување на политичките кризи кои по Виенскиот конгрес не недостасувале. Во оваа смисла, не само територијалните прашања, туку и општо, прашањата за поделба на сферите на влијание во Европа генерирале понатамошни политички предизвици, кои токму преку овој систем на дипломатија биле адресирани со променлив успех.

## НОВА АРХЕОЛОГИЈА

Движењето кон формирање национални држави и генералниот развој на националните идеи во Европа за време и по Виенскиот конгрес, довело до нов амбиент во тогашниот свет. Ова оставило последици не само во политичките односи, туку и во цели научни гранки кои биле тесно поврзани со политичкото битие на тогашните политички ентитети, особено оние кои излегле како победници над Наполеон и биле главни актери на Виенскиот конгрес. Една од тие научни гранки која од една страна се граничи со историјата, а од друга страна е тесно поврзана со политичкото е и археологијата, која се чини од корен ја променила својата парадигма на постоење и функционирање. Така „денес, кога поврзаноста на археологијата со развојот на национализмот е тема на повеќе современи студии, се чини дека е повеќе од интересно да се лоцира овој ран однос и заеднички почетоци на научното и културното, токму во традициите на Виенскиот конгрес, како клучна точка на современите меѓународни односи (Тевдовски, во овој број на „Политичка мисла"). Ова најмногу од причина што „токму во рамките на идеите на мултилатерализмот и „балансот на силите" во периодот на Виенскиот конгрес се случува првата голема мултилатерална репатријација на археолошкото и културното наследство во модерна Европа" (ибид), т.е. „по падот на Наполеоновата империја, на иницијатива на повеќе европски дипломати и вљубеници во археологијата, значајни археолошки богатства, пред сè од Рим, вклучувајќи ги и дел од најпопуларните антички скулптури, како Аполон Белведерски и Лаокон и синовите, со помош на сојузничките војски ќе бидат одземени од Лувр во Париз и вратени во своите 'оригинални' колекции или на своите претходни сопственици" (ибид).

Ваквото придвижување кон национални археологии и декомпресија на моќта на една од најмоќните научни дисциплини дотогаш одело на штета на Франција како дотогашна унифицирачка сила на европската археологија. Имено, „одлуката дека Центарот на универзалната империја, Париз, или кој било европски центар нема право на универзалното културно наследство

на цивилизацијата, претставува клучно идејно преориентирање кое долгорочно, иако ќе се обидува да го запре галопот на идеите на француската револуција, ќе ги поттикнува и ќе ги развие ширум Европа“ (ибид). Во духот на постнаполеонизмот и националното освестување „на Виенскиот конгрес, долго доминантната Франција, како и идејата за универзална империја на просветленоста, слободата, знаењето и културата, биле поразени од идејно, политички и културно различниот сојуз на големи држави, кој ја легитимира својата победа создавајќи нов мултиполарен систем на меѓународни односи, кој ќе биде наречен „Концертот на Европа“ (ибид).

Оваа мултиполарност, дури и во археолошка смисла, ќе ја разбие културната и политичка монолитност на Франција под Наполеон и ќе го разбуди интересот на големите сили за сопствени археолошки предизвици. Враќањето на богатството на одредени цивилизации од музеите во Франција, на локациите на кои се пронајдени или ископани, само ќе придонесе кон ново разбирање на археолошката наука, кај која за првпат се јавуваат аспирациите за национална контекстуализација на националното археолошко богатство.

## МАКЕДОНСКИОТ КОНТЕКСТ И НЕДОСТАТОЦИТЕ НА КОНГРЕСОТ

Темелното менување на геополитичката мапа на Европа не можело да не остави последици на Балканскиот Полуостров. Зоните на влијание на големите сили не го одминале ниту Балканот, особено поради неговата транзитна поставеност кон другите континенти, но и поради слабеењето на Отоманската империја и нејзината веќе видлива опаѓачка улога во Европа. Во оваа смисла, големите сили ја препознале геостратешката важност на Балканот, покажувајќи отворени аспирации, чиј предвесник е желбата на Британија (и нејзиното остварување на Виенскиот конгрес) да држи под контрола острови во Јонското Море, како важна трговска и воена рута. Во оваа смисла, интересот за Балканот е несомнено присутен, па може да се рече дека (Додовска, во овој број на „Политичка мисла):

> „Она што било карактеристично за европските велесили во текот на целиот XIX век – зачувувањето на начелата воспоставени на Виенскиот конгрес и брзиот развој на индустријализацијата, ја условило потребата од освојување нови територијални пространства и довело до забрзано империјално проширување на африканскиот и на азискиот континент. Од тие причини, геостратешката поврзаност на Балканот со Африка и со Азија неминовно го привлекла интересот на Западна Европа. Во текот на целиот XIX век, тој имал видно влијание и врз односите со Османската империја, а се одразил и врз развојот на националните движења на Балканскиот Полуостров. Во самиот процес на опаѓањето на Османската империја и во развојот на националните стремежи на балканските народи во текот на нивната револуционерна борба за формирање сопствени национални држави, европските дворови ја гледале својата геостратешка полза од создавањето сопствени сфери на интереси на Балканскиот Полуостров“.

Забрзувањето на колонијалната ера по Виенскиот конгрес и интензивирањето на политичките процеси во Европа се рефлектирало и на Балканот, каде што полека почнуваат да се будат националните движења, од грчкото, преку бугарското и српското, а почнуваат да се надзираат контурите и на македонското прашање (особено по воспоставувањето на грчката независна држава и возобновувањето на бугарската егзархија). Целиот XIX век ќе биде исполнет со буни и востанија против Османлиското царство, при што секое национално движење ќе бара свои сојузници во големите сили, кои не биле без свој интерес на Балканот.

Во оваа смисла, Виенскиот конгрес нема да ѝ донесе ништо посебно на Македонија, која сè уште ќе биде далеку од каква било консолидирана национална идеја. Но ако од денешна перспектива, а тоа е перспективата на независна и самостојна македонска држава, се погледне кон принципите на Виенскиот конгрес, може да се заклучи дека „двестотини години подоцна, во светлината на новите меѓународни договори што се склучуваа на Балканот во последната деценија (...), можеме да ги употребиме истите „про и контра“ аргументи кои се однесуваат на Виенскиот конгрес“ (Спасеновски, во овој број на „Политичка мисла“). Така „за секој од посочените договори со кој се осигурува мирот меѓу поранешните држави-членки на Југословенската Федерација, одговараат критиките дека со нив се легализираат постоечките состојби и дека акцентот бил ставен на спречување на воените судири наспроти идеите за правдата и правичноста“ (ибид). И Виенскиот договор и современите политички договори на Балканот, сепак, не се без свои слабости, со оглед на тоа што и Виенскиот конгрес, но и Дејтонскиот договор, Охридскиот рамковен договор или Кумановскиот договор, имаа(т) повеќе за цел да спречат и да амортизираат одредени конфликти, отколку што имаат амбиција да постават одредени политички парадигми кои би биле применливи и во други ситуации, пред сè поради политичкиот контекст и условите во кои се донесени.

Така, и западните историчари на конгресот во Виена гледаат не само како на несовршен, туку често и како на настан кој произвел одредени заблуди кај тогашната политичка елита. Главната критика може да се упати кон „верувањето дека меѓународната стабилност може да се постигне преку деполитизација на меѓудржавните односи преку правна рамка“ (Koskenniemi & Stråt 2014, 14), а следните стотина години од политичката историја ќе покажат дека „политиката и правото се вкрстени наместо одвоени категории“ (ибид). Слепото верување во правна регулација на меѓународните односи на начин на кој ќе се занемарат изворните политички интереси на одредени сили ќе се покаже како голема заблуда, со последици кои во наредните век и половина ќе доведат до редица нови конфликти и договори.

Така, може да се заклучи дека конгресот во Виена бил свикан „да создаде стабилност, но од него се изродила фрагилност“ (ибид) најмногу поради вклештеноста на политичката клима во Европа во Виенскиот конгрес која се

нашла помеѓу револуционерниот дух и конзервативниот реакционерен дух којшто доживеал свое воскресение на конгресот.

* * *

Виенскиот конгрес претставува пресвртница во европскиот политички простор. Поразот на Наполеон и враќањето на големите сили во процесот на прекројување на европската мапа, претставува само почеток на процесите што произлегле од конгресот. Конгресот оставил свои траги и во дипломатската сфера, каде што покрај воведувањето на тајната дипломатија, за првпат воведува појасна структура на дипломатскиот кор базиран на сениоритет, но и на реалната политичка сила на државите, а се воспоставува и систематизација на дипломатските позиции, особено на врвните. Од друга страна, конгресот ја отвора вратата за разбивање на концептот на универзална археологија и ја контекстуализира неа (како наука блиска до политичкото битие на секој народ) како национално обоена и предмет на локални аспирации и напори за откривање, но и репатријација на сопственото археолошко богатство, пред сè од Париз како дотогашен универзален центар на археологијата.

Дополнително, конгресот во Виена широко ги отвора вратите на националните движења во Европа, со што се отвораат нови аспирации, кои не го одминале ниту Балканот. Депрецијацијата на моќта на Османлиската империја ги отворила апетитите на големите сили да вршат влијание во овој дел на Европа, но ги разбудило и националните аспирации на балканските народи. Сепак, самиот конгрес, колку и да се движел во насока на решавање на одредени проблеми на европскиот политички простор, толку отворил и нови проблеми, пред сè поради слепата верба во меѓународното право, но и поларизацијата меѓу револуционерните и реакционерните сили во Европа, кои во наредните век и половина уште многупати ќе го преотворат националното, но и класното прашање.

**Библиографија**


Berridge, G.R. & James, Alan (2003). *A Dictionary of Diplomacy (Second Edition).* New York: Palgrave Macmillan.

Grab, Alexander (2003). *Napoleon and the Transformation of Europe.* New York: Palgrave Macmillan.

Jőnsson, Christer & Hall, Alexander (2005). *Essence of Diplomacy.* New York: Palgrave Macmillan.

Koskenniemi, Martti & Stråt, Bo. Creating Community and Ordering the World: the European Shadow of the Past and Future of the Present. in Koskenniemi, Martti & Stråt, Bo (eds.) (2014). *Europe 1815-1914: Creating Community and Ordering the World*. Helsinki: University of Helsinki.

Галева, Јорданка (2015). *Дипломатијата на Виенскиот конгрес и современите геополитички интереси на големите сили.* Политичка мисла бр. 50, Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ & Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Додовска, Иванка (2015). *Рамнотежата на силите и Кримската војна од 1853 – 1856 – или како геостратешките интереси на Франција и Англија го условија виенскиот поредок.* Политичка мисла бр. 50, Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ & Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Спасеновски, Александар (2015). *Искуствата од Виенскиот конгрес и развојот на Република Македонија како независна држава.* Политичка мисла бр. 50, Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ & Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Тевдовски, Љубен (2015). *Виенскиот Конгрес: археологијата, национализмот и вредностите на модерниот свет.* Политичка мисла бр. 50, Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ & Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Трпковски, Јане (2015). *Малите држави во глобален контекст*. Политичка мисла бр. 50, Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ & Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

# THE CONGRESS OF VIENNA – AN INTRODUCTION INTO EUROPE'S NEW POLITICAL ERA

author: **Nenad Marković**

Napoleon Bonaparte's era of conquests in a military sense ended with the Battle of Waterloo, but in a political sense with the Congress of Vienna. The political heritage of the long-lasting military campaign of one of the greatest conquerors in Europe was fundamentally deconstructed during the "congress of the powers, dominated by Metternich (....) which restored the international order in Europe following the protracted convulsions of the Napoleonic wars" (Berridge & James 2003, 272). The Congress of Vienna that took place between November 1814 and June 1815, had undoubtedly restored "after the defeat (Napoleon) suffered in 1815 (...) the old multipolar order, comprised of five states in mutual balance: Britain, Russia, France, Prussia, and Austria" (Dodovska, in the current edition of *Political Thought*). Thus Dodovska highlights that "in 1815 the four Great European Powers had met in Vienna, with a common goal: to put a final and irreversible end to Napoleon's hegemony" (Ibid.). However, "this task was not simple for the powers, although they were firmly guided by the need to restore the honour of the dynastic heritage which was forcefully usurped and devalued by the illegitimate French emperor" (ibid.).

In essence, what happened at this congress was settling the score with the Napoleonic system of rule, where the goal of the Congress was "to secure the collective safety on the continent" (Galeva, in the current edition of *Political Thought*). This would actually imply "denying the principles affirmed with the French Revolution and suppressing the democratic supervisions; then replacing freedom with subordination to the governments; replacing progress with subordination to the traditional; establishing legitimate monarchies and maintaining the European ballance on the grounds of territorial changes" (ibid.).

The consequences of the Congress of Vienna were far-reaching and referred mostly to the retailoring of the territorial maps in Europe. Namely, one of the major changes was related to Germany where "the Congress of Vienna introduced certain territorial changes and altered some of the borders which Napoleon had set; all in all, it mainly confirmed the revision of the German map and the abolition of the old Reich" (Grab 2003, 110). In this regard, the congress enabled "the reduction of 300 pre-revolutionary states to less than 40 (...), elimination of the independent cities, and expansion of the southern states" (ibid.). This, of course, is an introduction to the creation of the system of national states, or better said, its acceleration, considering the fact that the very 19th century is marked by the emergence and expansion of nationalism in Europe. The enlargement of the political entities such as Germany is a precondition for the further strenghtening of the centralized character of the state, without which the national dreams of many states would have remained unfulfilled.

After the collapse of the Napoleonic system, the old aristocracy saw an oportunity to regain the political stage of Europe. However, the plans for restoring the rule of the old imperialistic houses in Europe were shuttered by the inability to establish new and clear-cut borders in Europe:

> Most nobles and clergy favored the return of the Old Regime under the Habsburgs, hoping to restore their priviledges. They asked the Allies to let the Habsburgs return, but Metternich had already ceded Austrian claims to that region. Britain supported the idea of uniting Belgium with Holland to create a strong buffer state on the northern border of France to prevent French expansion. William I of Holand desired this unity, as did Belgian professioanls and commercial classes, who feared the possibility of the reestablishment of the Old Regime. The First Peace of Paris (May 1814) placed Belgium under the control of Holland. The Allied victory at Waterloo secured the new arrengement, which the Congress of Vienna approved. (Grab 2003, 84)

Such retailoring of Europe's map can be considered the first contribution of the Congress of Vienna, and if we take a thorough look, it is clear that it helped in roughly defining the European borders as we know them today. In addition, the Congress of Vienna simply added to the inertia of the Peace of Westphalia from 1648, making way for the modern political entities – the national states. After the Congress of Vienna, the national state increasingly becomes a symbol "that represents the public, executive and judicial powers, which enforce the legislation in order to secure social stability, autonomy and jurisdiction" (Trpkovski, in the current edition of *Political Thought*). This enabled the development and strengthening of the centralized bureaucratic system of the newly created states; thus the 19$^{th}$ century became the cradle for strengthening the state apparatus through which, in the centuries to come, the inner sovereignty of the states will be acknowledged. This implies that the "public institutions (e.g. legislative, executive and judicial powers) impose a certain manner of action through provisions (e.g. laws, court decisions, administrative regulations and executive decisions) which, in case of non-

compliance, introduce sanctions (e.g. subsidies, taxes, fines and imprisonment)" (ibid.), while "a compulsory criterion for stability is a cohesive functioning of the institutions (at a local and central level)" (ibid.). The Congress of Vienna will represent an overture to such contours of the state and with its provisions will announce the new era of relations in Europe and the world, based on – until then – unseen mechanisms.

## Diplomacy and the Congress of Vienna

One such mechanism established after the Congress of Vienna, and at the same time its second contribution following the outlining of the contours of the national states, is the emergence of the contemporary diplomacy. The necessity is not surprising, considering the complicated geo-political landscape in Europe and the mixed aspirations of the victors. Thus "from the decisions made at the Congress of Vienna we can see that, besides the prohibition for Napoleon's lineage to come to power in any of the European capitals as well as for the restoration of the old European dynasties, the most important decision that resulted from this event is, of course, the establishing of the concert diplomacy, which is known in theory as secret diplomacy" (Dodovska, in the current edition of *Political Thought*). Diplomacy as a specific way of communication, cooperation and conflict resolution between states gains importance after the Peace of Westphalia, although the Congress of Vienna gives it an even higher status. The most important points that the Congress modifies in the diplomatic work, according to Hall, are the following (Jőnsson & Hall 2005, 57-65):

> The Congress of Vienna in 1815 drew up a convention establishing precedence among diplomatic envoys according to the date they have presented their credentials, disregarding precedence among their principals altogether. Thus, the ambassador who has served longest at a post is considered *doyen* or *dean.* As spokesperson of the diplomatic corps the *doyen* has certain rights and duties as well as an amount of influence.

It was still generally accepted that only great powers could exchange ambassadors, whereas the diplomatic representatives sent or received by smaller powers – or "powers with limited interests", as they were euphemistically called – should have the rank of minister.

The 1815 Congress of Vienna and the 1961 Vienna Convention on Diplomatic Relations adopted similar classifications of diplomatic agents, distinguishing between ambassadors, ministers, and chargés d'affaires as heads of mission.

This diplomatic structure established by the Congress of Vienna has survived until today. The introduction of secret diplomacy, the hierarchy within the frames of the ambassadors corps, as well as the hierarchy betewen the diplomats from different states and, of course, the distinction between different diplomatic ranks, enabled better communication among the states of the international order of the time, but

also alleviated solving and overcoming political crises, which were not in scarcity after the Congress of Vienna. In this direction, not only the territorial issues, but also the general issues related to division of spheres of influence in Europe generated further political challenges which, through this very system of diplomacy, were addressed with uncertain success.

**NEW ARCHAEOLOGY**

The movement towards establishing national states and the overall development of the national ideas in Europe during and after the Congress of Vienna brought forth new ambience in the world of the time. This had its consequences not only for the political relations, but also affected a series of scientific branches closely related to the political existence of the political entities of the time, particularly those which emerged as winners over Napoleon and were the main stakeholders at the Congress of Vienna. One of these scientific branches which overlaps with history on one hand, and is closely related to politics on the other, is archaeology which seems to have fundamentally changed its paradigm of existence and functioning. Thus "today, when the relation between archaeology and the development of nationalism is the subject matter of several contemporary studies, it seems more than interesting to pinpoint this early relation and the common emergence of the scientific and cultural, in the very traditions of the Congress of Vienna, as a keypoint of the contemporary international relations" (Tevdovski, in the current edition of *Political Thought*). This is mostly due to the fact that "within the very frames of the ideas of mutlilateralism and "ballance of powers", the period of the Congress of Vienna marks the first great multilateral repatriation of the archaeological and cultural heritage in modern Europe" (ibid.), i.e. "after the fall of Napoleon's Empire, upon the initiative of several European diplomats and archaeology lovers, significant archaeological treasures, primarily of Roman background, including fragments of the most popular ancient sculptures such as "Apollo Belvedere" and "*Laocoön* and his Sons", with the help of the Alliance army were seized from the Louvre in Paris and returned to their "original" collections or their previous owners" (ibid.).

Such inclination towards national archaeologies and decompression of the power of one of the most powerful scientific disciplines until then was at the expense of France as the leading unifying power of the European archaeology of the time. Namely, "the decision that the Centre of the Universal Empire, Paris, or any other European center, has no exclusive right to universal cultural heritage of the civilisation as a whole, represents a key ideological reorientation that, in the long run, would actually stir and spread the ideas of the French revolution across Europe, although it would attempt to restrain their gallop" (ibid.). In the spirit of post-Napoleonism and the national awakening "of the Congress of Vienna, the long-term dominance of France, as well as the idea of the universal empire of the enlightment, freedom, knowledge, and culture, were defeated by the ideologically, politically, and culturally different alliance of great states, which legitimized its victory by creating a new mutlipolar system of international relations, which would be known as the

"Concept of Europe"" (ibid.). This multipolar ambience, even in the archaeological sense, will break apart the cultural and political monolithic nature of France under Napoleon's rule, and will awaken the interest of the great powers for their own archaeological challenges. The repatriation of certain civilisational treasures from the museums in France to the locations where they were excavated or found, will only contribute towards a new understanding of the archaeological science which, for the first time, shows aspirations for a national contextualisation of the national archaeological wealth.

## THE MACEDONIAN CONTEXT AND THE DISADVANTAGES OF THE CONGRESS

The fundamental alteration of the geopolitical map of Europe could not but have consequences for the Balkan Peninsula, too. The influence zones of the Great Powers did not leave the Balkans out, particularly due to its transiting position towards other continents, but also due to the weakening of the Ottoman Empire and its already anticipated fading role in Europe. In this sense, the Great Powers recognised the geostrategic importance of the Balkans, showing unconcealed aspirations, whose precoursor was Britain's wish (and its fulfillment at the Congress of Vienna) to keep under its control the islands in the Ionian Sea as a very important trading and military route. In this light, the interest in the Balkans was undoubtedly present:

> What was typical of the European Great Powers during the 19th century – the preservation of the principles established at the Congress of Vienna and the rapid development of industrialisation, conditioned the need for conquering new territories, which resulted in accelerated imperialistic enlargement in Africa and Asia. The geostrategic connection between the Balkans and Africa and Asia had drawn Western Europe's interest in the region. Throughout the 19th century it influenced the relations with the Ottoman Empire and affected the development of the national movements on the Balkan Peninsula. During the decline of the Ottoman Empire and the development of the national aspirations of the Balkan peoples through their revolutionary fight to establish their own national states, the European courts followed their own geostrategic pursuits by creating their own spheres of interests on the Balkan Peninsula. (Dodovska, in the current edition of *Political Thought*)

The acceleration of the colonial era after the Congress of Vienna and the intensifying of the political processes in Europe had its influence on the Balkans as well, where the national movements were slowly on the rise, starting with Greece, then Bulgaria and Serbia; even the contours of the Macedonian issue were outlined (particularly after the establishing of the independent Greek state and the restoration of the Bulgarian Exarchate). This will mark the 19th century as a period of riots and uprisings against the Ottoman Empire, where each national movement will seek allies among the Great Powers, which had their own interest in the Balkans.

In this regard, Macedonia did not gain anything in particular from the Congress of Vienna, still being far from any consolidated national idea. However, looking back at the principles of the Congress of Vienna, from the perspective of today's independent Macedonian state, we can come to the conclusion that "after two hundred years, in the light of the new international agreements made in the Balkans in the previous decade (...) we can still use the same "pros and cons" that referred to the Congress of Vienna" (Spasenovski, in the current edition of *Political Thought*). Thus "for each of the agreements that secured the peace among the former member-states of the Yugoslav Federation, there is a corresponding criticism that they legalize the existing conditions and that the accent was put on the prevention of military conflicts against the ideas of justice and righteousness" (ibid.). Both the Vienna Agreement and the contemporary political agreements in the Balkans are not without any weaknesses, considering the fact that the Congress of Vienna, but also the Dayton Agreement, the Ohrid Framework Agreement, or the Kumanovo Agreement, aim(ed) towards conflict prevention and alleviation rather than setting certain political paradigms that would be applicable in other situations as well, primarily due to the political context and the circumstances that conditioned them.

In this way, the western historians see the Congress of Vienna not only as imperfect, but also as an event that caused certain delusions among the political elites of the time. The main criticism can be directed towards the belief in "the utopian aim (for) stability and the creation of domestic social as well as international military peace through a lasting legal framework of politics", while the hundred years of political history that followed demonstrated that the "politics and law are interrelated, not separate categories" (Koskenniemi & Stråt 2014, 14). The blind belief in the legal regulation of the international relations in a manner that disregards the basic political interests of certain powers turned out to be a great misconception, with consequences that gave rise to a series of new conflicts and agreements in the one and a half century that followed.

In conclusion, the Congress of Vienna was convened "to secure stability, but instead gave birth to fragility" (ibid.), mostly due to the heated political climate in Europeat at the time; Europe found itself divided between the revolutionary spirit and the conservative reactionary spirit that was revived at the Congress.

* * *

The Congress of Vienna represents a turning point in the European political ambience. The defeat of Napoleon and the return of the Great Powers in the process of retailoring the map of Europe was just the initial stage in the processes that derived from it. The Congress left its mark on the diplomatic sphere as well. Besides the introduction of the secret diplomacy, for the first time a clearer structure of the diplomatic corps was established following the seniority rule. The real political power of the states was introduced, as well as the systematization of the diplomatic positions, particularly the higher ones. On the other hand, the Congress opened the

door towards breaking the concept of universal archaeology by contextualizing it as a science close to the political existence of each nation, as nationally coloured and as a subject to local aspirations and efforts in discovering. but also repatriating their own archaeological heritage, primarily from Paris as the universal centre of the archaeology of the time. In addition, the Congress of Vienna opened wide the doors of the national movements in Europe, which initiated new aspirations that affected the Balkans as well. The declining power of the Ottoman Empire increased the apetite of the Great Powers to influence this part of Europe, but it also awakened the national aspirations of the Balkan people. Nevertheless, the Congress itself, regardless of its inclination towards providing solutions for certain problems in the European ambience, initiated new problems as well. This was primarily due to the blind belief in the international law and the polarization between the revolutionary and reactionary powers in Europe which reopened the national and class issues many times a century and a half later.

**References:**

Berridge, G.R. & James, Alan (2003). *A Dictionary of Diplomacy* (Second Edition). New York: Palgrave Macmillan.

Dodovska, Ivanka (2015). “The Balance of Powers and the Crimean War from 1853-1856 – Or How the Geostrategic Interests of France and England Conditions the Vienna Order”. *Political Thought* No.50, Skopje: Konrad Adenauer Foundation & Societas Civilis Institute for Democracy – Skopje.

Galeva, Jordanka (2015). “The Diplomacy of the Congress of Vienna and the Contemporary Geopolitical Interests of the Great Powers.” *Political Thought* No.50, Skopje: Konrad Adenauer Foundation & Societas Civilis Institute for Democracy – Skopje.

Grab, Alexander (2003). *Napoleon and the Transformation of Europe.* New York: Palgrave Macmillan.

Jőnsson, Christer & Hall, Alexander (2005). *Essence of Diplomacy.* New York: Palgrave Macmillan.

Koskenniemi, Martti & Stråt, Bo. “Creating Community and Ordering the World: The European Shadow of the Past and Future of the Present”. In Koskenniemi, Martti &Stråt, Bo (eds.) (2014). *Europe 1815-1914: Creating Community and Ordering the World*. Helsinki: University of Helsinki.

Spasenovski, Aleksandar (2015). “The Experience from the Congress of Vienna and the Development of the Republic of Macedonia as an Independent State”. *Political Thought* No.50, Skopje: Konrad Adenauer Foundation & Societas Civilis Institute for Democracy – Skopje.

Tevdovski, Ljuben (2015). “The Congress of Vienna: Archeology, Nationalism and the Values of the Modern World” . *Political Thought* No.50, Skopje: Konrad Adenauer Foundation & Societas Civilis Institute for Democracy – Skopje.

Trpkovski, Jane (2015). “The Small States in the Global Contex”t. *Political Thought* No.50, Skopje: Konrad Adenauer Foundation & Societas Civilis Institute for Democracy – Skopje.



# ГЕОПОЛИТИЧКИ АСПЕКТИ НА ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Изворна научна статија
УДК: 341.171.071.51(4-672ЕЈ):911.3

—

автор: **Иван Дамјановски**

Една од клучните димензии на теоретската дебата околу проширувањето на Европската Унија (ЕУ) се сосредоточува врз факторите кои имаат пресудно влијание врз одлуката таа да се прошири со нови членки. Следствено, одговорите на прашањето зошто државите-членки одлучуваат да го поддржат процесот на проширување на Европската Унија генерираат варијација на теоретски концептуализации кои, пред сè, се фокусираат на апликација на рационалистички и конструктивистички интерпретации на процесите за формација на преференци на носителите на одлуки. Од друга страна, и покрај очигледните суштински импликации, геополитичкиот апсект на процесот е многу малку експлоатиран во академската литература.

Оттука, преку соодветна критика на рационалистичките (материјални) премиси околу формацијата на преференци и базичните причини што ја детерминираат одлуката за започнување и комплетирање на процесот на проширување, овој труд дава поглед врз геополитичката димензија на проширувањето на ЕУ и нејзината применливост во објаснувањето на динамиката на овој процес. Следствено, преку анализа на три специфични процеси на проширување, т.е. проширувањето со Грција, источното проширување и проширувањето со земјите од Југоисточна Европа, овој труд ја аргументира валидноста на геополитичкиот пристап во објаснувањето на причините за одлуката за проширување.

## ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА

Теоретскиот дискурс околу причините за проширувањето на ЕУ ја рефлектира поширокaта дебата помеѓу рационалистичките и конструктивистичките премиси во меѓународните односи. Рационалистичките концепции кои првенствено се вградени во теоријата за либерална меѓувладина соработка, тргнуваат од претпоставката дека одлучувањето во Европската Унија се заснова на рационален избор на носителите на одлуки кој е детерминиран од задоволување на сопствениот (пред сè материјален) интерес.[1] Процесот на формирање преференци кај државите-членки и државите-кандидатки се одвива во рамките на игра на две нивоа[2], при што преференците на државите околу поддршката на процесот за проширување првенствено се определуваат врз основа на притисоците и интересите на домашните економски елити и секторските групи на интерес. Притоа, поведението на државните чинители се ефектуира преку калкулација на индивидуалните трошоци и придобивки, што е примарната движечка сила и во фазата на меѓудржавно пазарење и, воедно, одговор на рационалистичката теорија на клучното прашање зошто Европската Унија одлучува да се прошири.[3] Во овој контекст, основната претпоставка е дека врз основа на релативната моќ на државите во преговарачкиот процес, политиката на проширување ќе резултира со позитивен исход сè додека трошоците од овој процес (кои првенствено се засноваат на економски калкулации) значително не ги надминат придобивките на секоја засегната држава. Во овој случај тие би го блокирале процесот сè додека не добијат соодветни компензации од останатите страни во преговарачкиот процес.

Додека ваквото гледиште на процесите на одлучување во ЕУ се наметнува како соодветна објаснувачка алатка во образложувањето на голем број политики, кога станува збор за политиката на проширување се чини дека тоа има ограничена валидност, особено кога станува збор за проширувања со земји кои биле во процес на демократска транзиција и консолидација. Претходни истражувања на источното проширување укажуваат на тоа дека додека рационалистичките премиси се валидни за објаснување на поведението и одлуката на државите-членки за склучување на договорите за трговија и соработка и договорите во рамките на претпристапната фаза, тие не можат да ги објаснат последователните одлуки за надминување на асоцијативниот статус и започнување процес на проширување во Копенхаген 1993 год. и започнување на преговорите за членство.[4] Доколку се следи економската

---

[1] Moravcsik, Andrew. "*The Choice for Europe: Social Purpose and State Power from Messina to Maastricht*". Ithaca: Cornel University Press, 1998; Moravcsik, Andrew. "*Taking Preferences Seriously: A Liberal Theory of International Politics*"**.** International Organization Vol.51. No.4, 1997, стр. 513–553; Moravcsik, Andrew. "*Preferences and Power in the European Community: A Liberal Intergovernmentalist Approach*". Journal of Common Market Studies Vol.31, No.4, 1993, стр. 473-525.

[2] Putnam, Robert. "*Diplomacy and Domestic Politics: The Logic of Two-Level* Games". International Organization, Vol. 42, No. 3, 1988, стр. 427-460

[3] Moravcsik, Andrew. и Vachudova, Milada Ana. "*National Interests, State Power, and EU Enlargement*". East European Politics and Society Vol.17 No.1, 2003, стр. 42–57.

[4] Sedelmeier, Ulrich. "*Sectoral Dynamics of EU Enlargement: Advocacy, Access and Alliances in a Composite Policy*". во: Schimmelfennig, Frank и Sedelmeier, Ulrich. (eds.). "*The Politics of European Union Enlargement: Theoretical Approaches*". London and New York: Routledge, 2005, стр. 238

логика, преку договорите за слободна трговија, државите-членки веќе ќе имаат либерализиран пристап до пазарите на источноевропските земји. Со други зборови, со асоцијативниот статус, ЕУ го решава прашањето за економска соработка без последици по својот буџет и сопствениот пазар на труд. Од друга страна, Шимелфениг укажува на тоа дека трошоците на источното проширување ги надминуваат придобивките за државите-членки, при што посиромашните држави-членки трпат дополнителни загуби и од целосната пазарна интеграција на земјите од Централна и Источна Европа и од зголемените буџетски трошоци".[5] Кога станува збор за политиката на проширување со земјите од југоисточна Европа, рационалистичкиот аргумент за формирање на преференците има уште послаб кредибилитет. Доколку се погледнат чисто економските параметри на регионот, станува јасно дека тие не можат да бидат принципиелниот стимуланс за давање перспектива за членство на земјите од Западниот Балкан. Повеќето земји од регионот не можат да го достигнат нивото на бруто-националниот производ од периодот пред 1989 год. Економиите на земјите од регионот патат од структурни недостатоци, корупција и од големи стапки на невработеност, кои во некои земји надминуваат 30%. Притоа, економскиот аутпут е во огромен диспаритет со оној на земјите-членки на ЕУ. Трговскиот баланс константно бележи голема асиметрија во корист на државите-членки на ЕУ, а со склучувањето на трговските договори со земјите од Западниот Балкан, производителите од ЕУ веќе ќе имаат либерализиран пристап до пазарите на земјите од Западниот Балкан. Проширувањето со Западниот Балкан само би значело зголемување на бројот на сиромашни држави-членки со големи аграрни сектори кои без исклучок би биле нето-приматели на финансии од структурните и од кохезивните фондови.

Од друга страна, геополитичката и конструктивистичката теоретска призма се наметнуваат како исклучително потентни објаснувачки фактори на проширувањето на ЕУ. Конструктивистичкиот пристап кој ја потенцира улогата на идеите, идеологиите и нормативните и вредносните фактори како детерминанти на одлуката за проширување, е веќе етаблиран како најубедлив објаснувачки модел.[6] Меѓутоа, она што изненадува е очигледниот недостаток на литература што го анализира процесот низ геополитичка перспектива и покрај неговата јасна геостратешка и безбедносна димензија, дотолку што и самата конструктивистичка рамка многу често го објаснува проширувањето преку интерпретација на клучни геополитички прашања од страна на најважните

---

[5] Schimmelfennig, Frank. "*The EU, NATO and the Integration of Europe: Rules and Rhetoric*". Cambridge: Cambridge University Press, 2003, стр. 60

[6] Schimmelfennig, Frank. "*The Community Trap: Liberal Norms, Rhetorical Action, and the Eastern Enlargement of the European Union*". International Organization. Vol. 55. No. 1, 2001, стр. 47 – 80; Sedelmeier, Ulrich. "*The EU's Role as a Promoter of Human Rights and Democracy: Enlargement Policy Practice and Role Formation*". во: Elgström, Ole и Smith, Michael (eds.). "*The European Union's Roles in International Politics: Concepts and Analysis*". London and New York: Routledge, 2006, стр. 118-135

актери во процесот.[7] Оттука, се наметнува и потребата за соодветна анализа на геополитичките аспекти на проширувањето на ЕУ.

**ГЕОПОЛИТИЧКА АРГУМЕНТАЦИЈА**

И покрај тоа што теоријата за либерална меѓувладина соработка обрнува внимание и на геополитичките аспекти во формирањето на преференци во политиката на проширување, сепак тие не се карактеризираат како пресудни за одлуката Европската Унија да се прошири. Во овој контекст, на геополитичките причини им се дава секундарна важност. Наспроти ваквите согледувања, геополитичката рамка во еден критички облик се наметнува како едно од најрелевантните и најверодостојните објаснувања на природата на причините за проширување. Безбедносната димензија на процесот за проширување и зајакнувањето на европската политичка моќ треба да се третираат како клучни стимуланси за проширувањето на ЕУ во речиси сите негови бранови. Уште од самиот почеток на процесот на европската интеграција, доминира мислењето дека Европската Унија е конципирана како безбедносна заедница и мировен проект кој го користи проширувањето за елиминација на заканата од конфликт во Европа и зајакнување на политичката моќ на Унијата во глобален контекст. Според Харис:

> „*Проширувањето на ЕУ со декади беше и сè уште е квинтесенцијално безбедносна политика. Преку распространувањето на нормите, правилата, можностите и ограничувањата на Унијата врз земјите-апликанти, тоа ја направи и ќе ја направи помалку веројатна појавата на нестабилност и конфликт во поширокиот регион. Таа е исто така, безбедносна политика сама по себе бидејќи новите членки внесоа и ќе внесат интереси и вештини кои го прошируваат подрачјето на заедничките екстерни политики*“. [8]

Додека најголемо внимание се посветува на геополитичките импликации на проширувањето на Европската Унија на исток, валидноста на геополитичките интерпретации е очигледна и во некои случаи на претходните проширувања. Веројатно најиндикативен пример за примарноста на геополитичките причини во процесот на проширување е случајот на второто проширување со Грција. Интересно е тоа што во овој случај политичките и безбедносните стимуланси за реализацијата на овој процес се наметнуваат како есенцијални и за обете страни, т.е. за одлуката на Грција да аплицира и за одлуката на ЕУ да ја прими Грција како нова членка. Така, според Ифантис, причините за грчката апликација за членство во 1974 год. се првенствено од политичка природа и се резултат на одлука на безбедносната политика. Поточно, на перспективата за членство се гледало како на средство за балансирање на американското влијание од една страна, и цементирање на грчката прозападна ориентација

[7] O'Brennan, John. "Bringing Geopolitics Back In: Exploring the Security Dimension of the 2004 Eastern Enlargement of the European Union". Cambridge Review of International Affairs, Vol. 19 No. 1, 2006, стр. 155-169

[8] Harris, Geoffrey. "*The Wider Europe*". во: Cameron, Fraser (ed.). "*The Future of Europe: Integration and Enlargement*". London and New York: Routledge, 2004, стр. 128

и заложба од друга страна.[9] Ако пак, се погледне страната на ЕУ во овој случај, многу тешко може да се пронајде економско оправдување за одлуката на ЕУ и на државите-членки за приемот на Грција. Истражувањето на Верни дава исклучително силна аргументација која ја потврдува оваа теза. Таа констатира дека низ текот на целиот процес, грчкото пристапување константно ќе предизвикува отворено негодување од страна на најзначајните економски групи на интерес во државите-членки, како и негативни економски последици за некои држави-членки, т.е. проблеми со миграција на грчки работници (Германија), буџетски трошоци (Германија, Велика Британија) и страв од губење на финансиски бенефиции (Ирска). Следствено, каква било дебата околу економските импликации на грчкото пристапување ќе резултира со потенцирање на негативните аспекти на овој процес, при што во целиот период ќе нема ниту еден сериозен обид за оправдување на процесот врз основа на економски и трговски придобивки.[10] Напротив, одлуката за прием на Грција првенствено се заснова на две геополитички причини: регионална стабилност и политичка солидарност. Безбедносниот аспект на одлуката за проширување со Грција се должи на нејзината геостратешка позиционираност во идеолошки поделениот Балкански Полуостров. Така, доминантните аргументи одат во насока на членството како „подобрување на стратешката позиција на Заедницата на медитеранот" и промовирање на Грција како стратешки актер на Балканот.[11] Последно, според Верни, пресудно влијание врз интересот на ЕУ да се прошири со Грција ќе има демократскиот карактер на државата во екот на Студената војна и нејзината географска опколеност со комунистичкиот блок. Културолошките референци за изворите на европскиот идентитет во класичниот старогрчки период и обврската на ЕУ кон Грција како колевка на демократијата ќе прераснат во доминантен наратив на оправдувањето за грчкото членство. Политичката димензија на ова проширување ќе биде толку очигледна, што доколку се погледне официјалното мислење на Комисијата за Грција, може да се констатира дека „демократските аргументи го претставуваат практично единственото оправдување кое оди во прилог на прифаќање на членството на Грција. [12]

Проширувањето со земјите од Централна и Источна Европа се покажа како исклучително плодна почва за геополитичко теоретизирање. Падот на комунизмот и апелот на новите демократии за нивно „враќање кон Европа" претставуваше своевиден геополитички земјотрес со големи последици врз безбедноста во Европа. Освојувањето на демократијата во Централна и Источна Европа се наметна како голема можност за Европската Унија да го прошири своето влијание на исток и воедно, преку зајакнување на односите со овие

---

9 Ifantis, Kostas. "*State Interests, External Dependency Trajectories and 'Europe': Greece*". во: Kaiser, Wolfram и Elvert, Jurgen (eds.). "*European Union Enlargement: A Comparative History*". London and New York: Routledge, 2004, стр. 84, 85

10 Verney, Susannah. "*Justifying the Second Enlargement: Promoting Interests, Consolidating Democracy or Returning to the Roots*?". во: Sjursen, Helene (ed). "*Questioning EU Enlargement: Europe in Search of Identity*". London and New York: Routledge, 2006, стр. 23-29

11 ibid, стр. 31

12 ibid, стр. 36

земји, да ја зголеми безбедносната компонента и да превенира прелевање на нестабилност во непосредна близина на своите граници. Оттука, според многумина, наклонетоста на државите-членки кон идејата за источното проширување првенствено се должи на потребата од стабилност и сигурност, додека „економските мотиви беа од секундарна важност“.[13] Низ геополитичката призма, источното проширување ќе биде перципирано како шанса за конечно остварување на оригиналниот проект за европска интеграција како средство за обезбедување мир и слобода на европскиот континент и минимизирање на шансите за вооружен конфликт. Како што аргументира Болдвин, „на проширувањето се гледаше како на најдобар начин за ставање крај на поделбите на европскиот континент, како на институција која е најдобро поставена за исполнување на целите за консолидирање на транзицијата кон демократија и пазарот во Централна и Источна Европа, и најмалку наметлив механизам за создавање европски безбедносен идентитет“.[14]

Овие размислувања значително ќе бидат зајакнати со неколку геополитички премрежувања во Европа кои ќе постават неколку значајни безбедносни дилеми и во голема мера ќе послужат како мотив за одлуката да се реализира проширувањето со земјите од Централна и Источна Европа. Најпрвин, нестабилноста во источна Европа која ќе произлезе од распадот на Советскиот Сојуз и можните безбедносни импликации од политички нестабилниот потенцијал на руската моќ ќе се наметнат како сериозен стимуланс во позитивниот одиум на Европската Унија кон градењето сериозни политики на асоцијација со посткомунистичките држави, но и основен агенс на аспирациите за членство кај некои држави од источна Европа. Така на пример, преференците на балтичките земји за зачленување во ЕУ ќе бидат првенствено детерминирани од безбедносните придобивки од членството во ЕУ. Истражувањето на Херд покажува дека примарната перцепција на балтичките земји за нивното членство во ЕУ е првенствено поврзана со зголемување на стабилноста и гаранција за нивната безбедност и територијален интегритет.[15] Од друга страна, непреземањето конкретни мерки за интеграција на земјите од Централна и Источна Европа со себе повлекува сериозни ризици за појава на нестабилност како последица на кревкоста на политичките системи во транзиција. Второ, самата динамика и форма на процесот на проширување ќе биде детерминирана од влијанието на воените конфликти кои ќе се јават на самите граници на Европската Унија и кои ќе создадат сериозни последици врз безбедносната слика на континентот. Така, одлуката на Европската Унија да се прошири на исток ќе биде во голема мера условена од експлозијата на воени конфликти во бивша Југославија. Според Скелнес, оваа геополитичка

[13] Bardi, Luciano . Rhodes, Martin и Senior Nello, Susan. "*Enlarging the European Union: Challenges to and from Central and Eastern Europe—Introduction*". International Political Science Review, Vol 23, No. 3, 2002, стр. 227

[14] Baldwin, Richard. "*The Eastern Enlargement of the European Union*". European Economic Review, Vol. 39 No. 3-4, 1995, стр. 474-481

[15] Herd, Graeme. "*The Baltic States and EU Enlargement*". во : Henderson, Karen. (ed.) "*Back to Europe: Central and Eastern Europe and the European Union*". London: UCL Press, 1999, стр. 249

реперкусија директно ќе влијае врз тајмингот на одлуката во Копенхаген 1993 год. Европската Унија да се обврзе во иднина да ги прими земјите од Централна и Источна Европа. Скелнес аргументира дека формацијата на ваквите преференци беше придвижувана од промена во стратешките проценки која ќе биде предизвикана од искуството од распадот на Југославија, ќе ги натера засегнатите страни да ги надминат претходните економски и политички недоразбирања и ќе ги предомислат државите кои дотогаш се противеле на проширувањето.[16] О'Бренан укажува на една друга геополитичка димензија на политиката на источното проширување, а тоа е одлуката кои држави најпрви ќе добијат кандидатски статус и временска рамка за комплетирање на преговорите за членство. Така, според него, препораките на Комисијата во Агенда 2000 за вклучување на Естонија и Словенија во првиот бран на пристапување со цел да се обезбеди географски балансиран процес „претставува школски пример за важноста на геополитиката".[17] Трето, динамиката на политиката на проширување ќе доживее драматична промена и под влијанието на уште еден геополитички настан: војната во Косово. Овој конфликт во 1999 год. повторно ќе го крене алармот за опасноста од прелевање не конфликтот врз регионот и пошироко и во голема мера ќе влијае врз неколку клучни одлуки околу политиката на проширување. Политичко-безбедносните фактори веќе ќе бидат главниот постулат на критиката на одлуката на самитот во Луксембург 1997 год. да не им се даде датум за почеток на преговорите на 5 од десетте земји-аспиранти од источна Европа. Сигурносните последици од косовскиот конфликт и опасноста од нивно прелевање врз помалку напредните земји-кандидати ќе биде една од принципиелните причини за промената во политиката на проширување и забрзување на процесот преку одлуката на самитот во Хелсинки 1999 год. за отпочнување на преговорите и со останатите кандидати. Геостратешките импликации на конфликтот во Косово ќе имаат клучно влијание и врз одлуката да се забрза динамиката на пристапниот процес и со Бугарија и Романија. Овие две држави ќе бидат директно погодени од воената интервенција врз Србија, па затоа ЕУ ќе донесе стратешка одлука за зајакнување на нивниот статус во процесот на проширување. Ова го потврдува и тогашниот комисионер за проширување, Ферхојген, кој јасно ќе укаже дека одлуката за почеток на преговори со Бугарија и Романија беше „заснована на стратешки и геополитички" разгледувања, а „стабилноста на тој регион беше нашата цел број еден" дотаму што „не се осмелувам ниту да помислам каква ќе беше ситуацијата во тој регион доколку Романија и Бугарија немаа јасна перспектива за членство".[18] Финално, Хигашино укажува и на аргументот за европска безбедност и мир како едно од најважните оправдувања на

---

[16] Skålnes, Lars S. *"Geopolitics and the Eastern Enlargement of the European Union*". во: Schimmelfennig, Frank и Sedelmeier, Ulrich. (eds. ). "*The Politics of European Union Enlargement: Theoretical Approaches*". London and New York: Routledge, 2005, стр. 219

[17] O'Brennan, John. "*The Eastern Enlargement of the European Union*". London and New York: Routledge, 2006, стр. 123

[18] Дневник. „*Интервју: Гинтер Ферхојген, поранешен еврокомесар: Проширувањето донесе неповратна промена на подобро*". 15.2.2010, http://dnevnik.mk/default.asp?ItemID=D5674A3389F96F4789ACEF5C371AF9B3, пристапено на 12.5.2015

одлуката за проширување на ЕУ низ неговото користење во јавните говори и наративот кој ќе биде употребуван од страна на клучните носители на одлуки за времетраењето на процесот. Според нејзе, овој наратив ќе биде употребуван насекаде, во заклучоците на Европскиот совет, говорите на претставници на ЕУ институциите, како и во говорите на лидерите на државите-членки.[19]

Конечно, и кога станува збор за одлуката да се отвори перспективата за членство за земјите од Западниот Балкан, нема никаква дилема дека причините за овој чекор се, првенствено, од геополитичка природа. И покрај тоа што Западниот Балкан нема толкава геополитичка тежина во споредба со Централна и Источна Европа, хроничната нестабилност во овој регион предизвикана од војните во бивша Југославија и големиот потенцијал за прелевање на таа нестабилност врз остатокот од континентот ќе биде главниот фактор кој ќе ја услови Европската Унија да преземе конкретни чекори кон стабилизација преку зајакнување на своето присуство во регионот. Овој однос на Европската Унија со Западниот Балкан ќе биде радикално ремоделиран со избувнувањето на конфликтот во Косово во 1999 год. Овој конфликт ќе биде своевидно црвено светло за Европската Унија која ќе се соочи со опасноста од неконтролирано прелевање на конфликтот низ целиот регион. Конфликтот ќе биде и потсетување на опасноста од претворање на нестабилноста на Балканот во долготрајна константа доколку тој сѐ уште се држи надвор од интеграциските текови. Оттука, нема дилема дека геополитичките реперкусии од конфликтот во Косово покрај забрзувањето на процесот на источното проширување, ќе бидат и основната причина за воспоставување на нова пристапна стратегија за Западниот Балкан и неговото вклучување во мејнстрим процесите на проширување.[20] Следствено, безбедноста и стабилизацијата на регионот ќе бидат приоритетните цели, како на Пактот за стабилност, така и на Процесот за стабилизација и асоцијација. Така на пример, првиот Договор за стабилизација и асоцијација ќе биде склучен со Македонија во екот на вооружениот конфликт во државата во 2001 год., со цел да се спречи ескалација на насилствата. Геополитичката констелација ќе биде еден од пресудните фактори и за подоцнежните одлуки за доделување на кандидатски статуси на поединечните земји. Во овој контекст, многу индикативна е изјавата на еден поранешен македонски државник, директно вклучен во процесот на проширување:

> *„Одлуката за кандидатскиот статус на Македонија во 2005 год. беше дефинитивно од геополитичка природа. Европската Унија се плашеше дека нерешеното косовско прашање и претстојниот референдум за независност во Црна Гора би можеле да го дестабилизираат регионот. Затоа, кандидатскиот статус и уважувањето на мултиетничкиот карактер*

[19] Higashino, Atsuko. "*For the Sake of 'Peace and Security'?: The Role of Security in the European Union Enlargement Eastwards*"**.** Cooperation and Conflict. Vol. 39 No.4, 2004, стр. 348

[20] Skålnes, Lars S. *"Geopolitics and the Eastern Enlargement of the European Union*". во: Schimmelfennig, Frank и Sedelmeier, Ulrich. (eds. ). "*The Politics of European Union Enlargement: Theoretical Approaches*". London and New York: Routledge, 2005, стр. 213- 233; O'Brennan, John. "*The Eastern Enlargement of the European Union*". London and New York: Routledge, 2006, стр. 130

*на македонското општество беше можност за Унијата да прати сигнал кој дополнително ќе го стабилизира регионот“.*[21]

Во крајна линија, во еден поширок балкански контекст, во геополитичка рамка може да се стави и случајот на Турција, која според Хил, претставува „потенцијално најсериозното геополитичко прашање кое го поставува процесот на проширување“.[22] Геополитичките и безбедносните придобивки се едни од клучните фактори за унапредувањето на статусот на Турција во рамките на процесот на проширување. Така, едно од принципиелните начела зад одлуката за доделување кандидатски статус е нејзината геостратешка позиција и нејзиниот импакт врз европската безбедност. [23]

Ако се погледне развојот на односите меѓу ЕУ и регионот на Западниот Балкан во последните 15 години, нема сомнеж дека преку давањето јасна перспектива за членство за Западниот Балкан, Европската Унија ќе повлече геостратешки маневар со цел да спречи појава на нови жаришта на нестабилност и да испровоцира долготраен систем на мир и безбедност во регионот.[24] Во крајна линија, проширувањето е единствениот инструмент на надворешната политика на Европската Унија кој се покажал како ефективен за контрола на нестабилноста во нејзиното соседство, така што со голема доза на сигурност може да се претпостави дека ќе продолжи трендот на прием на нови држави врз геополитичка основа и покрај нивниот слаб интеграциски перформанс и негативно јавно мислење во државите-членки. [25] Следствено, оваа геополитичка рамка несомнено ги опфаќа и неколкуте последователни препораки за отпочнување преговори за членство со Македонија, одлуките за започнување преговори за членство со Србија и Црна Гора, како и доделувањето кандидатски статус на Албанија.

## ЗАКЛУЧОК

И покрај сѐ поголемиот опсег на литература што го анализира проширувањето на ЕУ низ различни теоретски перспективи, геополитичкиот аспект на овој феномен се чини дека е неоправдано запоставен. Следствено, овој труд дава придонес кон пополнување на оваа празнина преку елаборација на влијанието на геополитичките параметри врз процесите на одлучување за проширувањето на ЕУ. Преку анализа на три специфични процеси на проширување, т.е.

---

[21] Персонално интервју, 11.7.2011

[22] Hill, Christopher. *“The Geographical Implications of Enlargement*”. во: Zielonka, Jan. (ed.) “*Europe Unbound: Enlarging and Reshaping the Boundaries of the European Union*”. London and New York: Routledge, 2002, стр. 109

[23] Sjursen, Helene. “*Introduction: Enlargement and the Nature of the EU Polity*”. во: Sjursen, Helene (ed). “*Questioning EU Enlargement:Europe in Search of Identity*”. London and New York: Routledge, 2006, стр. 12; Lundgren, Asa. ” *The Case of Turkey: Are Some Candidates More ‘European’ than Others*?”. во: Sjursen, Helene (ed). “*Questioning EU Enlargement:Europe in Search of Identity*”. London and New York: Routledge, 2006, стр. 131

[24] Friis, Lykke и Murphy, Anna. “*‘Turbo-charged Negotiations’: the EU and the Stability Pact for South Eastern Europe*” Journal of European Public Policy Vol. 7 No. 5, 2000; Gori, Luca. “*L’unione Europea e i Balcani Occidentali: La Prospettiva Europea della Regione (1996-2007)*“ Catanzaro: Rubbettino, 2007

[25] Zielonka, Jan. “*Europe as Empire: The Nature of the Enlarged European Union*”. Oxford: Oxford University Press, 2006, стр. 171-173

проширувањето со Грција, проширувањето со земјите од Централна и Источна Европа, како и постојниот процес на проширување со земјите од Југоисточна Европа, овој труд укажува на постоењето на јасна корелација меѓу одлуките за поддршка на проширувањето на ЕУ и влијанието на конкретни геополитички премрежувања во Европа, како и перспективата за зајакнување на политичката сила на ЕУ. Така, проширувањето со Грција се гледа низ призма на нејзината специфична географска и идеолошка позиционираност во екот на Студената војна. Слично, одлуките за проширување на ЕУ со земјите од Централна и Источна Европа и за воспоставување пристапен процес со земјите од Југоисточна Европа, во голема мера се одговор на геополитичките и безбедносните импликации од распадот на Советскиот Сојуз, војната во Југославија, како и подоцнежниот косовски конфликт. Оттука, овој труд укажува на безбедносната димензија на процесот на проширување и на зајакнувањето на европската политичка моќ како на две клучни варијабли во процесите на реализирање и обликување на процесот на проширување на ЕУ.

**Библиографија:**

Baldwin, Richard. “*The Eastern Enlargement of the European Union*”. European Economic Review, Vol. 39 No. 3-4, 1995, стр. 474-481

Bardi, Luciano. Rhodes, Martin и Senior Nello, Susan. “*Enlarging the European Union: Challenges to and from Central and Eastern Europe—Introduction*“. International Political Science Review, Vol 23, No. 3, 2002, стр. 227-233

Friis, Lykke и Murphy, Anna. “*‘Turbo-charged Negotiations’: the EU and the Stability Pact for South Eastern Europe*” Journal of European Public Policy Vol. 7 No. 5, 2000

Gori, Luca. “*L’unione Europea e i Balcani Occidentali: La Prospettiva Europea della Regione (1996-2007)*“ Catanzaro: Rubbettino, 2007

Harris, Geoffrey. “*The Wider Europe*”. во: Cameron, Fraser (ed.). “*The Future of Europe: Integration and Enlargement*”. London and New York: Routledge, 2004, стр. 98-113

Herd, Graeme. “*The Baltic States and EU Enlargement*”. во: Henderson, Karen. (ed.) “*Back to Europe: Central and Eastern Europe and the European Union*”. London: UCL Press, 1999, стр. 247- 261

Higashino, Atsuko. “*For the Sake of ‘Peace and Security’?: The Role of Security in the European Union Enlargement Eastwards*“. Cooperation and Conflict. Vol. 39 No.4, 2004, стр. 347-368

Hill, Christopher. *“The Geographical Implications of Enlargement*”. во: Zielonka, Jan. (ed.) “*Europe Unbound: Enlarging and Reshaping the Boundaries of the European Union*”. London and New York: Routledge, 2002, стр. 95-116

Ifantis, Kostas. “*State Interests, External Dependency Trajectories and ‘Europe’: Greece*”. во: Kaiser, Wolfram и Elvert, Jurgen (eds.). “*European Union Enlargement: A Comparative History*”. London and New York: Routledge, 2004, стр. 75-98

Lundgren, Asa. ”*The Case of Turkey: Are Some Candidates More ‘European’ than Others*?”. во: Sjursen, Helene (ed). “*Questioning EU Enlargement:Europe in Search of Identity*”. London and New York: Routledge, 2006, стр. 121-141

Moravcsik, Andrew. “*Preferences and Power in the European Community: A Liberal Intergovernmentalist Approach*”. Journal of Common Market Studies Vol.31, No.4, 1993, стр. 473-525

Moravcsik, Andrew. “*Taking Preferences Seriously: A Liberal Theory of International Politics*“. International Organization Vol.51. No.4, 1997, стр. 513–553

Moravcsik, Andrew. “*The Choice for Europe: Social Purpose and State Power from Messina to Maastricht*”. Ithaca: Cornel University Press, 1998

Moravcsik, Andrew. и Vachudova, Milada Ana. “*National Interests, State Power, and EU Enlargement*“. East European Politics and Society Vol.17 No.1, 2003, стр. 42–57

O’Brennan, John. “Bringing Geopolitics Back In: Exploring the Security Dimension of the 2004 Eastern Enlargement of the European Union“. Cambridge Review of International Affairs, Vol. 19 No. 1, 2006, стр. 155-169

O’Brennan, John. “*The Eastern Enlargement of the European Union*“. London and New York: Routledge, 2006

Putnam, Robert. “*Diplomacy and Domestic Politics: The Logic of Two-Level* Games”. International Organization, Vol. 42, No. 3, 1988, стр. 427-460

Schimmelfennig, Frank. “*The Community Trap: Liberal Norms, Rhetorical Action, and the Eastern Enlargement of the European Union*”. International Organization. Vol. 55. No. 1, 2001, стр. 47 – 80

Schimmelfennig, Frank. “*The EU, NATO and the Integration of Europe: Rules and Rhetoric*”. Cambridge: Cambridge University Press, 2003

Sedelmeier, Ulrich. “*Sectoral Dynamics of EU Enlargement: Advocacy, Access And Alliances In A Composite Policy*“. во: Schimmelfennig, Frank и Sedelmeier, Ulrich (eds.): “*The Politics of European Union Enlargement. Theoretical Approaches“*. London: Routledge, 2005, стр. 237-257

Sedelmeier, Ulrich. “*The EU’s Role as a Promoter of Human Rights and Democracy: Enlargement Policy Practice and Role Formation*”. во: Elgström, Ole и Smith, Michael (eds.). “*The European Union’s Roles in International Politics: Concepts and Analysis*”. London and New York: Routledge, 2006, стр. 118-135

Sjursen, Helene. “*Introduction: Enlargement and the Nature of the EU Polity*”. во: Sjursen, Helene (ed). “*Questioning EU Enlargement: Europe in Search of Identity*”. London and New York: Routledge, 2006, стр. 1-16

Skålnes, Lars S. *“Geopolitics and the Eastern Enlargement of the European Union*“. во: Schimmelfennig, Frank и Sedelmeier, Ulrich. (eds. ). “*The Politics of European Union Enlargement: Theoretical Approaches*”. London and New York: Routledge, 2005, стр. 213- 233

Verney, Susannah. “*Justifying the Second Enlargement: Promoting Interests, Consolidating Democracy or Returning to the Roots*?” во: Sjursen, Helene (ed). “*Questioning EU Enlargement: Europe in Search of Identity*”. London and New York: Routledge, 2006, стр. 19-43

Zielonka, Jan. “*Europe as Empire: The Nature of the Enlarged European Union*”. Oxford: Oxford University Press, 2006

Дневник. “*Интервју: Гинтер Ферхојген, поранешен еврокомесар: Проширувањето донесе неповратна промена на подобро*“. 15.2.2010, http://dnevnik.mk/default.asp?ItemID=D5674A3389F96F4789ACEF5C371AF9B3, пристапено на 12.5.2015.

**ABSTRACT**

By criticizing the rationalist assumptions of preference formation, the article sheds light on the geopolitical dimension of EU enlargement and its explanatory potential for the dynamics of the process. Through an analysis of three specific enlargement processes, i.e., the second enlargement with Greece, the eastern enlargement and the enlargement process with the western Balkan countries, the article argues the importance of the geopolitical/security aspects of the process and the prospects of strengthening European political power as determinants of the EU enlargement decision making.



Прегледна научна статија
УДК: 341.7:911.3(100-69)(091)

# ДИПЛОМАТИЈАТА НА ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС И СОВРЕМЕНИТЕ ГЕОПОЛИТИЧКИ ИНТЕРЕСИ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ

—

автор: **Јорданка Галева**

Еден од позначајните настани, кој при крајот на 18. век го дестабилизираше европскиот меѓународен баланс и ја стави Франција во положба на противник кон останатите големи сили, е Француската револуција од 1789 година и Наполеоновите војни водени во периодот меѓу 1792 и 1815 година. Политиката на спротивставување на францускиот император Наполеон Бонапарта беше оценета, од страна на останатите големи сили, како закана за меѓународната стабилност, причина поради која тие сметаа дека само со неговото паѓање од власт, ќе може да се стави крај на воените конфликти и дека ќе се отвори можноста за отпочнување нова ера на реставрација на Ancien regime[1].

Еден од најбитните историски моменти за отпочнување на оваа епоха е Виенскиот конгрес, одржан во периодот меѓу ноември 1814 и јуни 1815 година, на кој учествуваат многубројни држави и ќе има за цел да обезбеди колективна безбедност на континентот. Всушност, Конгресот е предводен според волјата на победничките сили, кои ќе придонесат за развој на меѓународните односи и модерната дипломатија која се дефинира како „регулирање на односите меѓу суверените ентитети по пат на преговори кои ги водат квалификувани претставници“[2]. За суверени ентитети, во тој период, се сметаат државите каде што на власт стојат апсолутни монарси, кои

---

[1] Стариот поредок е израз кој се користи за да го објасни политичкото и општественото уредување во Франција пред Револуцијата од 1789 година, односно владеењето на апсолутните монархии во Европа сè до 19. век.

[2] Rene Albrecht -Carrie, *Storia diplomatica dell'Europa 1815-1968*, Editori Laterza, 1978, стр.5-6

меѓусебно водат преговори засновани на моќ и сила. Поседувањето моќ всушност дозволувало вклучување во меѓународната политика и поседување престиж и епитет на голема сила. Државата, за да биде дефинирана како голема сила, освен моќ, требала да поседува и модерен академски и научен сектор, бирократски систем, индустриски сектор, армија и фискален апарат, ефикасен за добивање на неопходните ресурси[3]. Според овие параметри, за големи сили во 18. век се сметале Велика Британија, Русија, Прусија, Австрија и Франција, држави кои биле одговорни за одржувањето на меѓународните односи и за стабилноста на континентот. Истите тие, освен Франција, на која сепак ѝ се дозволува учество на Виенскиот конгрес преку претставник на монархијата, се водечките лидери во донесувањето на одлуките за воспоставување на принципите на легитимност на династиите, за континетален баланс кој нема да дозволи раѓање на една силна држава како Франција и дозволување воена интервенција во случај на нови револуционерни тенденции. Имено, една од најбитните одлуки донесена за време на Виенскиот конгрес се однесува на негирање на принципите афирмирани со Францускатa револуција и потиснување на демократските надзирања; потоа заменување на слободата со потчинетост кон властите; заменување на прогресот со почитување на традиционалното; воспоставување легитимни монархии и одржување на европскиот баланс врз основа на територијални промени. Имено, најголемите територијални промени се случуваат во централниот и во северниот дел на Европа, кој претрпува значајни ревизии на цели територијални предели[4]. За разлика од овој дел, на јужната страна на континентот не се менува ништо, освен што Јонските Острови од Отоманската Империја, преминуваат под протекторат на Велика Британија. Источниот дел на Европа пак, останува под власта на две империи, руската и отоманската, кои опфаќале голем територијален простор, населен со различни народи. За разлика од царската империја, Отоманската Империја е веќе видно ослабена (и во текот на 19. век ќе го добие името *Болниот на Босфорот)*, па поради тоа не била ни дел од Европскиот концерт и не учествувала на Виенскиот конгрес. Меѓутоа, будењето на националната свест на поробените народи што живееле во нејзините рамки, ќе го разниша овој баланс и ќе придонесе за нови групирања меѓу големите сили, чии политики ќе бидат водени од геополитичките интереси кон балканските територии. Имено, опстојувањето на Отоманската Империја во текот на целиот 19. век, ќе зависи од интересите, политиките и спротивставувањата на големите сили, додека формирањето автономни и

[3] W.M.Pintner, *Russia as a great power,1709-1856*,Washington D.C., Kennan institute for advanced russian studies, 1978, paper 33

[4] Светото Римско царство не се обновува, меѓутоа се реконструираат бројни германски кнежевства; Русија добива голем дел од Полска, освен еден мал западен дел (западна Прусија и Позен), кој ѝ припаднал на Прусија, и австриска Галиција; Прусија добила две петтини од Саксонија, а остатокот од територијата останува на нејзиниот легитимен совран, а оваа загуба ѝ е надоместена со Ренанија; Велика Британија ги задржала сите колонијални територии освоени со Наполеоновите војни, Јужна Африка, Цејлон, како и Малта и Јонските Острови; Австрија ја добива Венеција. Rene Albrech -Carrie, *op.cit.*, стр.15-16

независни балкански држави ќе зависи, пред сè, од ривалството на големите сили да се спречи доминацијата на *другиот*.

Тргнувајќи од официјалниот став потврден на Виенскиот конгрес во однос на Отоманската Империја, кој значел одржување политика на статус кво, Прусија ќе се покаже најодржлива во ваквата одлука, додека спротивно на неа, како најголем дестабилизатор ќе се истакне Русија. Иако Велика Британија и Австрија ќе стојат зад ставот за зачувување на територијалниот интегритет на Отоманската Империја и политиката на статус кво, тие истите се оние што први ќе интервенираат во случај на дестабилизација. Нивната реакција за загриженост околу стабилноста во регионот всушност произлегува од сопствените интереси. Имено, желбата и основната цел на Велика Британија е да го зачува патот кон Индија, цел заради која се стреми да ја спречи руската експанзија и нејзината доминација над Дарданелите и над Константинопол, како и нејзин излез на Средоземното Море. Од друга страна, Австрија се стреми за зачувување на статус кво, уплашена од своите словенски поданици и подоцна поради нередите што ќе се создадат меѓу германската и унгарската буржоазија. Таа се залага за спречување на руското влијание на Балканот, водена од стравот дека ќе ја загуби контролата над Јадранот, причина поради која нејзините апетити се прошируваат за освојување на долината на Морава и Вардар, со цел да се добие излез на солунското пристаниште. Русија од своја страна, пак, речиси секогаш го нарушува балансот и се спротивставува на политиката на статус кво, со цел да ја ослаби Отоманската Империја, да стигне до Константинопол и да си обезбеди излез на Средоземното Море. За остварување на оваа цел, повеќепати влегува во конфликт со Отоманската Империја, им се спротивставува на другите големи сили и ги поддржува балканските народи во нивните бунтови, под паролата дека ги штити христијанските народи. За разлика од овие, една од најнеутралните империи е Прусија, која води арбитражна политика за зачувување на границите и интегритетот на Отоманската Империја, и се здобива со улога на модератор на тензиите меѓу големите сили.

Земајќи ги предвид ваквите политики, би било тешко да се остварат интересите на сите, а воедно да се одржи стабилност во регионот, притоа не занемарувајќи го и националното будење што се јавува меѓу поробените народи.

Првата дестабилизација за одржување на балансот и политиката на статус кво за одржување на интегритетот на Отоманската Империја, доаѓа од грчкото востание за независност, кое добива поддршка од рускиот цар, а воено е помогнато од британската и од француската флота, по иницијатива на Велика Британија. Имено, целта на Велика Британија била насочена да го спречи австриското и руското проширување на Балканот и, пред сè, излегување на Русија на Медитеранското Море преку Дарданелите.

Второто разнишување на стабилноста се должи на бунтовите дигнати на европска територија во јули 1830 и отоманско-египетскиот судир од 1832 година. Овие збиднувања ќе стават крај на епохата на реставрација и ќе

воведат нов баланс, предводен и контролиран од две страни: либералните монархии од западна Европа, Франција и Велика Британија и авторитарните монархии од централно-источниот дел на Европа: Русија, Прусија и Австрија. Ваквата поделба, всушност, била резултат на противењето на првите, во однос на ширењето на австриската хегемонија на континентот и руското проширување кон Балканот. Во однос на источното прашање, кризата се завршува со лондонската конференција, со позитивен исход за Отоманската Империја, која си ги повратила териториите земени од Египет, и за Англија, на која ѝ била прекината забраната за транспорт на воените бродови преку Дарданелите. Овој баланс постигнат со лондонската конференција не се нарушува со револуционерниот бран од 1848 година, но бил повторно разнишан пет години подоцна, со Кримската војна којашто во воен сојуз ги соединува Англија и Франција, кои застанале на страната на Отоманската Империја, против Русија. Иако Австрија останала надвор од овој конфликт, сепак нејзините симпатии не се насочуваат кон Русија, нејзиниот традиционален ривал во контролата на балканските држави. Војната завршува со пораз на Русија, а мирот склучен на конгресот во Париз набргу ќе биде нарушен од четири војни, кои воедно ги дестабилизираат и сојузничките системи формирани за време на Кримската војна. Имено, за превласт над континентална Европа, во 1859 година во конфликт влегуваат Австрија и Франција; потоа во 1864 година, Австрија заедно со Прусија влегуваат во конфликт против Данска; во 1866 година, Прусија против Австрија; а во 1870 година, Прусија против Франција. Во текот на овој период, покрај избувнатите конфликти, се формираат и нови држави, како Кралството Италија (1861 година), Германската Конфедерација на север (1866 година), Австриската Империја се трансформира во Австро-унгарска монархија (1867 година), и доаѓа до прокламирање на Германската Империја (1871 година).

Во следните 5 децении, па сè до балканските војни, во центарот на збиднувањата ќе биде ослабената Отоманска Империја и иднината на балканските територии. Една почетна точка е српско-црногорскиот конфликт со Отоманската Империја во 1876 година, со цел ослободување на словенското население во Босна и Херцеговина (БиХ). По тој повод, традиционалните ривали на Балканот, Русија и Австро-Унгарија, го потпишуваат Рајштадскиот договор за неутралност во конфликтот и спречување на формирањето голема словенска држава и одобрување на евентуални мали проширувања на териториите на Србија и Црна Гора во случај на победа. Ваквата одлука била прекршена од страна на Русија. Таа се чувствувала обврзана да ги заштити словенските народи, кои на крајот од конфликтот ќе излезат како губитници, поради што, Русија предложува реформи кои ќе се разгледуваат на Конференцијата во Константинопол. Непочитувањето на Рајштадскиот договор, од страна на Русија, се повторува и во предлозите содржани во Санстефанскиот мировен договор кој става крај на руско-отоманскиот конфликт и со кој се предвидува формирање на голема Бугарија со 4 милиони жители,

која би опфаќала и голем дел од територијата на регионот Македонија. Покрај тоа, било предвидено признавање на независноста на Србија и Црна Гора и воведување реформи во БиХ[5]. Одлуките во однос на Бугарија не им годеле ниту на големите, ниту на регионалните сили, поради што Санстефанскиот договор бил заменет со Берлинскиот договор, потпишан во 1878 година. Со овој договор се намалуваат димензиите на бугарската територија, Грција ги добива Епир и Тесалија, БиХ станува протекторат на Австро-Унгарија, Србија, Црна Гора и Романија добиваат независност, а Македонија останува под контрола на Султанот. Во периодот кој следува, Босна и Херцеговина ќе биде анектирана од Австро-Унгарија во 1908 година, Албанија ќе добие независност од Отоманската Империја во 1913 година, додека Македонија ќе биде во центарот на бројните мултилатерални и билатерални договори за нејзина поделба, и кога конечно ќе биде ослободена, ќе биде и поделена според одлуките на Букурешкиот мировен договор потпишан во 1913 година. Имено, ослободувањето на овие територии ќе биде поттикнато и поддржано најмногу од Русија, преку формирање на Балканската лига, со цел консолидирање и проширување на сопствените позиции и спречување на германскиот продор и австро-унгарските интервенции на овој простор. Ваквата руска политика за поддршка на балканската лига ќе биде поддржана од Франција и Велика Британија (со надеж дека Русија нема да се врати во сојуз со централните сили). Имено, Франција од своја страна, во Балканската лига гледала пречка за австро-унгарските и германските пресии во јужниот дел од Балканот, додека Велика Британија, која најпрвин била уплашена од руската арбитража на сојузот, подоцна се смирила, со влегувањето на Грција во него, преку која можела да ја контролира руската доминација. Ваквата политика на поддржување на Балканската лига се засновала на желбата да се вклучат балканските земји кон силите на Антантата и да се формира блок против централните сили за спречување на нивното ширење кон југо-запад. Од друга страна, ставот на Германија во однос на Балканската лига се засновал на: развој на балканските случувања без вмешување на големите сили, лична одговорност во случај на мешање, и опсервација без германско мешање. Не сакајќи да ги влоши односите со Русија, сите активности во врска со Балканот, Германија ѝ ги остава на Австро-Унгарија. Австро-Унгарија од своја страна пак, ја избира Бугарија за идно место каде што може да ја реализира својата политика во врска со Балканот, со цел да ги спречи руските интереси во однос на теснецот (Дарданелите, Мраморното Море и Босфорот). Воедно има интерес преку независноста на Албанија да излезе на Јадранот, затоа не се спротивставува на голема Бугарија или на голема Грција, но е против формирање на Голема Србија под руско влијание. Меѓутоа, токму Русија е онаа која повторно ќе влезе во војна од страната на Србија, против Австро-Унгарија, во Првата светска војна, која во следните 4 години ќе се води меѓу силите на Антантата, односно Велика Британија, Русија и Франција, на кои подоцна ќе им се придружат и Италија и САД, наспроти Централните сили,

5 Guido Formigoni, Storia delle relazioni internazionali: 1870-1992, Franco Angeli, Milano, 1994, стр. 193

односно Германија и Австро-Унгарија, на кои ќе им се придружи и Бугарија. Војната завршува со Версајскиот мировен договор, потпишан во ноември 1919 година, со кој се прави ново прекројување на европската мапа и се создаваат нови држави како: кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Австрија, Унгарија, Чехословачка, Република Турска, Финска, Естонија, Летонија, Литванија и Полска. Како резултат на овој светски конфликт, во рамките на Париската конференција за мир, одржана во 1919 година, се формира и првата меѓувладина организација, позната како Лига на народи, која имала за цел да спречува конфликти преку дипломатско водење на конфликтните ситуации и контрола на вооружувањето. Меѓутоа, избувнувањето на Втората светска војна ќе биде сведок за нејзината нефункционалност, причина поради која таа ќе престане да постои во април 1946 година и на некој начин ќе биде заменета со Организацијата на обединетите нации, формирана во 1945 година, со цел одржување на меѓународниот мир и безбедност и изнаоѓање мировни решенија за евентуални судири и спорови. Втората светска војна во која се спротивставени два воени сојуза: силите на Оската: нацистичка Германија, фашистичка Италија и Јапонското царство, наспроти силите на Сојузниците предводени од СССР, Обединетото Кралство и САД, завршува, како со територијални, така и со политички промени.

На Балканот се создава Југословенската федерација, која ги соединува народите што претходно биле под австро-унгарска и отоманска власт, создавајќи 6 држави, меѓу кои и Македонија. Албанија и Бугарија ја преземаат советската идеологија, додека Грција се соочува со граѓанска војна по која ќе се воспостави диктаторски систем. Советскиот Сојуз се проширува во источна Европа, Германија се дели на Источна и Западна, додека Австрија добива независност во 1955 година, станувајќи суверена, независна и неутрална република. Почнува деценија на деколонизација на француските и британските колонии низ светот, а паралелно на овој процес, се влегува во блоковска поделеност на сфери на влијанија поделени според демократската и либерална идеологија на САД, од една страна, чии приврзаници се дел од западните европски земји што ќе се здружат во Европска Економска Заедница, и СССР како носител на комунистичката идеологија која ќе им биде наметната на поголемиот дел од источноевропските земји. Ваквото биполарно влијание ќе се наметне и надвор од границте на Европа и ќе ја обележи ерата на студената војна, водена меѓу Западот (во кој спаѓаат САД, земјите од Атлантскиот пакт на западна Европа, и нивните пријателски земји: Австралија, Јужна Кореја, Нов Зеланд, Јапонија), од една страна, и Источниот блок (во кој ќе бидат вклучени СССР, членките на Варшавскиот пакт и членките на Советот за заемна економска поддршка – КОМЕКОН: Бугарија, Источна Германија, Чехословачка, Унгарија, Полска, Романија, Куба, Монголија, Северен Виетнам, а по 1975 година и цел Виетнам) од друга страна. Паралелно на оваа блоковска поделба, се јавува и Движењето на неврзаните – меѓународна организација која е основана во 1956 година, по иницијатива на Тито, Насер, Сукарно и Нехру, а

со цел да се заштитат државите што не сакаат да се придружат и да бидат под влијание на блоковската поделеност, меѓу кои Југославија, Индија, Бразил, Египет, Кина.

Вака поставените нешта, ќе го обележат наредниот период кој ќе трае сè до почетокот на 90-тите години, како период на одржување и балансирање на моќта преку нуклеарен баланс, овозможен преку воен и вселенски натпревар, односно, поседување оружје за масовно уништување, нуклерано оружје, шпиунска војна и натпревар во воздушниот простор, односно освојување на вселената со помош на нови технологии. Меѓутоа, и покрај длабоката поделеност која го означи овој период како студен, неколку воени жаришта и наоружувања ќе бидат причина за нарушување на студената стабилност, и тоа во повеќе наврати[6]. Оваа политичко-економска блоковска поделеност конечно завршува со падот на Берлинскиот ѕид, на 9.11.1989 година, и последователно со распуштањето на КОМЕКОН (28 јуни 1991), распуштањето на воениот сојуз, односно пријателскиот договор за соработка и заемна поддршка – Варшавскиот пакт (1 јули 1991). Ваквиот расплет на студената војна ќе резултира со создавање нови независни држави и формирање нови меѓународни групирања. Имено, еден дел од централно-источниот дел на европските држави постепено ќе се интегрира во НАТО и во Европската Унија, со што Европа и Западот постепено го прошируваат своето влијание на стариот континент и се приближуваат до границите на стариот ривал, Русија. Во овој контекст, треба да се истакне фактот дека процесот за интеграција во Европската Унија, иако се води по принципите на Копенхаген, тој најмногу зависи од интересите на земјите-членки на ЕУ, чија надворешна политика, пак, е тесно поврзана со онаа на САД.

По падот на Берлинскиот ѕид, првото соединување во рамките на ЕУ беше направено меѓу двете Германии, а потоа проширувањето на Унијата ги опфати земјите од централноисточниот дел на Европа, заедно со двата медитерански острови Кипар и Малта, потоа оние од Источен Балкан (Бугарија и Романија) и Хрватска како дел од Западниот Балкан. Иако постојат јасно утврдени критериуми за влез во Европската Унија, проширувањето на нејзините граници се води, пред сè, од интересите на државите-членки. Првото проширување во новиот милениум беше овозможено со цел да се придобијат земјите од советскиот блок и да се приближи границата на ЕУ кон истокот и Балтикот, да се зацврсти присутноста во Медитеранот. Дека интеграцијата на ЕУ се води од интересите, а не целосно од исполнетите принципи, се докажа и со второто проширување во новиот милениум кое се должеше, не толку на неопходноста на ЕУ од нови членки, колку од геополитичките интереси кон излезот на Црното Море, кое претставува транзитна точка за енергетското снабдување што доаѓа од истокот и отворена врата за излез кон Кавказот и централна Азија. Последното проширување со кое Хрватска влезе во ЕУ е добар

[6] Конфликтот меѓу комунистичкиот северен дел на Кореа и филоамериканскиот јужен дел на Кореа во периодот меѓу 1950 и 1953 година; подигањето на Берлинскиот ѕид во 1959-61 година; Кубанската криза од 1962 година; Виетнамска криза 1965-1975; и советска интервенција во Авганистан во 1979 година.

пример за останатите земји од западниот Балкан како поттик дека Процесот за асоцијација и стабилизација функционира. Најпросперитетни во овој процес, од геополитички аспект, се Албанија и Црна Гора, поради нивниот излез на Јадранот, доколку тој се перципира како геополитички регион, додека Србија, Косово, Босна и Херцеговина и Македонија сѐ уште важат за нестабилни територии и постојано се под надзор поради внатрешните превирања, за кои како да нема одржливо решение. Дополнително, недоволната геополитичката атрактивност на Македонија претставува уште еден минус во напорите за нејзина интеграција. Иако во срцето на Балканот и некогашна раскрсница низ која минувала и Виа Игнација, од денешна гледна точка, не поседува доволно атрактивни фактори, како на пример, извор на енергетски природни ресурси со кои може да го привлече светското внимание, ниту пак излез на море како што го има Грција. Таа, во моментот на нејзиното пристапување, иако не ги исполнуваше економските критериуми, секако влезе на голема врата во ЕУ, поради својата местоположба со излез на Медитеранот и полесен пристап кон африканскиот континент и приближување кон Средниот исток. Овие причини, иако не се нагласуваат, може да се каже дека се дополнителни фактори во бавниот процес на интеграција и не приоритетно место на Македонија во европската агенда. Спротивставувањето на Грција за интеграција на Македонија и за влез во НАТО претставува уште еден пример за ваквата политика на нееднаков третман на ЕУ, која повеќе е заинтересирана да ги прошири своите надворешни граници, со цел да го намали руското влијание и да ги привлече Украина и Белорусија кон себе, па дури и кавкаските земји, отколку земјите од Балканот кои се во внатрешноста на континентот како еден вид енклава. Од друга страна, Русија, која отсекогаш била заштитник на православните и словенски народи, барем кон Србија, не успеа да го спречи отцепувањето на Косово од Србија, но затоа жестоко се бори за Кримскиот Полуостров. Имено, овие настани се уште еден пример за компарација на различниот пристап на ЕУ во донесувањето одлуки во однос на слични прашања. Впрочем, поради крахот кој го доживеа во својата надворешна и безбедносна политика во однос на војната во Босна и Херцеговина, ЕУ се потруди да ја поправи грешката во случајот со Косово, за подоцна, контрадикторно на оваа политика, да се спротивстави на независноста на Крим.

Во случајот на Украина, кој е најактуелен пример за отсликување на политика водена врз основа на геополитичките интереси, повторно се судираат руската и западната страна. Украина претставува клучен фактор за рускиот транзит на гас и нафта кон Западна Европа и седиште на руската бродска база во Севастопол, причина поради која Русија настојува да го одржи влијанието врз филоруската политика на државата, која е поддржана од големото руско малцинство што живее на овие простори. Од друга страна, ЕУ и САД се заинтересирани за отпочнување договори со кои ќе ја приближат Украина кон НАТО алијансата и кон процесот на интеграција во Европската Унија, кој беше предвиден да отпочне преку потпишувањето на Договорот за асоцијација, во

ноември 2013. Меѓутоа, овој договор не беше потпишан, а како охрабрување на ваквата одлука, руската страна понуди 30% попуст на гасот и заем од 15 милијарди долари помош. Сличен пример на руска зависност постои и во Белорусија, која уште од самото осамостојување одржува политички, економски и енергетски односи со Русија. Најголемата зависност на оваа држава од Русија произлегува од доставувањето на природниот гас и ваквата зависност ја оддалечува од Западот, односно од ЕУ, која пак, од своја страна е заинтересирана за приближување кон оваа земја и е отворена за дијалог. Еден прв чекор во ваквото приближување беше направен во 2009 година, со Источното партнерство преку кое Белорусија заедно со други 5 држави од Источна Европа и од Јужниот Кавказ склучија договор со Европската Унија. Ваквата политика на ЕУ ги открива нејзините тенденции за проширување на влијанието и надвор од своите природни граници, кон атрактивниот Кавказ полн со нафта. За остварување на тоа, беше направен обид преку договорите за асоцијација, кои покрај на Молдавија, Украина и на Белорусија, им беа предложени и на Ерменија, Азербејџан и на Грузија. Земајќи ги предвид овие поранешни советски држави, треба да се истакне дека, секако, и Русија продолжува со зацврстување на своето влијание, насочувајќи ја својата политика кон креирање евроазиска унија и други воени и царински унии.

Покрај Белорусија и Украина, (кои Европската Унија се стреми да ги приближи кон себе), и балканските енклави (кои сè уште ги смета во процес на стабилизација), земји со кои би се комплетирала интеграцијата на континентот, се Молдавија, Норвешка, Исланд, Швајцарија и Турција. Освен Молдавија, која е многу сиромашна и со која ЕУ има потпишано договор за партнерство, останатите земји се силно развиени и Европската Унија би имала бенефит од нивното интегрирање. Меѓутоа, додека Норвешка и Швајцарија не чувствуваат потреба од европска интеграција и се спротивставуваат на нивно интегрирање во Унијата, Исланд иако од неодамна го достави своето барање до Унијата, него го повлече, додека Турција иако своето барање до Европската економска заедница го има доставено уште во 1987 година, статус на земја-кандидат добива 12 години подоцна. Впрочем, Турција претставува и една од најатрактивните земји од групата на оние кои сè уште не се дел од ЕУ, пред сè поради својата стратешка местоположба во различни геополитички системи, помеѓу Црното Море и Медитранот, помеѓу Средниот Исток и Кавказот, помеѓу Балканот, Црното Море и Централна Азија, и помеѓу Африка (преку Медитеранот) и Кавказот. Имено, со ваквата положба го заслужува епитетот Порта кон Европа или Порта кон Истокот, во зависност од која страна е перципирана. Всушност, поради стратешката положба низ нејзината територија поминуваат важни нафтоводи и гасоводи и во конструкција се нови, со кои ќе се олесни транзитот на нафта и гас од Русија, Средниот исток и Кавказот кон Европа. Меѓутоа, и покрај ваквата атрактивност, сè уште постојат негодувања во однос на нејзиното интегрирање во ЕУ, од страна на одредени европски

земји, кои пак можеби одат во прилог на Турција, која доколку би влегла како дел од ЕУ, би требало да ги смени своите политики кон одредени соседни земји.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Ако се вратиме 200 години順 наназад и направиме компарација на политиките на големите сили, тогаш и денес, нештото што не се менува никогаш е водење надворешна политика врз основа на геополитичките интереси. Од горенаведеното може да се заклучи дека, ако во 18 и 19 век за моќни држави се сметале оние држави кои поседуваат воен, индустриски, научен, фискален и бирократски ситем, денес на овие фактори се додаваат демографската и енергетската моќ. Додека концептите на Виенскиот конгрес беа насочени кон одржување стабилност во империјалистичка Европа, преку попречување на превласта меѓу силите, светските конфликти кои отпочнаа на европско тло вовлекоа и актери од другите континенти, кои понатаму групирани во два големи блока, (засновани на либералната и на комунистичката идеологија), ја одржуваа стабилноста, не само во Европа, туку и во светот, пред сè преку нуклеарен и вселенски натпревар. Денес Европа, иако во голем дел од континентот соединета и политички збратимена со САД, сè уште не е целосно интегрирана. Имено, ако крајот на Наполеоновите војни отвори една нова епоха и беше причина за одржување на Виенскиот конгрес кој се залагаше за стабилност на континентот, преку попречување на превласта од страна на една држава, падот на Берлинскиот ѕид го означи крајот на биполарната поделеност во Европа и претставуваше олеснителен фактор за интегрирање на континентот. Од горенаведеното може да се заклучи дека, слично како во студената војна, сепак во овој процес на интегрирање, Русија сè уште претставува поттик и предизвик за „освојување“ нови држави од преостанатиот дел на континентот и проширување на ЕУ до руските граници.

Оттука, со сигурност може да се потврди дека меѓународната политика сè уште зависи од големите сили, кои за разлика од 19. век, се оние кои денес покрај воениот фактор, поседуваат и демографски и енергетски потенцијал. Од практиката се покажа дека освен моќта, која сè уште се манифестира преку поседување нуклеарно и атомско оружје, други неопходни фактори за моќна држава се енергетските ресурси, како нафтата и природниот гас, бројноста на населението и технолошкиот развој. Според овие фактори, за моќни светски сили денес се сметаат покрај традиционалните САД, ЕУ и Русија, исто така и Кина и Индија, пред сè поради нивното бројно население, технолошкиот развој, воената подготвеност и брзиот економски развој. Овие карактеристики ги прават двете земји препознатливи како: *фабрика на светот или хардверот*, епитет доделен на Кина заради бројното население – 1.350.695.000 жители, со апсолутен БДП од 9.020 милијарди $ и ниски трошоци за производство, и *империја на софтверот,* или *канцеларија на светот*, епитет придаден на Индија, поради постојаното вложување во образованието, младите и во технолошкиот развој. Имено, населението на Индија изнесува 1.236.686.732 жители, со

апсолутен БДП од 1.973 милијарди $. Поради овие бројки и епитети, како и поради економскиот бум кој го доживеаја на почетокот на новото столетие, овие земји, заедно со Бразил и Русија, се вбројани во БРИК земјите. Додека Бразил ја нарекуваат уште и зеленото злато, поради нафтата и биогоривата, Русија, покрај демографската и воената моќ (со 143.533.000 жители и 845.000 активни вооружени сили), претставува енергетски гигант чиј енергетски баланс на производство изнесува 1.315 Мтеп и поседува широкоразвиена гасоводна и нафтоводна мрежа. Благодарение на овие фактори, сите овие земји се сметаат за големи моќни сили кои заслужено го имаат добиено своето место во меѓународните групации и организации што денес ја балансираат економската, но и политичката стабилност во светот.

**Библиографија:**

Rene Albrecht -Carrie, *Storia diplomatica dell'Europa 1815-1968*, Editori Laterza, 1978

Guido Formigoni, Storia delle relazioni internazionali: 1870-1992, Franco Angeli, Milano, 1994

W.M.Pintner, *Russia as a Great Power,1709-1856*,Washington D.C., Kennan Institute for Advanced Russian Studies, 1978, paper 33.

## ABSTRACT

We can define geopolitics as a field of study that depicts the political interests, natural resources and strategic dominance between nations, aimed to pursue their own or collective interests. The aim of this paper is to give a survey of the foreign policy of the great powers in the past 200 years, starting from the Vienna Congress until today. A comparison of the foreign policies of great powers clearly shows that geopolitical interests are constant and never change. While in the 19th century geopolitical interests were focused on geostrategic territories and the formation of great and powerful European empires, today, geopolitical interests have completely shifted, while big players are seeking to dominate energy resources all around the globe.



Изворна научна статија
УДК: 355.433.2:94(4)„1853/1856

# РАМНОТЕЖАТА НА СИЛИТЕ И КРИМСКАТА ВОЈНА 1853 – 1856
## ИЛИ КАКО ГЕОСТРАТЕШКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ФРАНЦИЈА И АНГЛИЈА ГО УСЛОВИЈА ВИЕНСКИОТ ПОРЕДОК?

автор: **Иванка Додовска**

### ВОВЕД

Иако тркалото на современата историја првиот почесен круг го заврте за време на американската војна за независност во 1776 година, сепак, почетокот на крајот на староевропскиот апсолутизам се случи малку подоцна, т.е. за време на Француската буржоаска револуција од 1789 година. Во овие неколку последни децении од XVIII век, на просторот на Европа, како и на новиот американски континент населен од европските колонисти, изникнаа цврстите никулци на новите идеолошки тенденции кои силно ќе се одразат врз глобалните цивилизациски придобивки и тие својот животен век ќе го продолжат и во текот на XIX, целиот XX век, па сè до денес. Врз оваа основа, либерализмот и национализмот, а малку подоцна и индустриската револуција, извршија темелни промени врз севкупниот систем на европските вредности и тие низ болните и тешки предизвици, доминантно влијаеа и врз промените што се случија како нивна директна последица и врз меѓународниот светски поредок.[1]

[1] Vladimir, Dedijer, *Interesne sfere istorija interesne sfere I tajne diplomatije uopste, a posebno Jugoslavije u Drugom svetskom ratu*, Prosveta, Beograd, 1980. стр. 37. „Тогашна Европа, а и тогашната доктрина на меѓународното право, ги нарекувала пространите територии на другите континенти *res nullius,* т.е. ничија работа“.

Од тие причини, воопшто не е зачудувачки зошто Француската буржоаска револуција не беше дочекана со истото воодушевување какво што претходно веќе го беше предизвикала американската револуција. Многумина се согласни со тврдењето дека: „навистина е огромна разликата кога вестите доаѓале од другата страна на Големата бара од оние преку ридот" – но, во секој случај, тоа не го менува фактот дека оваа револуција го означи почетокот на крајот на староевропскиот поредок, истовремено најавувајќи го времето во кое сè помалку се вреднува „бојата на крвта", а сè појасно се исцртуваат контурите на комплетно новите правила на општествената игра.[2]

На меѓународен план, сите овие настани ја најавија и подготовката за последната одлучувачка пресметка меѓу апсолутистичкиот режим на водење на дипломатијата *vis a vis* новиот општествен слој во подем, или т.н. буржоазија. Ова е секако и периодот кога по долго време Западна и Источна Европа повторно се соочија со сопствените концепции и разлики и иако на моменти соработуваа, сепак поделбата на сферите на влијание им ја оставија на своите наследници во втората половина на XX век.

Секако, највпечатлив настан, без кој во ниеден случај не ќе беше возможно да се случи рамнотежата на силите во Европа, во европската историја претставува издигнувањето на Наполеон Бонапарта на државниот врв на Франција.

## ПРИЧИНИТЕ ПОРАДИ КОИ СЕ СОЗДАДЕ СИСТЕМОТ НА РАМНОТЕЖА НА СИЛИТЕ

По гилотинирањето на несреќниот монарх на Франција Луј XVI и неговата австриска кралица Марија Антоанета на 21 јануари 1793 година во Париз, француската република се соочила со предизвикот на меѓусебните пресметки во револуционерните редови. Овие судири започнале неколку месеци порано, кога и официјално била прогласена француската република на 22 септември 1792 година. Во тој момент сè повеќе се чинело дека освен промената на политичкиот систем во Франција со донесувањето на францускиот Устав од 1791 година, ништо не било како што се очекувало, иако јакобинците ја распределиле земјата на селаните и се обиделе да воспостават општествен поредок кој декларирале дека ќе се заснова на револуционерната максима за „Слобода, еднаквост и братство".

По неуспехот на Робеспјер во 1794 година, неговата влада била симната од власта и на нејзино место застанал Директориумот, кој бил сочинет од пет директори. Ова тело ја исканализирало политичката моќ на Бонапарта, кој со помош на војската успеал по пат на државен удар да се искачи на врвот на француската политичка сцена, и во 1799 година, заедно со двајцата конзули (Роже Дико и Сиез) да биде избран за прв конзул на Франција. Од овој момент, и официјално започнува новата европска историја која почетокот на

[2] За историјатот на Француската буржоаска револуција види повеќе во: *Povijest svijeta od pocetka do danas*, 2 izdanje, Naprijed, Zagreb, 1990. стр. 541.

XIX век го одбележала со ширењето на француската хегемонија. Тоа во исто време значело и борба со реакционерните сили на староевропскиот поредок кои во ниеден случај не можеле да се помират со новонастанатите услови кои во суштина означувале дека: „Наполеон низ Европа ги проширил своите революционерни идеи за суверентитетот на народот, а Наполеоновите војни (1799 – 1815 година) им поставиле голем предизвик и на правилата на игра и на рамнотежата на силите.“[3]

Иако буквално со гума ги избришал границите во Западна и во Средна Европа, Наполеон сепак не успеал во намерата да ја воспостави француската хегемонија. Но, неговите обиди да го направи тоа ги обединило неговите противници во Сојуз кој ја срушил неговата власт. „Доколку успееше во своите намери, Наполеон ќе го сменеше системот во униполарна структура. Но, по поразот кој го претрпе во 1815 година, Виенскиот конгрес го врати стариот мултиполарен поредок, составен од пет држави кои меѓусебно се балансирале: Британија, Русија, Франција, Прусија и Австрија. Сето тоа означувало дека „революционерната Франција го смени процесот на системот на 20 години и се закани дека ќе ја смени неговата структура, но на крајот Франција, сепак, не успеа да ја направи униполарна структурата на европскиот меѓудржавен систем“.[4]

Поради сето тоа, она што во прв ред им стоело како предизвик на протагонистите на Виенскиот конгрес од 1815 година бил, секако, потстрекот на националистичките тенденции коишто ги поттикнал Наполеон со ширењето на својата француска хегемонија. Овие отворени вулкани претставувале сериозен проблем за реставрацијата на староевропскиот поредок и тие му задавале главоболки на австрискиот претседавач со Виенскиот конгрес, канцеларот Метерних, исто толку колку и бескомпромисниот апсолутистички монарх на Русија, Александар I. Соочени со апокалиптичното револуционерно зло, кое како чума ги измести од темел староевропските традиции и вредности, владетелите на Австрија и Британија знаеле дека е неопходно да го толерираат својот роднина, великиот руски цар Александар I, кој во вистинска смисла на зборот го претставувал системот на вредности кои тие очајно се обидувале да го повратат. Но, сепак, идеолошките разлики меѓу Истокот и Западот ја создавале одбивноста меѓу сојузниците, која во секој случај била двострана.

Од одлуките на Виенскиот конгрес гледаме дека покрај забраната за стапување на лозата на Наполеон на кој било европски престол и од возобновувањето на староевропските династички куќи, најважната одлука која произлегла од таму е, секако, воспоставувањето на концертната дипломатија која во теоријата ни е позната и како тајна дипломатија. Австрискиот канцелар Метерних на конгресот обзнанил дека принципот на кој ќе почива ваквата дипломатија ќе биде сличен на функционирањето на еден симфониски оркестар во кој секоја од големите

---

[3] Џозеф С. Нај, Помладиот, *Разбирање на меѓународните конфликти вовед во теоријата и историјата*, Академски печат, Скопје, 2008. стр. 68.

[4] Ibid. стр. 70.

европски сили ќе се води според хармонијата на останатите, и сите заедно ќе ја свират заедничката европска симфонија која ќе има за цел да го одржи нивниот поредок и нема да дозволи да ѝ се повтори сценариото од Француската буржоаска револуција и од издигнувањето на нелегитимен претставник на врвот на која било држава, по примерот на Наполеон Бонапарта.

На ова се надоврзал и предлогот на рускиот цар Александар I за формирање монархо-роднински сојуз Света алијанса, кој требало да ја претставува врската меѓу Истокот и Западот на Европа, и во кој христијанските монархиски куќи ќе ја одржуваат прокламираната концертна дипломатија и рамнотежата на силите по пат на организирање европски конгреси на кои ќе ги договараат сите прашања што ќе застанат како предизвици наспроти одново воспоставениот поредок.

Сојузот Света алијанса бил склучен на 26 септември 1815 година, во Париз, меѓу рускиот и австрискиот цар и прускиот крал. На оваа Алијанса ѝ пристапиле речиси сите европски владетели, а Британија ја поздравила оваа иницијатива на рускиот цар, но формално не пристапила кон неа, повикувајќи се на традиционалниот британски дипломатски пристап, познат како сјајна изолација (анг. Splendid isolation).[5]

На овој начин, системот на рамнотежа на силите навидум бил поставен на поцврсти темели и тој во суштина успеал само за неколку децении да го пролонгира европскиот тотален идеолошки крах, кој во својата суштина го најавиле новите национални и државни ентитети кои забрзано почнале да се развиваат во втората половина на XIX век како резултат на изникнатите никулци на новите идеолошки правци.

## ЌУЧУК-КАЈНАРЏИСКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР И РУСКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Во последните две децении од XVIII век, руската експанзија го продолжила својот продор кон крајбрежјето на Балтикот, како и кон Азовското и кон Црното Море. Благодарение на исходот од војната со Османлиската империја од 1735 до 1739 година, Русите го повратиле Азов и ја зацврстиле власта во Запорожје, вклучително и делот од Украина на десната страна од реката Дњепар.

[5] Тарлеа. Ј.В. и група автори, *Историја новога века I,* Просвета, Београд. 1948. стр. 245. (цит.): „...Завршните одредби на Светата алијанса биле донесени на нејзиниот прв конгрес во Ахен, 1818 година. Ахенскиот конгрес ја донел одлуката за завршување на странската окупација на Франција, која во тоа време ги исплатила сите обврски што ѝ биле наметнати со Парискиот договор за мир од 1815 година. Четворниот сојуз составен од Англија, Австрија, Прусија и Русија, сега бил претворен во сојуз на петте држави – Англија, Австрија, Прусија, Русија и Франција. Првата примена на контрареволуционерните принципи на Светата алијанса ги претставувале одлуките кои биле донесени на конференцијата на ополномоштените германски држави во Карлсбад, во 1819 година. Карлсбадските одлуки биле насочени кон либералното движење и довеле до воспоставување општа цензура (за целиот Германски сојуз) и формирање на општиот комитет за борба против „демагогијата“. На 20 октомври 1820 година, во австрискиот град Тропау бил отворен Вториот конгрес на Светата алијанса (тој завршил во 1821 година, во Љубљана). Овој конгрес бил свикан поради преземањето мерки против буржоаската револуција која избила во јули 1820 година, во Неапол, и која го принудила кралот Фердинанд IV да издаде Устав. Без оглед на протестите од страна на Англија и на Франција, конгресот донел одлука за мешање во внатрешните работи на Неаполското кралство. Во март 1821 година, австриската војска влегла во Неапол и го воспоставила поранешниот апсолутистички поредок. На 10 април истата година, со австриска воена интервенција била задушена и револуцијата во Пиемонт“.

Показател за сè посилното влијание на Русија на меѓународната сцена било и нејзиното активно учество во Седумгодишната војна, од 1756 до 1763 година, кога таа влегла во Сојуз со Австрија и Франција и војувала против Прусија. Во битките кај Грос-Егерсдорф, во 1757 година, и кај Кунерсдорф во 1759 година, руската војска ја поразила пруската војска, која тогаш била сметана за најсилната во цела Европа. Во 1760 година, руските трупи го освоиле и градот Берлин, но падот на прускиот крал Фридрих II го спречила промената во надворешната политика на Русија која била предизвикана со доаѓањето на императорот Петар III[6] на рускиот престол. Во 1762 година, Петар III го склучил Петерсбуршкиот мир со Прусија, со кој ги поништил резултатите од победата на руската војска во Седумгодишната војна. Како голем обожавател на прускиот крал, Петар III на поразената Прусија ѝ ги вратил имотите што ги изгубила во текот на војната, склучувајќи мир и сојузнички брак со пруската принцеза Катерина II Велика[7].

Со стапувањето на престолот на Катарина II, на 28 јуни 1762 година, започнала и официјално новата ера на руската надворешна политика. На дневен ред на рускиот двор стоеле двете клучни прашања во поглед на Османлиската империја, т.е. на обезбедувањето излез на Русија на Црното Море и Полска[8]. Како резултат на соработката при распарчувањето на Полската република, според зборовите на францускиот историчар Артур Рембо, „златниот век на француско-руската дипломатија“ бил прекинат со избивањето на Француската револуција.

Во однос на Империјата, руската војска во текот на руско-турската војна 1768 – 1774 година извојувала огромна победа кај Рјабај Могила, на реките Ларга и Кагул, ги освоила турските тврдини во Молдавија и на Дунав и тврдината Крим. Кулминација на низата победи на руската војска било уништувањето на турската флота во Чесменската битка (26.6. – 7.7.1770). Со оваа победа на пристаништето Чешма на крајбрежниот појас на Мала Азија, Русија ја овозможила доминацијата на Егејското Море и ги блокирала Дарданелите, што неминовно довело до пораз на Османлиската империја и до потпишување на Ќучук-кајнарџискиот мировен договор од 1774 година.

Со Ќучук-кајнарџискиот мировен договор, на Русија ѝ припаднале земјите помеѓу Дњепар и Јужен Буг, деловите на Приазовље и Прикубан, тврдините

6 Петар III Фјодорович (1728 – 1762) бил крунисан за император во 1761 година, германски принц Карл Петар Улрих, син на голштајн-готорпскиот војвода Карл Фридрих и Ана Павловна, внук на Петар I.

7 Катарина II Велика (1729 – 1796) била германска принцеза Софија Фредерика Августа Анхалт-Цербстска. Во 1745 година станала сопруга на великиот кнез Петар Фјодорович, подоцна Петар III, кој го симнала од престолот во 1762 година со помош на генералите од руската војска. Извршила реорганизација на Сенатот во 1763 година, секуларизација на црковните поседи, и застанала на чело на Комисијата за изработка на Кодексот на закони од 1767 до 1769 година. Имала големо влијание врз развивањето на меѓународниот углед на Русија и на ширењето на нејзините идни планови за експанзија во Југоисточна Европа.

8 Vladimir, Dedijer, *Interesne sfere...* стр. 58 – 60. „Мешањето на Русија, Прусија и Австрија во внатрешните работи на Полска довело до првата поделба на Полската република во 1772 година. Руската надворешна политика го оправдувала ова мешање под изговорот дека ги застапувала интересите на полското православно население, во прв ред Украинците и Белорусите. Во 1793 година била извршена втората поделба на Полска. Третата поделба на Полска се случила во 1795 година, и таа довела до укинување на самостојноста на полската држава. Од поделбата на Полска, на Русија ѝ припаднале: Курландија, Литва, дел од Западна Белорусија и Волин“.

Еникале и Керч на Крим. Кримскиот канат станал независен од Османлиската империја, а во 1782 година бил припоен кон Русија. „Нејзе ѝ било дадено и право да биде покровителка над православното население во Империјата, со што бил создаден преседан, кој давал можност за постојано мешање на Русија во работите на Империјата“.[9] Како резултат од истиот договор произлегол и проектниот план на руската дипломатска лабораторија за креирање на Источната (Грчка) империја, по примерот на Византиската империја, но, со доминантно грчки предзнак. „Всушност, проектот претставувал префрлување на политичкото тежиште на Русија од Далечниот Исток (од азискиот план) на европски план, со фокусирање на Блискиот Исток и на Балканот. Во тој проект, Русија имала намера на Балканот, но и во малоазискиот дел, да формира голема Грчка (Источна) империја, во која би влегле грчките земји, цела Македонија, голем дел од Албанија, Бугарија, Источна Тракија и самиот Цариград.[10] Како резултат на рускиот експанзионизам на европската сцена, во текот на XVIII век територијата на руската држава била зголемена со вклучувањето на териториите на Казахстан, Прибалтикот, Крим, степите на Северното Прицрноморје, делови од Кавказ, Придњестровље, Западна Белорусија, делот на Украина на десниот брег од Дњепар итн.

Сите чекори што ги преземала и ги утврдила руската дипломатска лабораторија, раководена од страна на Катарина II, јасно укажувале на главните линии на политиката на рускиот царизам во XIX век, т.е. на неговата насоченост кон Југоисточна Европа.

## УЛОГАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ВО ОДРЖУВАЊЕТО НА РАМНОТЕЖАТА НА СИЛИТЕ ВО ЕВРОПА ПО КРИМСКАТА ВОЈНА 1854 – 1856 ГОДИНА

Европската политичка сцена, започнувајќи од времето на Виенскиот конгрес од 1815 година, па сè до почетокот на Првата светска војна, била предводена од европската пентархија составена од: Велика Британија, Франција, Русија, Прусија[11] и Австрија, која по спојувањето со Унгарија во 1867 година прераснала во Австро-Унгарија.[12] Она што било карактеристично за европските велесили во текот на целиот XIX век – зачувувањето на начелата воспоставени на Виенскиот конгрес и брзиот развој на индустријализацијата, ја условило потребата од освојување нови територијални пространства и довело до забрзано империјално проширување на африканскиот и на азискиот континент.[13] Од тие причини, геостратешката поврзаност на Балканот со

9 Владо Поповски и Ленина Жила, *Македонското прашање во документите на Коминтерната,* книга прва, Ѓурѓа, Скопје, 1999. стр. XXVIII.

10 Ibid. стр. XXIX.

11 Во 1871 година е создадена Германија со прогласувањето на Вториот рајх, кој претставувал формален сојуз на германските владетели.

12 В, П., Потемкинъ, *История на дипломацията*, том I, София, 1941. стр. 433.

13 Frank, Maloy, Anderson, Amos, Shatle, Hershey, *Handbook for the diplomatic history of Europe, Asia and Africa, 1870 – 1914*, Washington. 1918. p.10.

Африка и со Азија неминовно го привлекла интересот на Западна Европа. Во текот на целиот XIX век, тој имал видно влијание и врз односите со Османлиската империја, а се одразил и врз развојот на националните движења на Балканскиот Полуостров. Во самиот процес на опаѓањето на Османлиската империја и во развојот на националните стремежи на балканските народи во текот на нивната револуционерна борба за формирање на сопствените национални држави, европските дворови ја гледале својата геостратешка полза од создавањето на сопствените сфери на интереси на Балканскиот Полуостров.

Според мислењето на Владо Поповски: ...„рускиот продор кон Балканскиот Полуостров претставувал стратешко обезбедување на сигурносен копнен појас за морските теснини помеѓу Црното и Мраморното Море, кои од страна на Русија биле доживувани како клуч од вратата на нејзината сопствена куќа“.[14] Од тие причини, егзистенцијата на Османлиската империја претставувала стратешки интерес на европскиот концерт. Доколку се извршела промена на управителот над Босфорот и Дарданелите, се закануvала опасност од нарушување на концептот на рамнотежа на силите на европскиот континент.

За Велика Британија, понатамошното руско ширење на Блискиот Исток било спротивно од нејзините империјални интереси. Неа особено ја загрижувала руската контрола над Мореузите, која би ја загрозила британската трговијата со Левант, понатаму нејзината поморска сила во Средоземјето, како и нејзината положба во Индија. Од тие причини, британската дипломатија во текот на целиот XIX век неуморно работела на зачувување на целовитоста на Османлиското царство.[15]

И Франција имала интерес за случувањата на Балканот и на Блискиот Исток. Иако била првата христијанска сила која уште во 1536 година склучила сојуз и трговски договор со Империјата, и на тој начин се обезбедила со силен сојузник против Австрија, со текот на времето го ослабнала своето влијание во Цариград, заклучно со Наполеоновото издигнување.[16] По падот на Наполеон, Франција била принудена да ѝ ги отстапи на Велика Британија Јонските Острови и Малта, па во 1815 година, нејзината позиција била сосема маргинализирана.[17] Во понатамошниот дипломатски блок, таа ги приклонила своите интереси со интересите на Велика Британија, не толку поради идеалните совпаѓања во интересите на двете држави, туку со цел да ја спречат Русија во нејзиниот понатамошен продор кон исток. Од тие причини, Велика Британија и Франција се бореле заедно со Османлиската империја против Царска Русија во текот на Кримската војна.[18]

[14] Владо, Поповски, Ленина, Жила, Русија, Балканот и Македонија, Македонското прашање во документите на коминтерната... стр. XXVII.

[15] Stavrijanos Leften - *Balkan posle 1453 godine*, EQUILIBRIUM, Beograd, 2005. стр.216.

[16] Leften, Stavrijanos,... стр.217 и понатаму...

[17] В, П., Потемкинъ, История на дипломацията... стр. 442.

[18] Trevor Royle, *Crimea, The Great Crimean War 1854 – 1856*, Little, Brown and Company, 1999. стр. 183.

Со Парискиот договор од 1856 година, било утврдено дека големите сили ќе ги почитуваат независноста и територијалниот интегритет на Османлиската империја. Со посебна клаузула била предвидена забраната за влез на воени бродови во Црното Море, за која било земја. Со тоа, во голема мера се намалила опасноста од Царска Русија по интегритетот на Османлиската империја.[19]

И Австрија имала сопствени интереси на Балканот. Иако Империјата за неа претставувала директна опасност и ја загрозувала нејзината егзистенција, можноста од рускиот продор ја натерала да му се приклони на блокот предводен од Велика Британија за одржување статус кво на Балканот и на Блискиот Исток.[20] Со одлуките од Виенскиот конгрес, таа се здобила со значително проширување, во прв ред во Далмација и во останатите млетачки области, со што се стекнала со најголемо влијание на Јадранското Море, како и на западниот дел од Балканскиот Полуостров. Од тие причини, за неа станало особено значајно да не се дозволи рускиот продор над османлискиот простор, пред сè поради огромниот број словенски поданици кои во рамките на огромното Хабзбуршко царство можеле да го свртат рускиот интерес кон неа.

Јакнењето на германскиот империјализам претставувало уште една карактеристика за меѓународните односи, особено од втората половина на XIX век, па сè до почетокот на XX век.[21] Ова влијание не ги засегало директно балканските услови, но неспорно имало индиректно влијание врз нив. Од моментот кога настанало турско-германското сојузништво, со давање на концесиите од страна на Османлиската империја на германската индустрија за изградба на Багдатската железница, германскиот капитал со голем интензитет навлегол во Империјата.[22] Со ова, Германија сметала дека ќе може да ја ограничи Велика Британија во нејзината империјална експанзија. Овој потег истовремено ја отворал и можноста за излез на Персискиот Залив, што било особено неповолно за интересите на Велика Британија.

Како што споменавме погоре, со Парискиот договор од 1856 година, бил зачуван интегритетот на Османлиската империја. Оваа состојба немала долг век на траење поради расцепот кој настанал меѓу членките на европскиот концерт кои и ја зачувале целовитоста. Војната меѓу Франција и Австрија за превласт во Италија од 1859 година, Австриско-Прускиот напад над Данска од 1864 година, војната меѓу Прусија и Австрија од 1866 година и Пруско-француската војна од 1870 година, едноставно го разурнале кримскиот блок.[23]

Она што ја оптоварувало европската сцена со столетија – борбата за превласт на континент помеѓу Франција и Австрија, нагло се пресвртело и довело до

[19] Josepf, von Hammer, Historija turskog / osmanskog / carstva, tom 3, Zagreb, 1979. стр. 419-420.

[20] Leften, Stavrijanos,... стр.218 и понатаму...

[21] Јован, Донев, *Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна*, ИНИ, Скопје, 1988. стр. 15.

[22] Ibid. стр. 16 (цит.) „... Германските владејачки кругови сонуваа за создавање голема трговска област што ќе се протега од Егејското Море до Персискиот Залив."

[23] Leften, Stavrijanos... стр.374 и понатаму...

издигнување на Германското царство под Бизмарк, како најголема сила во Европа.[24] За да ја неутрализира Франција, Бизмарк го обновил Троецарскиот сојуз, сочинет од Русија, Прусија и Австрија. Во рамките на сојузот, и Русија и Австро-Унгарија во однос на Балканскиот Полуостров се обврзале дека нема да се вмешуваат во тамошните услови и дека ќе се залагаат за одржување на ситуацијата статус кво. Секако, во реалноста ова не било остварливо, а тоа станало очигледно со избивањето на источната криза во 1875 година.

## ЗАКЛУЧОК

Во 1815 година, четирите големи европски сили се состанаа во Виена, со една заедничка цел: „Да ѝ зададат краен и неотповиклив крај на Наполеоновата хегемонија!“ Оваа задача за нив не била ни малку едноставна, но тие цврсто се воделе од потребата да му ја повратат гордоста на династичкото наследство кое беше насилно узрупирано и девалвирано од страна на нелегитимниот француски император. Во тој момент, иако роднински поврзани, претставниците на Англија, Австрија и Прусија лицемерно го проголтаа рускиот царски апсолутизам, претставен во ликот и делото на великиот руски цар Александар I, кој како и Вилсон во 1919 година, беше главниот протагонист на одлуките што произлегоа од Виенскиот конгрес од 1815 година и, секако, креатор на сојузот наречен Света алијанса. Целата оваа креација, за надворешната политика на Царска Русија означуваше стабилен терен и гаранција за нејзините надворешно-политички планови насочени кон Османлиската империја и кон нејзиното понатамошно реализирање и ширење на своето влијание во регионот на Југоисточна Европа, каде што низа векови живееше бројно православно население под османлиското шеријатско водство. Од тие причини, не беше мало изненадувањето во рускиот двор кога по објавувањето на војната со Османлиската империја во 1854 година, руската морнарица спроти себе, на страната на непријателот ги здогледа англиските и француските знамиња, бидејќи тоа претставуваше историски преседан дотогаш нечуен во апсолутизмот во кој за време на војна христијански земји застанале на страната на една муслиманска земја која е во војна со друга христијанска земја.

Од тие причини, не е случајно тоа што доајенот на меѓународното право од Англија, Опенхајм сосема точно ќе констатира дека современото меѓународно право е производ на христијанската цивилизација. Според него: „Современото меѓународно право на почетокот се појавило само меѓу христијанските држави и стотина години било ограничено исклучиво само на тие држави. Меѓу христијанските и муслиманските држави во претходните векови владеело постојано непријателство. Во тоа време не постоел континуиран меѓународен сообраќај ни меѓу христијанските и будистичките држави. По американската револуција од 1776 година, бројот на држави на кои се применувало меѓународното право опфатил и некои поранешни колонии во Америка, кои

[24] Ibid. стр.376

стекнале сопствена независност и биле предводени од белци. До првите промени во карактерот на меѓународното право дошло дури по Парискиот договор од 1856 година, кога меѓународното право престанало да биде право само меѓу христијанските држави, бидејќи според член 7 од Парискиот договор, тоа право било пренесено и на Османлиското царство“.[25] Ова во исто време означувало дека судбината на меѓународниот систем која била утврдена за време на реставрацијата извршена на Виенскиот конгрес од 1815 година, станала детерминирана од легитимитетот на петте големи европски сили кои во текот на XIX век се соочиле со новите предизвици што декада по декада го условиле агресивниот империјализам и го поништиле начелото на рамнотежа на силите со тоа што не успеале во својата намера да воспостават империјален систем кој би можел да ги спречи растечките тенденции што ги носело новото време.

Клучни зборови: *Француска револуција, Виенски конгрес, Света Алијанса, Кримска војна, Париски договор 1856 година.*

**Библиографија**

Џозеф С. Нај, Помладиот, *Разбирање на меѓународните конфликти вовед во теоријата и историјата*, Академски печат, Скопје, 2008.

Тарлеа. Ј.В. и група автори, *Историја новога века I,* Просвета, Београд. 1948.

Стивен М. Волт, *Потеклото на сојузите*, Табернакул, Скопје, 2009.

Владо Поповски и Ленина Жила, *Македонското прашање во документите на Коминтерната*, книга прва, Ѓурѓа, Скопје, 1999.

Хенри Кисинџер, Дипломатија, Београд, 1999.

Мартин Ван Кревелд, *Трансформацијата на војната најрадикалното повторно толкување на вооружениот конфликт по Клаузевиц*, Табернакул, Скопје, 2009.

Vladimir, Dedijer, *Interesne sfere istorija interesne sfere I tajne diplomatije uopste, a posebno Jugoslavije u Drugom svetskom ratu*, Prosveta, Beograd, 1980.

Misha, Glenny, *The Balkans 1804 – 1999; Nationalism, war and the great powers*, Granata books, London, 2000.

Јован, Донев, *Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна*, ИНИ, Скопје, 1988.

В, П., Потемкинъ, *История на дипломацията*, том I, София, 1941.

Frank, Maloy, Anderson, Amos, Shatle, Hershey, *Handbook for the Diplomatic History of Europe, Asia and Africa, 1870 – 1914*, Washington. 1918.

Josepf, von Hammer, Historija turskog / osmanskog / carstva, tom 3, Zagreb, 1979.

Stavrijanos Leften - *Balkan posle 1453 godine*, EQUILIBRIUM, Beograd, 2005.

*Povijest svijeta od pocetka do danas*, 2 izdanje, Naprijed, Zagreb, 1990.

Trevor Royle, *Crimea, The Great Crimean War 1854 – 1856*, Little, Brown and Company, 1999.

[25] Vladimir, Dedijer, *Interesne sfere...* стр. 54.

**ABSTRACT**

In 1815, the four major European powers met in Vienna with a single purpose: "To ensure the final and irrevocable end of the Napoleonic hegemony!" Their mission was far from simple; however, they were strongly driven by the need to restore the pride of the dynastic heritage which was violently usurped and devalued by the illegitimate French emperor. At that moment, regardless of their family connections, the representatives of England, Austria and Prussia hypocritically accepted the Russian Tsarist autocracy, embodied in the great Russian Tsar Alexander I who, in terms of the decisions that emerged from the Congress of Vienna (like Wilson in 1919), was the main protagonist and was certainly the creator of the informal union called the Holy Alliance.

In terms of the foreign policy of Tsarist Russia, this entire creation signified a stable terrain and a guarantee of its foreign policy plans aimed at the Ottoman Empire, as well as further expansion of its influence in the region of Southeast Europe, where a substantial Orthodox population lived under Ottoman Sharia rule for several centuries. Given the circumstances, the Russian court was shocked to learn that, after the declaration of war against the Ottoman Empire in 1853, the Russian navy found itself standing against not only the Ottoman, but also the British and French naval forces, an unprecedented event in the autocratic era where, in wartime, Christian countries sided with a Muslim country against another Christian country.

Considering the reasons listed above, this paper aims at providing a comparative analysis of the decisions made at the Vienna Congress of 1815 in terms of the changes that conditioned the established balance of power in Europe. Additionally, we intend to compare the Treaty of Küçük Kaynarca of 1774 with the decisions of the Treaty of Paris of 1856, considering them the most adequate indicator of the geopolitical interests that will condition the international system throughout the 20th century.



Изворна научна статија
УДК: 903/904:930.85(4)„18/19“

# ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС: АРХЕОЛОГИЈАТА, НАЦИОНАЛИЗМОТ И ВРЕДНОСТИТЕ НА МОДЕРНИОТ СВЕТ

—

автор: **Љубен Тевдовски**

Генерации историчари, проучувачи на политичките теории и теориите за меѓународните односи пишувале за Виенскиот конгрес, како клучна точка во развојот на европскиот и светскиот систем на односи, како и неодминлива референтна точка во научните анализи и систематизации на соодветните дисциплини.[1] Неговото значење за меѓународните односи и дипломатската практика е толку големо што многумина, и денес, глобалниот развој меѓу Виенскиот конгрес и Париската конференција го сметаат за една одделна епоха со специфични карактеристики,[2] чии традиции и рецидиви и денес влијаат врз светските релации.[3]

Ваквата широка истраженост и повеќекратно препрочитување на наследството на „виенскиот систем“, во дел од современите истражувања се става и во контекст на развојот на национализмот и идентитетите во Европа, на овој начин препознавајќи ја специфичната интеракција низ историјата

---

1 Thomas W.Smith, *History and International Relations*, (Routledge, London, UK & New York, USA, 1999), стр.104 –122

2 Во делот на дипломатијата и меѓународните односи, во својот опсежен труд за историјата на дипломатијата, професор Џереми Блек ги објаснува „интернационалниот систем, дипломатската ситуација, вклучувајќи ги и средствата на дипломатијата“ од периодот од Виенската конвенција, и уште повеќе по 1815 година, кои од многу аспекти го трансформираат дипломатскиот и меѓународниот систем во формата која ќе ја добие во дваесеттиот век. Jeremy Black, *A History of Diplomacy*, (Reaktion Books, London, UK , 2010), стр.46, 144 ‡146, 151 ‡179

3 Bill McSweeney, *Security, Identity and Interests: A Sociology of International Relations,* (Cambridge University Press, Cambridge, UK, 2004), стр. 49

на меѓународните односи и социјалните односи и трансформации во рамките на конкретни општества. Сепак, се чини дека развојот на археолошката наука во деветнаесеттиот век, кој очигледно временски кореспондира со воспоставувањето на „виенскиот систем", ретко се ставал во контекстот на овие истражувања на општествените науки.

Денес, кога поврзаноста на археологијата со развојот на национализмот е тема на повеќе современи студии, се чини дека е повеќе од интересно да се лоцира овој ран однос и заеднички почетоци на научното и културното, токму во традициите на Виенскиот конгрес, како клучна точка на современите меѓународни односи.

Оваа кратка анализа ќе започне токму од оваа позиција, но не со очекуваната цел да се стави развојот на една хуманистичка дисциплина како археологијата во некаков поширок меѓународен контекст. Напротив, целта на ова проучување е преку археологијата, нејзиниот ран развој и третманот на археолошкото наследство да илустрира една суптилна трансформација во свеста и во вредносниот систем на европските елити уште во периодот на Виенскиот конгрес, која ќе резултира со револуционерните трансформации што ќе ја создадат архитектурата на современа Европа, а преку неа и значајни релации во глобалните односи.

Пред да завлеземе во суптилните прашања на идентитетите, културите и вредностите, интересно е да се започне со познатото, но помалку афирмирано место на виенскиот систем и мултилатерален контекст за историјата на заштитата на археолошкото наследство. Имено, токму во рамките на идеите на мултилатерализмот и „балансот на силите" во периодот на Виенскиот конгрес се случува првата голема мултилатерална репатријација на археолошкото и културното наследство во модерна Европа.

Имено, по падот на Наполеоновата империја, на иницијатива на повеќе европски дипломати и вљубеници во археологијата, значајни археолошки богатства, пред сè од Рим, вклучувајќи ги и дел од најпопуларните антички скулптури како Аполон Белведерски и Лаокоон и синовите,[4] со помош на сојузничките војски ќе бидат одземени од Лувр во Париз и вратени во своите „оригинални" колекции или на своите претходни сопственици.

Централна улога во ваквата мултилатерална иницијатива која станала историски придонес на „виенскиот систем" кон меѓународниот третман на археолошкото наследство имаат тројца интелектуалци, рани археолози и дипломати. Сликарот Антонио Канова, долгогодишен врвен државник во Ватикан и Италија, кој му служел и на Наполеон Бонапарта[5] и на протераниот

[4] Stephen L. Dyson, *In Pursuit of Ancient Pasts: A History of Classical Archaeology in the Nineteenth and Twentieth Centuries*, (Yale University Press, New Haven, USA & London, UK, 2006), стр.23-26

[5] Alexander Grab, *Napoleon and the Transformation of Europe*, Palgrave Macmillan, New York, USA, 2003), стр.18

од него Папа VII[6], во полза на заштита и промоција на археолошките богатства и колекции на Рим[7]. Во рамките на новите „виенски тенденции“ за баланс на силите, се потпрел на своите рани контакти и пријателства со дипломатите од Франција, Хабзбуршката монархија и Британија, со цел да ги врати римските археолошки колекции, кои биле вклучени во Наполеоновиот „универзален музеј“ во Париз.

Во ваквиот потфат биле вклучени и некои од најреномираните претставници на победничките и поразените сили од „Концертот на Европа“, како францускиот државник, дипломат, египтолог и подоцна професор по археологија Катрмер де Кенси (Antoine Chrysostome Quatremère de Quincy), кој уште во времето на Наполеон се изјаснил против експропријацијата на артефактите од Рим,[8] и еден од најпознатите британски дипломати-археолози, Вилијам Хамилтон (William Richard Hamilton).[9]

Денес, многумина проучувачи на развојот на заштитата на археолошкото наследство и меѓународните регулативи во оваа област со воодушевување гледаат на овој раритет во европските односи, честопати поврзувајќи го со придобивките на просветлените и либералните идеи на модерна Европа и највисоките вредности на европскиот хуманизам. Сепак, објективната историска анализа согледува и многу други аспекти и причини за ваквиот развој, невообичаен и за некои подоцнежни меѓународни кризи и договори.

Имено, ваквиот чин на уривање на идејата за „универзалниот музеј“ на цивилизацијата, зад себе крие дел од длабоките слоеви на европското политичко и културно милје, кое каскало зад револуционерните преобразби на континентот под притисокот и пред политиките на Наполеоновата Франција. Во таа насока, не е тешко во раните повици на Катрмер де Кенси за поддршка на европските монарси на културните политики на папите да се препознае специфичниот однос на приврзаниците на „стариот режим“ на Бурбоните кон католичката црква и нејзините позиции во светските релации. Кога говориме, пак, за победничката Британска империја и нејзините мотиви, илустративно е професионалното портфолио на истиот Вилијам Хамилтон (William Richard Hamilton), кој толку широкоградо ги вратил археолошките артефакти од Париз во Рим. Хамилтон е еднакво познат, во тој ист мултилатерален расплет, и

6 Stephen L. Dyson, *In Pursuit of Ancient Pasts: A History of Classical Archaeology in the Nineteenth and Twentieth Centuries*, (Yale University Press, New Haven, USA & London, UK, 2006), стр.25

7 Margarita Diaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology: Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, 2007), стр.48, 72
Yannis Hamilakis, *The Nation and its Ruins: Antiquity, Archaeology and National Imagination in Greece*, (Oxford University Press, New York, USA, 2007), стр.252

8 Margarita Diaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century Archaeology: Nationalism, Colonialism, and the Past*, (Oxford University Press, New York, 2007), стр.71
Stephen L. Dyson, *In Pursuit of Ancient Pasts, A History of Classical Archaeology in the Nineteenth and Twentieth Centuries*, (Yale University Press, New Haven, USA & London, UK, 2006), стр.26

9 Donald Malcolm Reid, *Whose Pharaohs? Archaeology, Museums, and Egyptian National Identity from Napoleon to World War I*, (University of California Press, Berkeley, Los Angeles, USA & London, UK), стр.37
Stephen L. Dyson, *In Pursuit of Ancient Pasts: A History of Classical Archaeology in the Nineteenth and Twentieth Centuries,* (Yale University Press, New Haven, USA & London, UK, 2006), стр.26

како дипломатски секретар на британскиот амбасадор Лорд Елгин, и главен осмислувач на контроверзниот трансфер (и делумни оштетувања) на значајните „Елгинови мермери“ во Британскиот музеј, но и како најзаслужен дипломат за британското преземање значајни археолошки наоди на Францускиот научен институт во Египет, основан од Наполеон.[10]

Сепак, наспроти ваквата непринципиелност и субјективност во меѓународните односи, првиот значаен проект за меѓународна репатријација на археолошкото наследство крие во себе многу посуштествени идеи, еднакво важни за археологијата и за развојот на европските идентитети. Одлуката дека Центарот на универзалната империја, Париз, или кој било европски центар, нема право на универзалното културно наследство на цивилизацијата, претставува клучно идејно преориентирање кое долгорочно, иако ќе се обидува да го запре галопот на идеите на француската револуција, ќе ги поттикнува и ќе ги развие низ цела Европа.

Декларативната вредност, која ја носи оваа археорепатријација, е дека Париз не е нова Александрија, нов Рим, новиот нов Рим – Константинопол, или нов Багдад и неговата „куќа на мудроста“, туку дека овие придобивки му припаѓаат на Рим, бидејќи според констатацијата на де Кенси, „за да се разберат артефактите, тие мора да останат во нивното место на потекло“, односно во нивниот „културен контекст“.[11]

Овој клучен аргумент се издига над контекстот на Рим и Париз, победници и поразени, и над духот на времето воопшто. Тој е израз на новите идеи во Европа кои преку археологијата и другите проучувања на минатото радикално ќе ги трансформираат сегашноста и иднината на Европа.

На Виенскиот конгрес, долго доминантната Франција, како и идејата за универзална империја на просветленоста, слободата, знаењето и културата,[12] биле поразени од идејно, политички и културно различниот сојуз на големи држави, кој ја легитимира својата победа создавајќи нов мултиполарен систем на меѓународни односи кој ќе биде наречен „Концертот на Европа“. Единството во овој нов, мултиполарен европски систем се состоело во заедничката потреба на монархистичките и владејачки елити, пред сѐ во победничките кралства (и империии), да ги зачуваат своите позиции наспроти започнатите

[10] Еден од најзначајните археолошки артефакти, кои со помош на овој британски дипломат и учен ќе станат дел од колекциите на Британскиот музеј, е и познатиот „Камен од Розета“. Оваа стела на која на повеќе јазици е испишана наредба (уредба) на македонскиот крал Птоломеј V, Хамилтон ја проучувал и ја анализирал во своето дело Египтика (Aegyptiaca) од 1809, а понатамошните компаративни проучувања на текстовите на стелата биле од клучно значење за идното дешифрирање на египетските хиероглифи и развојот на египтологијата.
Donald Malcolm Reid, *Whose Pharaohs? Archaeology, Museums, and Egyptian National Identity from Napoleon to World War I*, (University of California Press, Berkeley, Los Angeles, USA & London, UK), стр.37
Stephen L. Dyson, *In Pursuit of Ancient Pasts, A History of Classical Archaeology in the Nineteenth and Twentieth Centuries*, (Yale University Press, New Haven, USA & London, UK, 2006), стр.26

[11] Margarita Diaz-Andreu, *A World History of Nineteenth-Century - Archaeology: Nationalism, Colonialism, and the Past,* (Oxford University Press, New York, 2007), стр.71
Tom Flynn *The Universal Museum – a valid model for the 21st century?* (Bizot Group, 2002) и paper from Parthenon Marbles colloquy at the London Hellenic Centre in June 2012

[12] John Hutchinson, *Nations as Zones of Conflict*, (SAGE Publications, London,UK & Thousand Oaks, California, USA & New Delhi, India, 2005), стр.38

процеси на идејни, културни и симболички трансформации, кои интензивно ја делегитимирале нивната власт.[13] Затоа, победата над Наполеон и новиот, изразено мултилатерален „виенски систем“, подразбирал, и за своите политички и геостратешки потреби предизвикал делегитимирање на општествените и научните гледишта за универзалноста на цивилизацијата и културата,[14] како и развој на културно поделени целини во кои владејачките елити имале поголема шанса за реализирање на обидите, секој на различен начин, да ги модерираат револуционерните процеси.

Овие напори постапно ги трансформираат европските монархии во политички ентитети кои се легитимираат себеси со систем на специфични вредности и култура, суштински различни од останатите, а во рамките на овој процес во текот на деветнаесеттиот век ќе се создадат и современите национални идентитети и национални држави.[15]

**Референци:**

Hutchinson, J. *Nations as Zones of Conflict*, (2005), London& Thousand Oaks & New Delhi: SAGE Publications

Reeves, J. *Culture and International Relations: Narratives, natives and tourists,* (2004), London & New York: Routledge

Diaz-Andreu, M. *A World History of Nineteenth-Century - Archaeology, Nationalism, Colonialism, and the Past,* (2007), New York: Oxford University Press,

Flynn, T. *The Universal Museum – a valid model for the 21st century?,* (2002), London: Bizot Group

Hamilakis, Y. *The Nation and its Ruins: Antiquity, Archaeology, and National Imagination in Greece*, (2007), New York: Oxford University Press,

Malcolm Reid, D. *Whose Pharaohs? Archaeology, Museums, and Egyptian National Identity from Napoleon to World War I*, (2001), Berkeley: University of California Press,

[13] John Hutchinson, *Nations as Zones of Conflict*, (SAGE Publications, London,UK & Thousand Oaks, California, USA & New Delhi, India, 2005), стр.70

[14] Julie Reeves, *Culture and International Relations: Narratives, natives and tourists,* (Routledge, London & New York, 2004), стр.15-22

[15] John Hutchinson, *Nations as Zones of Conflict*, (SAGE Publications, London,UK & Thousand Oaks, California, USA & New Delhi, India, 2005), стр.32

**ABSTRACT**

Generations of historians have written on the subject of the Vienna Congress and its impact on the European and the global system of balance of power. Their views have been diverse, ranging from admiration for the visionary creators of the century of peace to the critics that located the predatory nature of the modern states in the principles laid out in this period.

Many international affairs scholars would agree that some aspects of the contemporary global relations still depend on the principle of balance of power established two centuries ago. Yet, while it is easy to make parallels with the contemporary relations among the nations, we are obliged to bear in mind that the Congress of Vienna did not regulate the relations among nations. On the contrary, its political decisions provided the right conditions for the very creation of the nations.

The agreements of the Concert of Europe did not eliminate just the long-lasting French hegemony, it also annihilated the idea of a global empire based on the wisdom and traditions of the ancient empires. Instead, it created parallel worlds of isolated and intensively purified identities, all of them claiming different ancient roots.

Therefore, the Vienna system of international affairs did not bring just a new paradigm in the international relations, it rather changed the global tendencies of self-representation, collective identities, as well as the values of and cultural insights into different societies.

In the next hundred years, through the scientific breakthroughs of the new science of archaeology, Europe and the world will be broken into eternal and coherent nations, races, cultures and civilizations. In the nineteenth century, Europeans would not compete any more on who is more civilized, they will begin to live in different civilizations that try to annihilate each other in order to survive.



Изворна научна статија
УДК: 325.83:94(497.7)„19“

# ИСКУСТВАТА ОД ВИЕНСКИОТ КОНГРЕС И РАЗВОЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО НЕЗАВИСНА ДРЖАВА

автор: **Александар Спасеновски**

Во согласност со самата човекова природа, светската историја на народите и на државите е крајно амбивалентна и непредвидлива. Уште од најраните времиња на нашата цивилизација, па сè до денес (но и во иднина), подеднакво силен белег врз светот оставаат војните, судирите и недоразбирањата, како и политичките гестови на меѓусебна соработка, договори и разбирање.

Интересите се тие што ги определуваат позициите на нациите и на државите. Уште од времето на Пелопонеските војни, славниот историчар Тукидит на светот му објасни дека [во меѓународните односи] „силните држави го прават она што можат, а слабите она што мораат"[1]. На ваквата поставка, во вековите што следуваа до денес, се надоврзаа плејада теоретичари и практичари кои ја определија суштината на „реализмот“ како правец во меѓународните односи согласно кој „државите во односите со другите земји се поставуваат првенствено во согласност со сопствените национални интереси и дека тие во насока на нивното остварување, не се ограничени со никакви морални или етички начела и норми“[2].

Ужасите на војните од далечното, но и од поблиското минато се тука за да го потсетат светот на фактот дека луѓето кои ги водат државите, заради остварување одредена материјална

[1] Денко Малески, *Светот на Тукидит и на Макијавели*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2001, стр.: 13-99 и Денко Малески, *Меѓународна политика*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2000, стр.: 31.

[2] Александар Спасеновски, *Шефот на државата и надворешната политика*, Европа 92, Кочани, 2008, стр.: 72-78.

цел која има форма на некаков национален интерес, успеваат да ги доведат во прашање дури и најсветите нешта какви што се животите и судбините на луѓето. Впрочем, Европа тоа најдобро го знае![3] На ова тло имаме безброј вакви примери од подалечното и од поблиското минато. Во оваа смисла, на пример, за време на Првата и Втората светска војна беа извадени на површина најмрачните особини на човекот, кој, ете, уште еднаш ги помести границите на злото и на неправдата. Впрочем, холокаустот и идеите за истребување на цели народи беа тоа мрачно зло кое ја обележа европската и светската историја во 20. век[4]. Во оваа смисла, ниту најновото минато на балканските држави не отстапува од овие негативни трендови. Последната деценија на 20. век, уште еднаш нè потсети дека никогаш претходните страдања не се до крај научена лекција за да не се повторат слични злосторства во иднината. Страдањата на хрватскиот, на српскиот и на бошњачкиот народ при меѓусебните конфронтации во оваа насока, се најдобар пример за изречената болна констатација[5]. Во секој случај, луѓето, народите и државите немаат друг избор, освен и понатаму да продолжат да ги афирмираат мирот и соработката. Не постојат толку силни настани на нетолеранција и на конфликт или некои други причини кои би биле повод за напуштање на примарната човекова и национална цел за стабилност, разбирање, развој и за соработка со другите луѓе, како и со другите народи и држави.

Токму од ваквата основа, која како и чинењето зло е дел од битието на човекот, изникнале најсовршените примери на соработка и разбирање меѓу народите и државите. Секогаш, циклусите на првичен анимозитет и политичко недоразбирање кои попримиле форма на вооружен конфликт завршувале со мировни договори и компромиси. Најчесто тие процеси биле болни, тешки за прифаќање, а некогаш дури и биле отфрлани од страна на нациите-учесници. За жал, во одредени случаи таквите мировни договори се покажувале и за погрешни, односно тие биле причина за отпочнување нови циклуси на неправди и конфликтност. Во секој случај, наспроти сè, доколку со таквите договори биле воспоставени основите на мирот, односно доколку тие биле причина за запирање на насилствата, тогаш ја имаат исполнето својата примарна цел. Овој тип на настани се особено значаен дел од вкупниот развој на човештвото. Тие ги издигнуваат нациите и државите уште повисоко во насока на остварување на идеите на правдата и на правичноста. Овие договори ги поместуваат границите на доброто и на моралното, така како што конфликтноста и војните ги поместуваат границите на злото и на неморалното. Исходот од ваквите договори е воведувањето на елементот на правото и моралот (наспроти улогата на моќта) во меѓународните односи, кои се основата на институционализмот како теоретски правец[6] согласно кој (спротивно на реализмот), во светот треба

[3] Види Michael Howard, *War in European History*, Oxford University Press, New York, 2009.

[4] Види *Introduction to the Holocaust*, United States Holocaust Memorial Museum (un.org), јули 2011.

[5] Види Richard Holbrooke, *To End a War*, Random House Publishing Group, 1999.

[6] Денко Малески, *Меѓународна политика*, op.cit., стр.: 37.

целосно да се институционализира траен распоред на рамнотежа на моќта, во кој целата меѓународна заедница, врз основа на претходно изградени механизми и норми, ќе се спротивставува на каква било закана за војна или конфликт[7].

На тлото на Европа, практичен производ на овие теоретски размислувања на институционалистите, кои од противниците реалисти се опишувани уште и како идеалисти, се низа меѓународни договори кои, без сомнение, ја имаат определено траекторијата по која се движи денес европскиот континент.

Во оваа смисла, на пример, огромно е влијанието врз европската и врз светската историја на *Вестфалскиот мир од 1648 година* со кој беше окончана триесетгодишната војна што се одвивала на Стариот континент[8]. Со него, меѓу другото, Холандија станува независна држава одделувајќи се од Шпанија. И Швајцарија ја стекнува својата независност. Владетелите на различните германски држави, пак, се стекнуваат со правото да определуваат која ќе биде официјалната религија на нивните територии. Конечно, со овој договор се отрфла и идејата дека Светото римско царство има духовна доминација врз останатиот христијански свет, со што националните држави стануваат највисоко ниво на власт. Како резултат на сето ова, Вестфалскиот мир го означува почетокот на настанокот на модерните нации-држави, со што започнува да се развива и дипломатијата и надворешната политика во современа смисла на зборот.

Еднакво значајна е и *Париската мировна конференција од 1919 година*, како и договорите што произлегуваат од неа, какви што се Версајскиот и Санжерменскиот, склучен помеѓу победничките сили (силите на Антантата), од една, и поразените Германија, односно Австрија од друга страна[9]. Овие мировни договори заедно со решенијата на Вашингтонската поморска конференција, се основата на т.н. Версајски систем во меѓународните односи, кој започнал да се применува. Имено, наспроти старата филозофија (вообличена на Виенскиот конгрес од 1815 година, согласно која, Европа била третирана како променлива мапа на сојузи која може да се одржи со помош на силни војски и тајни меѓудржавни договори), се јавува нов поглед во европската и во светската политика, согласно кој една наднационална организација (Лигата на народите) би ја имала улогата на наддржавна влада со задача да ги осигура светскиот мир и безбедност. Ваквата идеја, изворно предложена од страна на претседателот на Соединетите Американски Држави (САД), Вудро Вилсон, иако се покажува за неуспешна со отпочнувањето на Втората светска војна, сепак преставува силна основа која ќе доведе до формирање на Обединетите нации (ОН) во 1945 година[10].

---

7 Александар Спасеновски, *Шефот на државата и меѓународната политика,* op.cit., стр.: 78-83.

8 Види Derek Croxton, Anuschka Tischer, *Peace of Westphalia – Historical Dictionary*, ABC-CLIO, 2001.

9 Види Michael L. Dockrill, John Fisher, *The Paris Peace Conference 1919: Peace without Victory?*, Palgrave Macmillan, 2001.

10 Види, *History of the United Nations,* (un.org), јули 2015.

Траекторијата по која се движел европскиот континент дополнително се обликувала и со други настани и меѓународни договори. Во оваа смисла, по завршувањето на Втората светска војна и формирањето на ОН како прва универзална меѓународна организација, значајно место зазема Советот на Европа (СЕ) (како најстара европска регионална организација), која започнува да постои по потпишувањето на *основачкиот акт на СЕ од 1949 година*, во Лондон, од страна на државите-основачи[11]. Со овој чекор на тлото на европскиот континент, идеите на институционалистите добиваат и своја практична форма бидејќи сè повеќе на значење добива меѓународното право наспроти политиката на моќ во односите меѓу европските држави, како и во односите меѓу граѓаните и нивните матични држави. Во оваа смисла, во рамките на СЕ се усвоени стотици меѓународни договори кои се однесуваат на прашањата на човековите права и слободи, но и на теми какви што се слободата на здружување, верските слободи и права, правото на слободно информирање, како и културната различност, здравството или локалната самоуправа. Со стапувањето на сила, пак, на Европската конвенција за човековите права (ЕКЧП), во 1953 година, граѓаните на европскиот континент добија инструмент со кој се поставуваат стандардите за практична заштита на нивните права и слободи, при што во случај тие да бидат загрозени, се предвидува можноста за заштита пред формираниот од СЕ, Европски суд за човековите права.

Освен погоре елаборираните меѓународни договори со кои народите и државите, и во практична смисла на зборот, ги потврдија заложбите за мир и за демократија, постојат и голем број други документи во прилог на изречената констатација. Во таквото море од настани, кои ја обликувале светската и европската политичка архитектура, значајно место зазема *Виенскиот конгрес од 1815 година*, кој и денес, 200 година потоа, сè уште го предизвикува вниманието на стручната и на научната јавност[12]. Ваквиот двовековен јубилеј е причина повеќе за ново навраќање на природата и на значењето на договорите како облик на меѓусебно разбирање меѓу суверените држави во насока на воспоставување траен мир.

Како и секој голем мировен договор, и овој се свикува во светлината на воените порази на Франција под власта на Наполеон Бонапарта, со цел да се исцрта одново политичката мапа на европскиот континент. Иако мислењата на теоретичарите и на историчарите се крајно амбивалентни, сепак, останува фактот дека овој настан неповратно ја променува политичката слика на стариот континент. Критичарите на решенијата на Виенскиот конгрес стојат на позициите дека тие кореспондираат со идеите на приврзаниците на состојбите „статус кво“ и дека акцентот бил ставен повеќе на осигурувањето мир и

[11] Види *The Council of Europe in brief*, (coe.int), јули 2015.

[12] Види Charles McLean Andrews, *The Historical Development of Modern Europe: From the Congress of Vienna to the Present Time 1815-1897*, Read Books Design, 2013, Brian E. Vick, *The Congress of Vienna: Power and Politics after Napoleon*, Harvard University Press, 2014 и Tim Chapman, *The Congress of Vienna: Origins, Processes, and Results*, Psychology Press, 1998.

стабилност наспроти идеите за граѓански права и слободи. Приврзаниците, пак, од своја страна, го возвишуваат значењето на овој конгрес поради фактот што со него, независно од сè, било спречено избувнувањето на една општа европска војна, односно нејзиниот почеток бил одложен за стотина години.

Гледано од денешна дистанца, 200 години подоцна, во светлината на новите меѓународни договори што се склучуваа на Балканот во последната деценија на 20. век и почетокот на 21. (Дејтонскиот мировен договор, Кумановскиот и Охридскиот рамковен договор), можеме да ги употребиме истите „про и контра“ аргументи кои се однесуваат на Виенскиот конгрес. Имено, за секој од посочените договори со кој се осигурува мирот меѓу поранешните држави-членки на Југословенската Федерација, одговараат критиките дека со нив се легализираат постоечките состојби и дека акцентот бил ставен на спречувањето на воените судири наспроти идеите за правдата и правичноста. Во секој случај, во контекст на споменатото, исходот од овие повеќемесечни разговори на тогаш моќните европски лидери е дека Швајцарија добива гаранции за својата независност; се создава германската конфедерација составена од 39 држави, наспроти претходните 300 со кои управувале Прусија и Австрија; се зголемуваат териториите на Русија и на Австрија; Норвешка, која до тогаш била во составот на Данска, влегува во унија со Шведска; повторно се организира Папската држава; се создава ново обединето кралство на Холандија, а Велика Британија, пак, добила право да воспостави протекторат над Јонските Острови.

Во најопшта смисла на зборот, сумирано, со овој договор:

- прво, се создаваат нови држави;
- второ, постојните држави ги зголемуваат или ги намалуваат своите територии;
- трето, други држави се стекнуваат со правото на протекторат над трети земји, како и
- четврто, се формираат нови сложени држави.

Вака разложени и воопштени, решенијата, на најсликовит начин упатуваат на големината на одлуките што биле донесени, како и на вкупниот ефект што тие го предизвикале врз европската и врз светската политичка архитектура. Гледано од денешен аспект, пак (низ призма на сегашниот распоред на силите во меѓународните односи, од една страна, како и актуелните меѓународно правни стандарди од друга страна), може да се заклучи дека во однос на Виенскиот конгрес:

- прво, ниту еден од меѓународните договори што се склучуваа на европскиот континент по падот на комунизмот ја нема таа историската големина и значење од аспект на опфатот на одлуките;
- второ, малку е веројатно дека денес, во светлината на постоењето на наднационални облици на поврзување на државите, можат да се случат вакви колосални историски пресвртници кои толку драматично би ја промениле картата на Европа;

- трето, овој факт, пак, е сосема добар пример дека процесот на институционализација на меѓународните односи е сериозно напреднат, односно дека правото добива сè поголемо значење наспроти силата и моќта.

Имајќи го предвид споменатото, преку примерот со Виенскиот конгрес, како и со останатите меѓународни договори што беа опишани погоре, може да се заклучи дека:

- прво, тие се резултат на претходни големи воени судири, при што, по правило, големината на судирот од аспект на територијата и жртвите, го определува и обемот на одлуките и степенот на нивното влијание;
- второ, историјата покажува дека успешни се оние меѓународни договори со кои биле спречени судирите, односно со кои бил воспоставен мирот;
- трето, за да биде прифатен еден меѓународен договор, тој треба да обезбеди баланс во остварувањето на интересите на клучните актери на меѓународната политичка сцена, како и да води сметка за елементарните интереси на завојуваните (конфронтираните) страни;
- четврто, поради сложениот сет на варијабли кои ја определуваат содржината на еден мировен договор, честопати се содржани одредени полурешенија, односно недоречености и нелогичности кои се во спротивност со начелата на правото, поради што речиси секогаш се јавуваат и сериозни критики и спорења.

Република Македонија (РМ) ја стекна сопствената независност во светлината на крупните тектонски поместувања што ги зафатија Балканот и Источна Европа по падот на комунизмот. Цврсто определена за раскинување со старото делумно авторитарно минато, РМ ги започна процесите на консолидирање на сопствената независност. Круната на овој процес беше усвојувањето на првиот демократски устав од 17 ноември 1991 година[13]. Овој акт, заедно со уставот на Словенија, беа единствените кои беа оценети како демократски од страна на Арбитражната комисија во рамките на Мировната конференција за Југославија позната уште како Бадинтерова комисија[14].

Личностите што ја градеа државата, во тој период тргнуваа од неколку основни претпоставки:

- Прво, дека РМ е единствената држава во која македонскиот народ е мнозински, па, соодветно на тоа, со оглед на фактот дека тој е носител на државноста, таа се гради во согласност со неговите очекувања и интереси;
- Второ, со оглед на тоа што во РМ, наспроти македонскиот народ, живеат и припадници на други народи, тие ќе ги уживаат сите права и слободи во согласност со највисоките меѓународни стандарди;

---

[13] Види *Устав на Република Македонија* (sobranie.mk), јули 2015.

[14] Дејан Лучка, Крај СФРЈ и арбитражна комисија мировне конференције о Југославији, Правни факултет Универзитета у Бањој Луци, Годишњак студената, година прва, 2013, стр.: 102–123.

- Трето, наспроти делумно авторитарниот социјалистички систем и планската економија, РМ се насочува кон демократски плурализам и пазарна економија при што, во оваа насока, на ниво на државен интерес го издигнува членството во НАТО и во ЕУ.

Гледано од денешен аспект, особено во светлината на првиот национално-идеолошки пилар, може да се заклучи дека процесот на државотворното стабилизирање на РМ внатре, меѓу граѓаните од сите етнички заедници, но и надворешно, во односите со другите држави, честопати се одвива на сметка на интензитетот на македонскиот национален супстрат. Во оваа смисла, како примери за цената што ја плати македонскиот народ за да ја осигури стабилноста на РМ се измените на уставот од 1992 година со кои државата, на некој начин, си го одзеде правото во согласност со меѓународните стандарди да ги развива културните и другите врски со припадниците на македонскиот народ кои живеат во соседните држави; зачленувањето на РМ во ОН под привременото име во 1993 година, како и Времената спогодба со Република Грција од 1995, со што беше инаугурирано привременото име за РМ и беше формализиран спорот меѓу двете држави околу уставното име *Република Македонија* кој трае и денес; Рамковниот договор од 2001 година со кој во интерес на стабилноста и демократичноста, македонскиот народ одново го намали своето учество и влијание врз државата и институциите во фактичка и во симболичка смисла за сметка зголеменото учество на останатите етнички заедници што живеат во државата. Во оваа насока, дополнително намалување на македонскиот етнички супстрат во државата се случи и со Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа од 2004 година кој одговараше на интересите на малцинските народи во државата.

Наспроти споменатите, во најновата македонска историја се разбира, постојат и спротивни примери со кои неповратно беше потврдена стабилноста на РМ како независна држава, а македонскиот народ беше прифатен како еднаков со останатите народи во светот. Такви примери има многу, но како најзначајни би можеле да се истакнат воспоставувањето на дипломатските односи на РМ со клучните политички актери во светот денес; членството на РМ во меѓународните организации и отворените ЕУ и евроатлантски перспективи; договорот на РМ за стратешко партнерство со САД, како и признавањето на уставното име на РМ од страна на оваа светска сила во 2004 година.

* * *

Големите ужаси во светот секогаш завршувале со мировни договори. Европското наследство е огромно, и во позитивна и во негативна смисла. Војните еднакво силно опоменуваат, како и големите настани со кои тие биле запирани. Оваа година, кога се обележуваат 200 години од почетокот на Виенскиот конгрес, е добар потсетник за исходите од судирите; за улогата на големите сили; за тоа како се решаваат судбините на народите и на државите на „зелената маса“, како и за други нешта. Независно од карактерот на решенија и (не)оправданоста на критиките, факт е дека Виенскиот конгрес

целосно ја измени европската политичка карта и одигра значајна улога во она што европските држави преставуваат денес на мапата на светот. РМ, од своја страна, како и големите европски држави во периодот од Вестфалскиот мировен договор од 1648 година, па сѐ до формирањето на ОН во 1945 година, се обидува да направи баланс меѓу стремежот да ги оствари очекувањата на нејзините граѓани наспроти политичката реалност. Сложените компромиси што беа правени заради остварување на големата цел за конечна демократска стабилизација и интеграција на државата, за македонскиот народ од аспект на тежината и значењето, одговараат на големите концесии што некогаш ги правеа денешните големи европски сили. Сепак, во случајот на РМ недостасува онаа вековна историска дистанца по која ќе може да се прават сите релевантни оцени за нивната оправданост. Во секој случај, дотогаш, останува силната верба на граѓаните во остварливоста на носечката цел за стабилна, демократска и интегрирана РМ.

**Библиографија:**


Brian E. Vick, *The Congress of Vienna: Power and Politics after Napoleon*, Harvard University Press, 2014.

Charles McLean Andrews, *The Historical Development of Modern Europe: From the Congress of Vienna to the Present Time 1815-1897*, Read Books Design, 2013.

Derek Croxton, Anuschka Tischer, *Peace of Westphalia – Historical Dictionary*, ABC-CLIO, 2001.

*History of the United Nations,* (un.org), јули 2015.

*Introduction to the Holocaust*, United States Holocaust Memorial Museum (un.org), јули 2011.

Michael Howard , *War in European History*, Oxford University Press, New York, 2009.

Michael L. Dockrill, John Fisher, *The Paris Peace Conference 1919: Peace without Victory?*, Palgrave Macmillan, 2001.

Richard Holbrooke, *To End a War*, Random House Publishing Group, 1999.

*The Council of Europe in brief*, (coe.int), јули 2015.

Tim Chapman, *The Congress of Vienna: Origins, Processes, and Results*, Psychology Press, 1998.

Александар Спасеновски, *Шефот на државата и надворешната политика*, Европа 92, Кочани, 2008.

Дејан Лучка, Крај СФРЈ и арбитражна комисија мировне конференције о Југославији, Правни факултет Универзитета у Бањој Луци, Годишњак студената, година прва, 2013.

Денко Малески, *Меѓународна политика*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2000.

Денко Малески, *Светот на Тукидит и на Макијавели*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2001.

*Устав на Република Македонија* (sobranie.mk), јули 2015.

**ABSTRACT**

The great horrors in the world always end with peace treaties. In this context, the European heritage is highly significant both in the positive and negative sense of the word. The wars fought were a warning that was as important as the great events which put these wars to an end. The Congress of Vienna should serve as an excellent reminder of the outcomes of the conflicts, the role of the great powers, the ways in which the fate of the peoples and states were decided at the "green table", etc. Regardless of the nature of the solutions, it is indisputable that the Congress of Vienna completely altered the European political map and played a significant role in what the European states represent today on the world map. The Republic of Macedonia, as well as the major European countries in the period between the Treaty of Westphalia of 1648 and the establishment of the UN in 1945, were trying to create a balance between satisfying the expectations of its citizens and the political realities at the time. The complex compromises that were made in order to realize the great goal of a final democratic stabilization and integration of the state, from the aspect of their austerity and importance, provide a clear answer concerning the extensive concessions that the great European sates of today once made. However, in the case of the Republic of Macedonia, there is a lack of a centuries-long historical distance after which it is possible to make a relevant evaluation of their justification. In any case, until such a time, the faith of the citizens of the Republic of Macedonia in the realization of the main goal of a stable, democratic and integrated state remains strong.

Keywords: *Congress of Vienna 1815, international treaties, peace conferences, the Balkans, Macedonia*



# 200 ГОДИНИ ОД КОНГРЕСОТ ВО ВИЕНА: ШВАЈЦАРСКИОТ ПАТ ДО МОДЕРНА ДЕМОКРАТИЈА

Прегледна научна статија
УДК: 321.013(4)„17“
341.214(494) „1815“

автор: **Анета Стојановска-Стефанова**

Виенскиот конгрес во 1815 година се смета за пресвртница во историјата на европското меѓународно општество. По победата над Наполеон Бонапарта, европските кралеви и државници се состанаа на Виенскиот конгрес во Австрија во периодот 1814 ‡ 1815 година, со цел да создадат услови за мир. Во 1815 година, големите сили[1] ја признаваат вечната неутралност на Швајцарија и неповредливоста на нејзиниот територијален интегритет.

Во септември 1814 година, владетелите во Европа и нивните претставници се сретнаа во Виена, по две децении револуција и војна. Нивната задача беше да ги прецртаат континенталните граници по падот на Наполеоновата империја. Неизбежно, сите големи одлуки беа направени од страна на водечките лидери на големите сили. Територијалната реконструкција на Европа одбележува само еден дел од оваа приказна. Во текот на следните седум години, Европа беше сведок на немири во Германија, Велика Британија и во Франција, и на револуција во Латинска Америка, Шпанија, Португалија, Неапол, Пиемонт, Грција и во Романија. Наспроти оваа позадина, Виенскиот конгрес беше проследен со смел експеримент во меѓународната соработка и контрареволуцијата, познат како „Конгресен систем“. Овој систем го одбележа првиот вистински обид да се изгради „меѓународниот поредок“ врз основа на консензус, а не конфликт. Целта на државниците на Конгресот беше да се обезбедат долгорочен мир и стабилност со контролирање

[1] Големите сили, коишто ги гарантираа швајцарскиот суверенитет и неутралност беа: Австрија, Франција, Велика Британија, Прусија и Русија.

на темпото на политичките промени преку меѓународна супервизија и интервенција[2].

Виенскиот конгрес имаше за цел да се создадат услови за мир, да се реорганизира Европа, да се постигне баланс на моќта помеѓу Големите сили кои го победија Наполеон Бонапарта. На овој Конгрес, Швајцарија испрати тројца претставници во Виена.

## ДЕНОТ КОГА ШВАЈЦАРИЈА СТАНА НЕУТРАЛНА

На Виенскиот конгрес, сите големи сили беа заинтересирани за швајцарската неутралност[3] и се согласија на заедничка Декларација која ќе го гарантира тоа. Победничките сили беа заинтересирани и за намалување на француското влијание. Конгресот усвои заедничка Декларација во однос на Швајцарија, на 20 март, 1815. Таму децидно е наведена неутралноста на Швајцарија и гарантирањето на интегритетот на 22 кантона, што се оценува дека е во интерес на европските држави. Истовремено, Швајцарската конфедерација се стекна со право да си ги организира внатрешните прашања засебно. Конзервативните сили победија за момент и успеаја да вратат многу стари закони. Градовите повторно доминираа над своите рурални околини, но не апсолутно како претходно. Сега тие мораа да им гарантираат редуцирана застапеност во парламентот и на селата (на пример: иако селата бројат двојно повеќе жители во споредба со градот, во Базеловиот кантонален парламент, градот Базел имаше 90 претставници, додека околината на Базел само 64 члена).

Понатаму, беа остварени одредени револуционерни достигнувања, како што е укинување на ропството, гарантирање на индивидуалните права и општото образование останува во сила.

Како и да е, поддржувачите на либерализмот[4] не исчезнале веднаш. И понатаму актуелни останале нивните главни барања, како што се: еднакво право на глас и демократски избрани совети, судските рочишта да бидат одржани во јавност, слобода на трговијата, униформни прописи на целата Швајцарија и сл.

Неутралноста, од Конгресот пред 200 години, кога големите сили се состанаа во Виена за да ги реорганизираат територијалните граници на Европа, е силно поврзана со денешната модерна Швајцарија.

---

2 За ова пошироко види: Jarrett Mark, (2014), „The Congress of Vienna and its Legacy: War and Great Power Diplomacy After Napoleon", Publisher: I.B.Tauris & Co Ltd.

3 „Неутралноста" во меѓународните односи го означува правниот статус кој произлегува од апстиненцијата на државата од учество во војна меѓу други држави, одржување на ставот на непристрасност кон завојуваните страни и признавањето од страна на вмешаните страни на оваа воздржаност и непристрасност. Според меѓународното право, овој правен статус доведува до одредени права и должности меѓу неутралната земја и вмешаните страни. Законите во врска со правата и обврските на неутралност се содржани, во најголем дел, во Декларацијата од Париз, од 1856 година, во Хашката конвенција V, 1907 (неутралност во копнена војна) и Хашката конвенција XIII, 1907 (неутралност во поморска војна).

4 „Либерализмот" се сфаќа како движење кое бара целокупната власт да биде ограничена, додека „демократијата" како движење се занимава со прашањето кој треба да ја управува власта.

Иако, во конкретниот случај, неутралноста е изречена на Швајцарија со заедничката Декларација на големите сили, кои беа решени да ја изолираат Франција во пресрет на револуционерните војни коишто го потресоа целиот континент, сепак таа го поставува темелот на парламентарната демократија што ја познаваме и денес.

## КАКО ДИРЕКТНАТА ДЕМОКРАТИЈА ЈА ПРАВИ ШВАЈЦАРИЈА ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ

Договорот од Виена во 1815, но исто така и Мирот од Вестфалија во 1648 година и Договорот од Версај од 1919, секој на свој начин придонесоа да се затвори крвавото поглавје во Европската историја.

Договорите потпишани во 1648 година затворија речиси еден век верска војна од вградениот принцип "cuius regio, eius religio" („чие царство, негова религија"). Виенскиот конгрес од 1815 година повторно го иницираше принципот на баланс на моќта, врз основа на верувањето дека сите партии делат заеднички интерес, кој ги надминува нивните ценети амбиции и потребата повторно да се воспостави концептот на нации, кој за две генерации запре територијален и идеолошки ревизионизам од тој вид, гледано за периодот 1789 ‡ 1815.

Токму затоа, Конгресот од Виена се смета за пресвртница во историјата на европското и меѓународното општество. Оттука, 2015 е година на повеќекратно одбележување во Швајцарија. Поминаа 700 години од битката на Моргартен (1315), во која конфедеративците за прв пат успешно ја одбранија својата слобода и независност со оружје; 500-годишнината од поразот на Мигнано (1515), вистинска пресвртница за понатамошен развој на Швајцарската Конфедерација актуелна и денес; и 200 години од Виенскиот конгрес (1815), во кој по победата над Наполеон Бонапарта, европските сили ја поставија идната карта на Европа и ја потврдија неутралноста на швајцарските територии како што постојат до денес и вечната оружена независност.

Принципите на примена на современа и репрезентативна демократија во повеќето земји низ целиот свет се важен дел и стремеж во политичкиот живот. За жал, само на неколку места, како што се Велика Британија, САД и Нов Зеланд, уживаат непрекинат парламентарен систем на владеење за повеќе од еден век.

Во европски рамки, постои една земја која е пример за успешно интегриран народен суверенитет во рамките на едно мултиетничко, мултијазично и мултиконфесионално општество: Швајцарија.

Швајцарија долго време е модел за мултиетничко, мултијазично општество, место во кое различни народи можат да живеат во социјална хармонија и да се обединат во заеднички интерес[5].

[5] За ова повеќе види: *Encyclopedia Britannica*, http://www.britannica.com/place/Switzerland, пристапено на 25.6.2015

Во оваа алпска република, која според својата географска местоположба е позиционирана помеѓу големи држави (Германија, Франција, Австрија и Италија), внатрешната и надворешната политика се темелат на промовирање на демократијата, заложба за просперитет и благосостојба во светот, почитување на човековите права и слободи, заложба за мирен соживот меѓу нациите и зачувување на природните ресурси.

Сојузниот устав на Швајцарската Конфедерација од 1874 година во теоријата се оценува како најдемократски и најважен устав донесен во овој период од развојот на уставноста. Со оглед на тоа што со неговите одредби е воспоставен еден изразито демократски систем, неговото значење значително ги надминало границите на времето во кое е донесен. Првото суштествено обележје на овој Устав се огледа во обликот на федерализмот што го усвоил.[6]

Второто суштествено обележје на Уставот на Швајцарија произлегува од особениот систем на власта што тој го воспоставил. Овој Устав ја отфрлил поделбата на власта и востановил собраниски систем (според други – директоријален систем на власта) и според тоа, во однос на уставите на другите земји, бил и останал оригинален.[7]

Трето суштествено обележје на овој Устав претставуваат облиците на непосредна демократија: уставотворниот и законодавниот референдум и собранието на граѓаните. Кон тоа треба да се додаде и развиената демократска локална самоуправа на Швајцарија. Сите наведени карактеристики и институции претставуваат демократски вредности на уставниот и политичкиот систем заснован на Уставот на Швајцарија[8].

И покрај тоа што прифаќа директна демократија, Швајцарија сепак е сѐ уште претставничка демократија.

Политичкиот систем во Швајцарската Конфедерација е собраниски и се темели на принципот на заемна согласност. Најголем дел од законите се создадени и усвоени од страна на парламентот. Најважната разлика, сепак, меѓу швајцарскиот систем и „индиректната“ демократија на Обединетото Кралство е всушност во тоа што граѓаните, доколку сакаат, имаат право да го стават на општо гласање речиси секој закон донесен од страна на нивните претставници.

За да дојде до реферндум, претставниците на јавноста треба да соберат 50.000 потписи (околу еден отсто од електоратот) во рок од 100 дена од денот на објавувањето на новиот закон. Сепак, анализите говорат дека во 96 од вкупно 100 случаи, не е активиран референдум, бидејќи парламентарниот процес ужива многу високо ниво на легитимитет. Заклучокот е дека тоа е така, бидејќи избраните пратеници знаат дека нивната работа ќе биде сериозно проверувана од страна на јавноста, па тие својата работа ја извршуваат одговорно.

---

[6] Климовски Саво, (2001), *Уставен и политички систем*, четврто издание, Просветно дело Скопје, стр.141.

[7] Ibid. 141-142.

[8] Ibid. 142

Сепак, кај овој собраниски ситем, доколку се случи парламентот да ги одбие одлуките донесени од страна на федералниот совет, министрите во Швајцарската Конфедерација не поднесуваат оставки, бидејќи тие се хиерархиски потчинети на парламентот (што не е случај со извршната власт во Обединетото Кралство).

Сеопфатниот систем на баланс на моќта во Швајцарија, исто така, им дава на граѓаните право да предлагаат и уставен амандман ако сакаат. Таков амандман не може, се разбира, да го прекрши меѓународното право или корпусот на човековите права. За да се потегне таква иницијатива, граѓаните треба да соберат најмалку 100.000 потписи во рок од 18 месеци.

Последно, но не и најмалку важно: основните правила на игра на демократијата во Швајцарија се контролирани од страна на граѓаните на земјата, кои го имаат последниот збор за сите уставни измени, дури и оние предложени од страна на владата и парламентот, како и за повеќето меѓународни договори.

Сојузниот Устав на Швајцарската Конфедерација од 1874 година и денес е во сила, со тоа што е менуван и дополнуван по пат на референдум преку 90 пати[9].

Интересно е да се спомене дека силните елементи на директната демократија во политиката на Швајцарија не ја ослабнуваат претставничката демократија или парламентот. Напротив, кога била етаблирана како современа република, наназад, во 1848 година, Швајцарија, како што е Обединетото Кралство денес, е поставена како индиректна демократија со еднопартиска влада. Потребно беше да поминат многу години, и да се случат многу демократски движења, за да се добие подобра поделба на власта, која сега нуди фер шанса за сите сили и групи во земјата, односно можност да земат активно учество во формирањето на политичката агенда и во одредувањето на конечните одлуки. Затоа можеби политичкиот живот најдобро го отсликува тезата дека „владата во Швајцарија не работи за луѓето, туку со нив“.

Влијанието на модерната демократија во практиката, во Швајцарија може да се измери и според констатацијата дека во оние делови од земјата каде што луѓето се повеќе вклучени во политиката, имаат подобри јавни услуги и посилни локални економии.

Од швајцарското искуство може да се извлече констатацијата дека претставничката демократија секогаш може да се применува многу подобро, доколку таа вклучува сеопфатни и методи на учество корисни за граѓаните. Во Швајцарија, за најважните (релативно малобројни) прашања одлучуваат луѓето, за важните (побројни прашања) одлучува парламентот, а за најмалку важните (најбројните прашања) се одлучува од страна на владата. Тоа е она што се подразбира под демократија во Швајцарската Конфедерација.

Надворешната политика на Швајцарија и денес, 200 години по одржаниот Конгрес во Виена, и понатаму се темели на неутралноста и на невовлекувањето

[9] Ibid.142.

во вооружени конфликти како суштински гаранции дадени во заедничката Декларација донесена на Конгресот.

Швајцарската неутралност, гледано од историска дистанца, може да се заклучи дека е во согласност со одредбите на меѓународното право, дека таа е наполно оправдана и е од особена важност за зачувување на светскиот мир. Со создавањето на неутрална Швајцарија, постигнати се повеќе клучни придобивки во меѓународните односи. Имено, Европа доби неутрализиран потенцијален извор за можни недоразбирања и конфронтации меѓу соседните нации, што претставува голем придонес кон зацврстувањето на општиот мир и безбедноста, но истовремено се создаде историски успешен пример за тоа како треба да се приоѓа во разрешувањето на потенцијални меѓудржавни односи и можни меѓународни прашања слични на швајцарското, и последно, но не помалку важно, се задоволи принципот на праведност во однос на оваа алпска република која се стреми кон слобода, мир и промовирање на демократијата.

Клучни зборови: *Европа, историја, политика, дипломатија, неутралност, слобода*

**ABSTRACT**

The Treaty of Vienna in 1815, but also the Peace of Westphalia in 1648, and the Treaty of Versailles in 1919, each in its own way brought to an end a bloody chapter in European history. The treaties signed in 1648 concluded nearly a century of religious warfare by enshrining the principle of *cuius regio, eius religio* ("whose realm, his religion"). The Congress of Vienna reinstated the principle of the balance of power, based on the belief that all parties shared a common interest transcending their respective ambitions, and re-established the Concept of Nations, which for two generations stopped territorial and ideological revisionism of the type seen from 1789 to 1815.

After defeating Napoleon, European kings and statesmen met at the Vienna Congress in Austria in 1815 in order to arrange peace conditions. All great powers were interested in Swiss neutrality and agreed on a common declaration of guarantees for it. Winning powers were also interested in reducing French influence.

The Congress of Vienna in 1815 was a landmark in the history of the European international society. It introduced a novel method of diplomacy to the conventional balance of power concept of Europe. Thus, 2015 is a multiple commemoration year for Switzerland. It has been 700 years since the battle of Morgarten (1315) in which the Confederates for the first time successfully defended their freedom and independence with weapons; 500 years since the defeat at Marignano (1515), a real milestone for the further development of the Swiss Confederation and 200 years since the Congress of Vienna (1815) when, after the victory over Napoleon I, the European powers set the future map of Europe, confirmed the borders of Switzerland's present-day territory and its perpetual armed neutrality.

Key words: *Europe, history, politics, diplomacy, neutrality, freedom*



# МАЛИТЕ ДРЖАВИ ВО ГЛОБАЛЕН КОНТЕКСТ

Прегледна научна статија
УДК: 32-027.511:342.2-022.51(4)

—

автор: Јане Трпковски

## ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА ДРЖАВИТЕ КАКО МЕЃУНАРОДЕН ЕНТИТЕТ

Современата политичка социологија јасно го разграничува опсегот меѓу општеството и нацијата, државата и власта. Јавните институции (нпр. законодавната, извршната и судската власт), обврзуваат на одреден начин на дејствување, преку правила (нпр. закони, судски одлуки, административни прописи и извршни одредби), за чие непочитување следат негативни санкции (нпр. субвенции, даноци, казни и затвор)[1]. Задолжителен критериум за стабилност е кохезивното функционирање на институциите (на локално и на централно ниво). Индикатор за евалуација на квалитетот на политичките институции е нивото на: ефикасност, стабилност, доверба, корумпираност, компетентност, инклузија, кооперативност, транспарентност и оптимална функционалност[2]. Потребата да се нагласи дефицитот на капацитет за легитимно управување на државните институции во свој домен, се објаснува со поимот „мали држави“, а поврзано е значењето и на концептот за деетатизација. Александар Пасерин Д` Антрев (*Alexander Passerin D` Antrev*), кај државата, издвојува три аспекти: моќ, власт и авторитет. Националната држава (според Вестфалискиот мир 1648 г.) ги претставува јавната, извршната и судската власт, кои го практикуваат законодавството, заради обезбедување општествена стабилност, согласно јавното мнение на граѓаните, а преку принципот на суверенитет, автономија и јурисдикција[3]. Оттука и поимот држава (преку целта –одржување стабилност) е

---

[1] Elster, Jon. *Uvod u društvene znanosti: matice i vijci za objašnjenje složenih društvenih pojava*. Zagreb: Naklada Jesenski i Turk. 2000. 176.

[2] Pavlović, Vukašin. *Država i društvo: studija iz političke sociologije*. Beograd: Čigoja. 2011. 271–9.

[3] Хејвуд, Ендрју, *Политика*, Скопје: Академски печат. 2009. 96.

втемелен во поимот институција, односно како дефинитивен збир на меѓусебно поврзани норми, верувања и вредности центрирани на важни и повторливи социјални потреби и активности[4].

Функции[5] на политичките институции се:

- формирање и дистрибуција на политичката моќ;
- насоки на позиционирање на политичките субјекти;
- утврдување нормативно–правен поредок;
- обезбедување стабилност, трајност и предвидливост на политичките процеси;
- вмрежување на комплексните општества.

Во делото „*Глобализација*", Малколм Вотерс (*Malcolm Waters*) го анализира феноменот на деетатизација и во тој контекст констатира дека националните држави прогресивно ќе стануваат ирелевантни. Дополнително, нагласува дека суверен светски поредок се постигнува преку подготвеноста на националните влади да ги почитуваат одредбите на институциите на меѓународниот фактор. Во оваа позиција, со посредство на мултилатералниот модел, принципот на суверенитетот на националните држави се прекршува во однос на двата правни принципа и како имунитет од јурисдикција и преку имунитетот на државните функции[6]. Односно, националните држави, отстапувајќи дел од суверенитетот, ги менуваат контурите, опстојувајќи паралелно со глобалните чинители и успешно извршувајќи влијание во својот домен.

Теоретските толкувања за надворешната политика се редуцираат на реализам и идеализам, но согласно парадигматските ориентации, студиите за меѓународни односи и дипломатија, на научно ниво ги применуваат следните правци[7]: реализам, институционализам, радикализам, теорија на одлучувањето, хегемонистичка теорија на стабилноста, конструктивизам и деконструктивизам.

Прво, промените што „ги затекнаа" тогашните федерации во предвечерјето на Падот на Берлинскиот ѕид (1989г.), непоколебливо имплицираат простор кон доминацијата на трите компоненти кои ги содржи Вашингтонскиот консензус:

- за слаба држава,
- за либерална демократија и
- за владеење на законот и правосудниот систем.

Второ, примената на одредбите на Вашингтонскиот консензус води кон продор на политичката глобализација, односно:

- интегритет (EU, UN),

4 Edgar F. Borgatta; Rhonda J. V. Montgomery, *ed*.. *Encyclopedia of Sociology*. Vol. 1. 5 vols. London: Macmillan Reference. 2000. 142.

5 Pavlović, Vukašin. (2011). *Opus Citatum.* Ibidem.

6 Вотерс, Малколм. *Глобализација*. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество. 2003. 165–6.

7 Спасеновски, Александар. *Шефот на државата и надворешната политика: меѓународните искуства и македонската практика во глобалниот свет.* Кочани: Европа 92. 2008. 72–90.

- стабилност (колективна безбедност NATO, OSCE),
- економско-финансиска (OECD, IMF) и
- транзициски зафати со промена на идеолошкиот апарат (основни карактеристики):
  - командното стопанство се трансформира во пазарна економија;
  - еднопартискиот систем е заменет со мултипартиден систем;
  - демократски медиумски простор и плурален граѓански сектор.

Трето, во овие услови, државите аспирираат кон полноправно членство во заедници, формални организации и региони од наднационално ниво. Но, се поставува прашањето дали, со кои механизми и во колкав обем националните држави успеваат да одговорат на предизвиците на националната граѓанственост. Тука, не е спорно нивото на регулација на поредокот, согласно управните институции кои ги надминуваат границите на националните држави и кои ги опфаќаат. Замката е во позицијата на светската сцена. Имено, за таа цел, државите во меѓународните односи создаваат механизми на позитивна адаптивна функција[8]. Центрите за одлучување на наднационалните граници, со право се воспоставуваат кога пониските нивоа не можат успешно да управуваат и да разрешуваат транснационални и меѓународни проблеми[9].

## ГЛОБАЛНИОТ КОНТЕКСТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФАКТОР

Интерпретирана како Нов светски поредок, некои научници тврдат дека политичката глобализација е без преседан. Опфаќа процеси коишто упатуваат на принципот на државниот суверенитет, растечкото влијание на граѓанскиот сектор и изгледите за регионално и глобално раководење. Лордот Ентони Гиденс (*Anthony Giddens*), внимателно истакнува дека таа влече нагоре, турка надолу, но притиска и странично[10].

Прво, во делото *„Глобални трансформации: економија, политика и култура“*, Дејвид Хелд (*David Held*) го анализира феноменот на мултидимензионалната глобализација и ефектите од нејзиното влијание врз демократскиот развој на националните држави. Во три рубрики систематизира концепции за политичката глобализација:

Хиперглобалистите постигнуваат консензус дека доминантни карактеристики се глобален капитализам, глобална управа, глобално граѓанско општество. Моќта на националните влади опаѓа или се нарушува. Концептот за глобализацијата упатува на преуредување на границите на човековото дејствување. Оттука, дефинитивниот аргумент е крај на националната држава.

---

8 Трпковски, Јане. *Државата во услови на глобализација*. Скопје: Филозофски факултет. Дипломски труд. 2012.

9 Held, Dejvid. *Demokratija i globalni poredak: od moderne države ka kosmopolitskoj vladavini.* Beograd: Filip Višnjić. 1997. 274.

10 Гиденс, Ентони. *Забеган свет: како глобализацијата ги преобликува нашите животи.* Скопје: Филозофски факултет. 2003 12.

Трансформационистите постигнуваат консензус дека доминантна карактеристика за светот кој се менува е сè помалку меѓузависен, отколку во XIX в. Моќта на националните влади е зајакната. Концептот за глобализацијата упатува на интернационализација и регионализација. Оттука, дефинитивниот аргумент е интернационализацијата зависи од прифаќањето и од поддршката на националните влади.

Скептиците постигнуваат консензус дека доминантни карактеристики на актуелната светска политичка сцена се „густа" (интензивна и екстензивна) глобализација. Моќта на националните влади е реконструирана и реструктурирана. Концептот за глобализацијата упатува на преуредување на меѓурегионалните односи и дејствување на дистанца. Конечно, дефинитивен аргумент е глобализацијата ја трансформира моќта на националните влади и на светската политика[11].

Второ, во делото *„Управувањето отаде националната држава",* Михаел Цирн (*Michael Zurn*) го анализира феноменот на ефикасноста на управување на меѓународните институции, на три нивоа:

- безбедноста
- животниот стандард и
- подрачјето на финансии и монетарна политика.

Генерално, укажува на одреден степен на дефицит во ефикасноста на нивното управување и предлага четири механизми за управување:

- конститутивно
- дистрибутивно
- регулативно уредување и
- редистрибутивна политика.

Се очекува да придонесат кон функционално постигнување на целите на Новиот светски поредок[12]. Во прилог, целта на Новиот светски поредок е создавање *Stateless Global Governance*[13]. Ингеренции[14] на институционалниот столб се:

- ООН (United Nations)
- да бидат центар при одржување на меѓународниот мир и безбедност,
- да развиваат пријателски односи меѓу нациите,
- да остваруваат меѓународна соработка.
- НАТО (North Atlantic Treaty Organization)

---

[11] Held, David *et al*. *Global Transformations: Politics, Economics and Cultures*. California: Stanford University Press. 1999. 10.

[12] Cirn, Mihael. *Upravljanje sa one strane nacionalne države: Globalizacija i denacionalizacija kao šansa*. Beograd: Filip Višnjić. 2003. 164–73.

[13] Lozina, Duško. „Globalizacija i suverenitet nacionalne države". *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu*..43, 1. Split: Pravni fakultet. 2006.

[14] Vukadinović, Radovan. *NATO u međunarodnim odnosima*. Zagreb: 2006. Fakultet političkih znanosti. 19.

- да ја обезбедуваат својата сигурност, слобода, заедничко наследство и цивилизација,
- да бидат засновани на демократија, индивидуална слобода и владеење на правото,
- да ги здружат напорите на членките за обезбедување мир и сигурност,
- да се помага за стабилност на системот на добросостојба на С. Атлантик „ефектот чадор" (опфатен во *Чл. 5. од Договорот*).
- СБ (World Bank)
- да се намалува ризикот во странското водење,
- да се поддржува економската стабилност.
- СТО (World Trade Organization)
- да се „либерализира" светската трговија и
- да се создаде отворен „глобален систем на трговија".
- ММФ (International Monetary Fund)
- да реализира целосен мониторинг на глобалните правила на управување со парите, особено преку систем на утврдени девизни курсеви да одржи стабилност на валутата.

Од прв агол, ингеренциите на институциите од овој модел се темелат на Вашингтонскиот консензус. Во тој контекст, во делото „*Демократијата и глобалното владеење"*, Дејвид Хелд (*David Held*) го анализира феноменот на промени врзани со суверенитетот на националните држави, а под влијание на меѓународните институции. Нагласува дека импликациите од управувањето на меѓународниот фактор (нпр. EU, NATO) го намалуваат распонот на можностите на „малите" држави. Констатира: во меѓународните односи, автономијата и суверенитетот на државите се ограничени. Државите се истовремено актери кои создаваат и го регулираат проблемот. Затоа, потребно е да се развие механизам на „космополитско владеење".

Од втор агол, според Аболаде Аденији (*Abolade Adeniyi*)*, државните институции* се доминантни ентитети во меѓународните односи во XXI в. Без конкуренција, извршуваат клучни општествени функции (политички и економски). Илустративно, и покрај губењето на суверенитетот, тие ја одржуваат војската, водат војни, водат дипломатија, преговараат за договорите, надгледуваат меѓународни организации, влијаат и во значајна мера ги формираат производството и трговијата[15].

Од трет агол, според Еуген Пусиќ, глобалниот монопол на политичка моќ е легитимен и ги опфаќа речиси сите земји, но не може да се констатира дека светскиот поредок е стабилен[16]. Тоа се потврдува со промените во

[15] Adeniji, Abolade. „Suverenost nacionalne države u eri globalizacije". *Politička misao*. Vol. 41. No 3. Zagreb: Fakultet političkih nauka. 2004.

[16] Pusić, Eugen. „Može li se država još opravdati?". *Politička misao*. Vol. 39. No 2. Zagreb: Fakultet političkih nauka. 2002.

истори(ограф)скиот тек на меѓународниот развој во гео–политичките промени, кој минува низ три фази[17]:

- мултиполаризмот (нпр. петте големи европски сили, *post* 1815г.);
- биполаризмот (нпр. блоковската поделеност – САД и СССР до 1989г.);
- униполарноста (нпр. САД денес).

**Приказ 1[18]. „Концепт на тезата за хегемонска стабилност“**

| | |
|---|---|
| фокус | конкуренција во судирот на интереси за моќ на глобално ниво. |
| конститутивен елемент | државниот центризам. |
| главни актери | територијално суверените држави. |
| глобализација | – како стратегија, упатува на натпреварот на неколку моќни држави во современата светска политика.<br>– како процес, се сведува на стекнување, дистрибуција и примена на моќта за одлучување. |
| теза | главните актери во меѓународните односи се:<br>– склони кон територијални прашања<br>– насочени се кон личниот просперитет<br>– придонесуваат за конкуренција во судирот на интереси за моќ. |

Глобалната политика при класификацијата на варијантите на хегемонскиот државен систем, како критериум го зема бројот на држави во меѓународните односи во кои е концентрирана моќта за глобални одлуки. Се фокусира кон димензијата простор, а не кон нацијата (нпр. интензивирање на опсегот на глобалната економија).

Според М. Цирн (*M. Zurn*), формите на управување отаде националната држава[19] се на три нивоа:

- управување *од* власт (хиерархиско), уредено од надредените централни инстанци;
- управување *со* власт (кооперативно), државата во дипломатските преговори е дополнета од меѓународните институции (во позиција *primus inter pares*);
- управување *без* власт, владите не се дел од инстанците кои нив ги уредуваат (нпр. при транснационални договори без државно осигурување).

[17] Виоти, Пол Р., and Марк В. Каупи. *Меѓународни односи и светска политика: безбедност, економија, идентитет.* Скопје: Академски печат. 2009. 47.

[18] Шолте, Јан Арт. *Глобализација: критички вовед*. Скопје: Академски печат. 2008. 167–9; 177.

[19] Cirn, Mihael, *Opus Citatum.* (50–7; 260; 128–30).

Препораките за институционални промени, тој ги фокусира во три домени:

- да се унапредат безбедноста и општествената добросостојба преку заедничко дејствување на меѓународните, националните и субнационалните политички уредувања;
- потребна е демократизација на таквите аранжмани на повеќе нивоа и
- потребни се механизми кои во комплексниот свет ќе ја задоволат потребата за идентитет, а да не се тргнува кон механизмите на исклучување и фрагментација.

За решавање на проблемите со наднационални ингеренции, Д. Хелд (*D. Held*) предлага изградба на нов модел на демократија, кој ќе овозможи подеднакво, заедничко учество на граѓаните од трите групи земји, според глобалните параметри за демографски развој. Исто, потребни се промени во доменот на суверенитетот и меѓународната соработка.

Според Франсис Фукујама (*Francis Fukuyama*), процесот на „градење нација“[20] опфаќа три аспекти:

- постконфликтна реконструкција;
- самоодржливост на националните институции;
- правно зајакнување на политичките институции во државите.

Дизајн-методологијата за компаративна социолошка анализа[21] чиј предмет е влијанието на глобализацијата врз промените во структурата и функционирањето на институциите на националните држави, потребно е да ги поврзе следниве сегменти:

- дејствување, управување, координација и поврзување на национални држави на гео-политичка дистанца, а со различен коефициент за индекс на индикатори:
  - на OECD за (Better Life Index)
  - на UNDP за (Human Development Index, Multidimensional Poverty Index и Gini Ratio).
- на општества со разлики меѓу
  - политичките системи
  - транзициските фази и историскиот развој
  - културалните елементи.

---

[20] Фукујама, Франсис. *Градење држава: управувањето и светскиот поредок во 21 век*. Скопје: Слово. 2012. 127–9.

[21] Трпковски, Јане, (2012). *Opus Citatum.*

## РЕЗИМЕ: СОЦИЈАЛНАТА ПОЗИЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ДРЖАВИ ВО ГЕО-ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Прво, „малите држави“ во процесот на транзицијата[22] минуваат низ институционален вакуум, нпр. случајот со регионот З. Балкан.

Стагнацијата во демографскиот развој меѓу две пописни книги е последица од политичките деструктивни околности во деведесеттите и економски неповолните надворешни шокови. Тука, хибридниот систем го отежнува растот и ги намалува можностите за одржливост на макроекономскиот развој.

Гео-политичката положба и ангажманите за создавање пазарни институции, односно реформите спроведени во последната деценија, поттикнуваат статистички движења со линеарен прогрес (го следат *темпото Б1 на Кондратиефовиот бран*).

Второ, во случајот со Р. Македонија.

Кај моделот на приватизација[23], спорен е екстензивниот метод кој бара високи екстерни влогови и обемен дел непроизводни фондови. Овој избор ефектуира со раслојување на населението по распределбата на приходи[24] (на дното – домаќинства без инфраструктурна опременост, со случаи на морбидитет, семејства со структурално невработени стечајни случаи и лица вработени на пониски места во индустрискиот и во услужниот сектор. На врвот – сопственици на медиумски куќи, индустриски и услужен сектор, функционери на високи позиции и поретко богати наследници).

Според актуелните статистики (*UNDP*), во последната деценија земјата бележи тренд на одржлив економско-демографски развој. Овие движења ефектуираат од успешните странски инвестиции, мерките за рурален развој, реформите во клучните институции на системот[25].

Трето, карактеристики на земјите од првиот, вториот и од третот свет[26].

Земјите од првиот свет (нпр. САД; З. Европа) успешно постигнуваат одржлив развој во повеќе домени, преку електронски вмрежен бирократски систем.

Земјите од третиот свет (нпр. Супсахарска Африка) се соочуваат со примарни социјални проблеми: глад, епидемија, низок очекуван животен век. Населението е на прагот од апсолутна сиромаштија.

---

[22] Reinert, Erik S.. *Globalna ekonomija: kako su bogati postali bogati i zašto siromašni postaju siromašniji*. Beograd: Čigoja štampa. 2006.
Колодко, Гжегож В.. *Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалстичките земји.* Скопје: Економски институт. 2004.

[23] Кљусев, Никола, *ed*. *Економијата на Македонија во транзиција: (проблеми, дилеми, цели)*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите. 2002.

[24] Трпковски, Јане. *Раслојувањето на населението во процесот на транзицијата.* Скопје: Филозофски факултет. Магистерски труд. 2014.

[25] Трпковски, Јане, (2014). *Opus Citatum*. Ibidem.

[26] Трпковски, Јане, (2014). *Opus Citatum*. Ibidem.

Земјите од вториот свет или „малите држави“ (нпр. З. Балкан), поставуваат различни критериуми за одржлив развој (нпр. еквивалентни скали при *SES Households Ranking*). Тоа е прв проблем и е методолошка бариера при компаративни анализи (нпр. во анализите на демографски диспаритети меѓу регионите).

Втор проблем се нееднаквите животни можности – водат до негативно демографско салдо. Имено, од економски мотиви, кадар (со ВСП), во возрасниот опсег 25–29, ги користи програмите (кои активно ги применуваат високоразвиените земји) за селекција на работната сила согласно класификацијата на занимањата *ILO*. (Нпр. тренд на пораст во стапките на надворешен емиграциски бран).

Трет проблем е нивото на ефикасност во функционирањето на институциите. Односно, во дипломатските односи преку мултилатералниот модел, принципот на суверенитетот се прекршува и покрај фактот што националните држави и натаму остануваат доминантни ентитети во меѓународните односи и во дипломатијата.

Клучни зборови: *дипломатија и меѓународни односи, суверенитет и автономија, одржлив развој.*

**Библиографија:**

Adeniji, Abolade. „Suverenost nacionalne države u eri globalizacije”. во *Politička misao*. Vol. 41. No 3. Zagreb: Fakultet političkih znanosti. 2004.

Cirn, Mihael. *Upravljanje sa one strane nacionalne države: globalizacija i denacionalizacija kao šansa*. Beograd: Filip Višnjić. 2003

Edgar F. Borgatta; Rhonda J. V. Montgomery, *ed*.. *Encyclopedia of Sociology*. Vol. 1. 5 vols. London: Macmillan Reference. 2000.

Elster, Jon. *Uvod u društvene znanosti: matice i vijci za objašnjenje složenih društvenih pojava*. Zagreb: Naklada Jesenski i Turk. 2000.

Grande, Edgar. „Od nacionalne države do transnacionalnoga režima politike – državna upravljačka sposobnost u globalizacijskome razdoblju”. во *Politička misao*. Vol. 39. No 2. Zagreb: Fakultet političkih znanosti. 2000.

Held, David *et al*.. *Global Transformations: Politics, Economics and Cultures*. California: Stanford University Press. 1999.

–––––. *Demokratija i globalni poredak: od moderne države ka kosmopolitskoj vladavini.* Beograd: Filip Višnjić. 1997.

Lozina, Duško. „Globalizacija i suverenitet nacionalne države”. во *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu*. 43, 1. Split: Pravni fakultet. 2006.

OECD. Методологија, (индикатори и индекси).

Pavlović, Vukašin. *Država i društvo: studija iz političke sociologije*. Beograd: Čigoja štampa. 2011.

Pusić, Eugen. „Može li se država još opravdati?". во *Politička misao*. Vol. 39. No 2. Zagreb: Fakultet političkih znanosti, 2002.

Reinert, Erik S.. *Globalna ekonomija: kako su bogati postali bogati i zašto siromašni postaju siromašniji*. Beograd: Čigoja štampa. 2006.

UNDP. Методологија, (индикатори и индекси).

Vukadinović, Radovan. *NATO u međunarodnim odnosima*. Zagreb: Fakultet političkih znanosti. 2006.

Виоти, Пол Р., and Марк В. Каупи. *Меѓународни односи и светска политика: безбедност, економија, идентитет.* Скопје: Академски печат. 2009.

Вотерс, Малколм. *Глобализација*. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество. 2003.

Гиденс, Ентони. *Забеган свет: како глобализацијата ги преобликува нашите животи.* Скопје: Филозофски факултет. 2003.

Колодко, Гжегож В.. *Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалстичките земји.* Скопје: Економски институт. 2004.

Кљусев, Никола, *ed*. *Економијата на Македонија во транзиција: (проблеми, дилеми, цели)*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите. 2002.

Спасеновски, Александар. *Шефот на државата и надворешната политика: меѓународните искуства и македонската практика во глобалниот свет.* Кочани: Европа 92. 2008.

Трпковски, Јане. *Државата во услови на глобализација*. Скопје: Филозофски факултет. Дипломски труд. 2012.

*Раслојувањето на населението во процесот на транзицијата.* Скопје: Филозофски факултет. Магистерски труд. 2014.

Фукујама, Францис. *Градење држава: управувањето и светскиот поредок во 21 век*. Скопје: Слово. 2012.

Хејвуд, Ендрју. *Политика*. Скопје: Академски печат. 2009.

Шолте, Јан Арт. *Глобализација: критички вовед*. Скопје: Академски печат. 2008.

**ABSTRACT**

The objective of this paper is to interpret the crucial changes in the political systems of small states on the world stage in the period from the early 1990s to the present. It analyzes the mechanisms of institutional governance on the global and, in particular, central level in circumstances of limited sovereignty and autonomy of the national states.

The central thesis focuses on the intensified actions undertaken by the international institutions, putting to the test the capacity of political and legislative institutions of the national states in their efforts to remain faithful to the principles of the Treaty of Westphalia. In diplomacy, through the multilateral model, the principle of the sovereignty of the national state is violated in terms of two legal aspects: as jurisdictional immunity and the immunity of the office bearers. Sociologists whose

field of interest is political globalization agree that, despite the fact that national states are the principal entities in international relations, there is a lack of capacity for legitimate governance in state institutions and their respective domains; the terms used in the context of this phenomenon are *de-etatization* and *small states*.

The final sections of this paper focus on the mechanism of the conjoining of national states which are distant in terms of their geopolitical positioning , which manifest unequal values of the indices for a sustainable economic and demographic development, and whose political and legislative systems and ideological apparatuses are different. The paper also focuses on the contact between societies which have different material and spiritual cultures and history and whose civilizational background is also different. These two aspects are related to the world policy model which influences the economic logic and global inequality.

From the methodological point of view, such policy phenomena are successfully interpreted through the theoretical concepts of *de-etatization*, *cosmopolitan governance* and *governance beyond the national state*.

**Јорданка Галева** е родена на 7.7.1977 година во Скопје, Македонија. Своето високо образование, во сите три циклуси го завршува на Универзитетот на Болоња во Италија. Дипломирала на Факултетот по политички науки, на насоката за меѓународна политика, и се стекнала со титула дипломиран политиколог и магистер по политикологија. Магистрирала на Економскиот факултет, стекнувајќи се со титула магистер по економија на кооперација, додека докторските студии ги завршува на истиот универзитет, во кооперација со Универзитетот во Пиза, стекнувајќи се со титула доктор по меѓународна соработка и политики за одржлив развој. Моментално работи како универзитетски доцент, предавајќи предмети од областа на геополитиката и човековите и малцински права. Има издадено повеќе научни трудови на теми поврзани со мултикултурализмот, правата на малцинствата и геополитиката. Е-маил: dance.galeva@gmail.com

**Иван Дамјановски** е доцент на политичките студии на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Тој е и визитинг-истражувач во Центарот за компаративни и меѓународни студии при Швајцарскиот федерален технолошки институт во Цирих. Дамјановски е основач и истражувач во Институтот за демократија „Societas Civilis” во Скопје. Е-маил: damivan@gmail.com

Доц. д-р **Иванка Додовска** е родена на 23.4.1981 година, во Скопје. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје, на отсекот за политички науки во 2004 година и истата година започнала да работи на факултетот како демонстратор на катедрата за правно-историски науки. Нејзината магистерска теза под наслов „Размена на малцинства помеѓу Кралството Грција и Царството Бугарија и процесот на формирање на националните држави на Балканот“ ја одбранила во 2009 година, со што се стекнала со академскиот степен магистер на науки. Нејзината докторска дисертација под наслов „Балканската Антанта од 1934 до 1941 година и македонското прашање“ ја одбранила на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во 2012 година, при што се стекнала со академскиот степен доктор на правни науки. Во јануари 2013 година е избрана во наставно-научното звање доцент на научната област Историја на правото. Предава на политичките студии и на студиите по новинарство и ги предава предметите: современа европска и македонска историја (19 – 20 век), историја на дипломатија, современа балканска историја, религиозни движења во Југоисточна Европа. Била учесник на повеќе национални и меѓународни собири и конференции со свои реферати и излагања, кои се објавени во стручни и научни публикации. Е-маил: inadodovska@gmail.com

**Ненад Марковиќ** е доцент на политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје. Магистерските студии ги завршува на Европската регионална мастер програма за демократија и човекови права во Југоисточна Европа (ERMA) – Универзитет во Сараево/

Болоња во 2003. Докторската теза ја одбранил во 2010 година, на матичниот универзитет, на тема „Влијанието на организациите на цивилното општество на македонската демократска транзиција и консолидација“. Основач е и истражувач на Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, и член на уредувачкиот одбор на списанието „Политичка мисла“. Неговите академски интереси се фокусираат на политичка теорија, политичка филозофија, национализам, цивилно општество, политички мит и култура итн.
Е-маил: nenad.markovic@gmail.com

Д-р **Александар Спасеновски** е доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија. Спасеновски докторирал на тема што се однесува на уставно-правниот статус на религиите и на слободата на вероисповест. Тој три пати бил избиран за пратеник во македонскиот парламент, а бил и стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер“. Е-маил: macedoniae@gmail.com

**Анета Стојановска-Стефанова** е родена 1982 година во Штип. Магистер е на политички науки во областа европска и меѓународна политика и дипломатија. Работи како асистент на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во научната област меѓународни односи и историја на дипломатијата. Автор е на повеќе трудови во домашни и меѓународни списанија. Коавтор е на книгата: „Европски и регионални искуства во делот на транспортната политика“ (2014), Печатница 2 Август – Штип. Во 2009 година, добитник е на наградата за посебни заложби од страна на Канцеларијата на УСАИД во Скопје, за докажано лидерство и континуирана поддршка во процесот на развој и имплементација на Автоматскиот систем за распределба на ЦЕМТ дозволи, како и за раст на транспарентноста, чесноста и посветеноста во рамките на проектот на УСАИД, наречен Е-влада. Во 2015 година, доби орден на заслуги „Претеча“ за особен придонес во обновата на Бигорскиот манастир Св. Јован Крстител. Е-маил: aneta.stojanovska@gmail.com

Амбасадорот **Љубен Тевдовски** има опсежно и разновидно портфолио во областите на меѓународните односи и културните политики. Неговиот професионален профил е изграден врз повеќегодишните теоретски истражувања, искуствата како предавач, но и професионалните ангажмани во овие области. Тевдовски бил амбасадор на Република Македонија во Канада, советник за јавна дипломатија на претседателот на Република Македонија и повеќегодишен член на Советот за надворешна политика на претседателот на Република Македонија. Тој ја исполнувал должноста раководител на Секторот за национални приоритети на македонското Министерство за надворешни работи и заменик-директор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија. Амбасадорот Тевдовски магистрирал на Универзитетот во Малта, а докторирал на Филозофскиот факултет, на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Тој предавал јавна и културна дипломатија на Македонската

дипломатска академија, вработен е на вториот најголем универзитет во Република Македонија, Универзитетот „Гоце Делчев", а одржувал предавања на различни универзитети во Македонија и во странство. Тевдовски се вбројува меѓу основачките членови на Уредувачкиот одбор на „Крстопати" – македонскиот журнал за надворешна политика, во издание на Министерството за надворешни работи, каде што повеќе години бил член на уредувачкиот одбор и советник.
Амбасадорот Тевдовски соработувал со различни меѓувладини, меѓународни и национални институции, образовни и граѓански организации. Тој има објавено книги и прирачници, како и текстови и анализи во повеќе македонски и меѓународни списанија. Е-маил: tevdovski@yahoo.com

М-р **Јане Трпковски** е роден 1988, во Скопје. Академската титула и звање ги стекнува на Филозофскиот факултет – Скопје. Од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања е ангажиран на позицијата аналитичар во доменот економска демографија. Во националните медиуми е консултиран како експерт во областа на општествените промени. Учесник е на национални и меѓународни семинари. Интерес во социологијата: теоретски – современи политички промени; применети – економско-демографски развој; практични – дизајн-методологија и статистички анализи. E-mail: trpkovskij@yahoo.com

**Ivan Damjanovski** is Assistant Professor at the Political Science Department at the Faculty of Law, Ss Cyril and Methodius University in Skopje and guest researcher at the Centre for Comparative and International Studies at the Swiss Federal Institute of Technology in Zurich. He is also researcher at and the founder of the Societas Civilis Institute for Democracy in Skopje. E-mail: damivan@gmail.com

**Ivanka Dodovska** (1981) obtained her BA degree in Political Science from the Faculty of Law in 2004, when she was also elected Teaching Assistant at the Department of Legal and Historical Studies. She defended her MA thesis titled "The exchange of the minorities between the Kingdom of Greece and the Bulgarian Empire and the process of establishment of the national states in the Balkans" in 2009, and her doctoral thesis titled "The Balkan Entente from 1934 to 1941 and the Macedonian question" in 2012 at the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje. In January 2013 she was elected Assistant Professor of History of Law at the Department of Political Studies and Department of Journalism where she teaches courses on contemporary European and Macedonian History (19th to 20th centuries), history of diplomacy, contemporary Balkan history and religious movements in Southeastern Europe. She has participated in a number of Macedonian and international gatherings and her scholarly papers have been published in relevant scholarly journals. E-mail: inadodovska@gmail.com

**Jordanka Galeva** (1977) obtained her BA and MA degrees in International Policy from the Faculty of Political Sciences in Forlì, University of Bologna and her MA degree in the Economics of Cooperation from the Faculty of Economics at the University of Bologna, where she also completed her multidisciplinary PhD studies in the field of international cooperation and sustainable development policies. She is currently Assistant Professor, teaching courses in geopolitics and in human and minority rights and has published several articles on topics related to multiculturalism, minority rights and geopolitics. E-mail: dance.galeva@gmail.com

**Nenad Marković** is an assistant professor at the political science department of the Law Faculty "Justinian I" - Ss. Cyril and Methodius University. He has obtained his MA degree at the European Regional Master Programme in Democracy and Human Rights in Southeast Europe (ERMA) – University of Sarajevo/University of Bologna in 2003. Professor Marković defended his PhD thesis in 2010 at his home university. The topics was "The impact of civil society organizations on the democratic transition and consolidation in the Republic of Macedonia." He is founder and a senior researcher in the Institute for Democracy "Societas Civilis" – Skopje and a member of the editorial board of the quarterly magazine "Political thought". His main interests are political theory, political philosophy, nationalism, civil society, political culture/myth etc. E-mail: nenad.markovic@gmail.com

**Aleksandar Spasenovski** is Assistant Professor at the Iustinianus Primus Faculty of Law, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. Spasenovski's doctoral thesis explores the constitutional and legal status of religions and freedom of religion. He has served three terms as an MP in the Macedonian parliament, and was a scholar of the Konrad Adenauer Foundation. E-mail: macedoniae@gmail.com

**Aneta Stojanovska-Stefanova** (1982) holds an MA degree in Political Sciences, specializing in the fields of European and international politics and diplomacy. She is Teaching Assistant at the Goce Delčev University in Štip where she teaches tutorials in international relations and history of diplomacy. Her papers have been published in domestic and international journals and has co-authored the study entitled *European and Regional Experiences in the Transportation Sector*. In 2009 she won the award for special efforts from the USAID Office in Skopje for proven leadership and continuous support in the process of the development and implementation of the automatic system for the distribution of ECMT licenses, as well as for her contribution to the growth of transparency, honesty and commitment within the USAID E-Government Project. In 2015 she was awarded the Order of Merit for her contribution in the rebuilding of the Bigorski Monastery of St. John the Baptist in the Republic of Macedonia. E-mail: aneta.stojanovska@gmail.com

Ambassador **Ljuben Tevdovski** has an extensive and diverse background in the fields of international relations and cultural policies. His professional profile is based on many years of theoretical research, teaching, as well as great experience as practitioner in these fields.
Tevdovski has served as Ambassador of the Republic of Macedonian to Canada and as Advisor for Public Diplomacy to the President of the Republic of Macedonia. He is a long-standing member of the Council for Foreign Policy of the President of the Republic of Macedonia. He was also Director of the Sector for National Priorities at the Macedonian Ministry of Foreign Affairs and Research Deputy Director of the Holocaust Fund of the Jews from Macedonia.
Ambassador Tevdovski holds an MA in Diplomacy from the University of Malta and a PhD from the Faculty of Philosophy, Ss Cyril and Methodius University. He has taught Public and Cultural Diplomacy at the Macedonian Diplomatic Academy and has taught at the Goce Delčev University in Štip, the second largest university in Macedonia.. He has also taught at different universities abroad. Tevdovski is one of the founding members of the Editorial Board of *Crossroads*, the Macedonian foreign policy journal published by the Macedonian Ministry of Foreign Affairs. He has served on the Board and has been advisor for the journal for a number of years. Ambassador Tevdovski has cooperated with various intergovernmental, international and national institutions, and educational and civic organization. He has published books and toolkits, as well as articles and analyses in various Macedonian and international publications. E-mail: tevdovski@yahoo.com

# // ABOUT THE AUTHORS

**Jane Trpkovski** (1988) gained his BA and MA degrees from the Faculty of Philosophy in Skopje. He has worked as a consultant and analyst in the field of economic demography at the Department of Sociological, Political and Juridical Research and has been consulted as an expert in the domain of social changes by the national media. He has also participated in domestic and interna tional seminars. His scholarly interests include theoretical, applied and practical approaches – contemporary political changes, economic and demographic development and design methodology and statistical analysis, respectively.
E-mail: trpkovskij@yahoo.com

**Издавач:** Фондација „Конрад Аденауер“, Република Македонија

**Основачи:** д-р Ѓорге Иванов, м-р Андреас Клајн

**„Политичка мисла“ - Уредувачки одбор:**

| | |
|---|---|
| Јоханес Д. Раи | Фондација „Конрад Аденауер“, Германија |
| Андреас Клајн | Фондација „Конрад Аденауер“, Германија |
| Владимир Мисев | Институт за демократија „Societas Civilis“ Скопје, Република Македонија |
| Ненад Марковиќ | Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Македонија |
| Иван Дамјановски | Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Македонија |
| Гоце Дртковски | Издавачка куќа „Љубовта е петтиот елемент“, Република Македонија |
| Сандра Кољачкова | Фондација „Конрад Аденауер“, Република Македонија |
| Александар Бурка | CIVIC – Институт за меѓународно образование, Австрија |
| Сара Барбиери | Институт за Централна и Источна Европа и Балканот, Италија |
| Дејан Павловиќ | Факултет за политички науки, Универзитет во Белград, Република Србија |
| Жозе Раимундо џе Араужо Карваљо Жуниор | Економски факултет, Сојузен универзитет Сера, Бразил |
| Иварс Ијабс | Факултет за општествени науки, Универзитетот во Латвија, Латвија |
| Лидиа Пука | Полски институт за меѓународни односи, Полска |

**Адреса:**
ФОНДАЦИЈА „КОНРАД АДЕНАУЕР“,
„Ристо Равановски“ 8, МК-1000 Скопје,
Тел.: 02 3217 075 ; Факс: 02 3217 076
E-mail: Skopje@kas.de, Интернет: www.kas.de
ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА “SOCIETAS CIVILIS” СКОПЈЕ, „Крагуевачка“ 2, МК-1000 Скопје Тел./факс: 02 30 94 760, E-mail: contact@idscs.org.mk,
Интернет: www.idscs.org.mk
E-mail: map@yahoogroups.com

**Печат:** Винсент графика
**Дизајн:** Дејан Кузмановски
**Техничка подготовка:** Пепи Дамјановски
**Превод:** Перица Сарџоски, Калина Јанева
**Јазична редакција на македонски:** Елена Саздовска
**Јазична редакција на англиски:** Рајна Кошка

**Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер” и Институтот за демократија „Societas Civilis”, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот. Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија.**

**Година 13, број 50, јуни**
**Скопје 2015**
**ISSN 1409-9853**

**Publisher:** Konrad Adenauer Foundation, Republic of Macedonia

**Founders:** Dr. Gjorge Ivanov, Andreas Klein M.A.

**Politička misla - Editorial Board:**

| | |
|---|---|
| Johannes D. Rey | Konrad Adenauer Foundation, Germany |
| Andreas Klein | Konrad Adenauer Foundation, Germany |
| Vladimir Misev | Societas Civilis Institute for Democracy, Skopje, Republic of Macedonia |
| Nenad Marković | Political Science Department, Faculty of Law “Iustinianus I”, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Republic of Macedonia |
| Ivan Damjanovski | Political Science Department, Faculty of Law “Iustinianus I”, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Republic of Macedonia |
| Goce Drtkovski | “Ljubovta e pettiot element” Publishing House, Republic of Macedonia |
| Sandra Koljačkova | Konrad Adenauer Foundation, Republic of Macedonia |
| Alexandar Burka | CIVIC – Institute for international Education, Austria |
| Sara Barbieri | Istituto per l’Europa Centro-Orientale e Balcanica, Italy |
| Dejan Pavlović | Faculty of Political Science, University of Belgrade, Republic of Serbia |
| José Raimundo de Araújo Carvalho Júnior | Faculty of Economics, Federal University of Ceará, Brasil |
| Ivars Ijabs | Faculty of Social Sciences, University of Latvia, Latvia |
| Lidia Puka | The Polish Institute of International Affairs, Poland |

**Address:**
KONRAD-ADENAUER-STIFTUNG
ul. Risto Ravanovski 8 MK - 1000 Skopje
Phone: 02 3217 075; Fax: 02 3217 076 ;
E-mail: Skopje@kas.de; Internet: www.kas.de
INSTITUTE FOR DEMOCRACY “SOCIETAS CIVILIS” SKOPJE ul. Kraguevačka 2 MK - 1000 Skopje; Phone/Fax: 02 30 94 760; E-mail: contact@idscs.org.mk;
Internet: www.idscs.org.mk
E-mail: map@yahoogroups.com

**Printing:** Vinsent Grafika
**Design:** Dejan Kuzmanovski
**Technical preparation:** Pepi Damjanovski
**Translation:** Perica Serdzoski, Kalina Janeva
**Macedonian Language Editor:** Elena Sazdovska
**English Language Editor:** Rajna Koška

**The views expressed in the magazine are not the views of Konrad-Adenauer-Stiftung and the Institute for Democracy “Societas Civilis” Skopje. They are personal views of the authors. The publisher is not liable for any translation errors. The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities, and foreign representatives in the Republic of Macedonia.**

**Year 13, No 50, June**
**Skopje 2015**
**ISSN 1409-9853**